ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
СЛАВЧО ТОДОРОВ

# НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ

## БК БУЧИМ-ЈАКА Радовиш МАКЕДОНИЈА

ФОНДАЦИЈА
ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
Скопје, 2021



*Гордостасниот џин „Бучим“*

проф. д-р **ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**
**СЛАВЧО ТОДОРОВ**

# НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ

## БК БУЧИМ-ЈАКА Радовиш МАКЕДОНИЈА

Ликовен уредник
*Кочо Фиданоски*

Компјутерска реализација
*Бане Галиќ*

проф. д-р Ванчо Чифлиганец
Славчо Тодоров

**НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ**
**БК *БУЧИМ-ЈАКА* Радовиш**
**МАКЕДОНИЈА**

Издавач
***ФОНДАЦИЈА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ***, Скопје
***www.fondacijacifliganec.org.mk***

За издавачот
***Душко Чифлиганец***
д-р ***Драгана Чифлиганец***

Редакција
д-р ***Даниела Станковска***
***Соња Мацовска***
***Нина Кепеска***

Стручен консултант
***Ненад Павловски***

Фотографии
од архивите на ***Славчо Тодоров***
и ***ФОНДАЦИЈА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ***

Печат
***„Бранко Гапо“, Скопје***

Тираж
700 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

796.8:061.237(497.741)"1962/2012"
796.8:061.237(497.7)(091)

ЧИФЛИГАНЕЦ, Ванчо
Ние сме светски шампиони БК Бучим-Јака, Радовиш, Македонија / Ванчо Чифлиганец, Славчо Тодоров. - Скопје : Фондација проф. д-р Ванчо Чифлиганец, 2021. - 564 стр. : фотографии

ISBN 978-608-66802-0-6

1. Чифлиганец, Ванчо [автор]
а) Боречки клуб „Бучим“ (Радовиш) -- 1962-2012
б) Борење -- Спортски клубови -- Македонија -- Историја

COBISS.MK-ID 55757829

## СОДРЖИНА

**1**

*Аманет со љубов и душа за генерациите* ........ 1
*Зошто оваа книга* ........ 8
КАКО БК „БУЧИМ–ЈАКА“ - РАДОВИШ СТАНА ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОН 1995/1996 ГОДИНА ........ 11

**2**

*Историја на борењето* ........ 15
НАЈСТАРИОТ СПОРТ НА ЧОВЕКОВИОТ РОД *светски борачки легенди* ........ 17

**3**

*Организираното борење во Македонија* ........ 25
ПОЧЕТОЦИТЕ НА ПРВИТЕ АКТИВНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО БОРЕЊЕ ........ 27
*Радовиш* ........ 30
*Без рудник нема борење, без борење нема шампиони!* ........ 35
*Зошто за мене Радовиш е центар на светот?* ........ 36
*Со европската и светската шампионска титула Македонија и Радовиш влегоа во ЕУ и светот* ........ 40
ФИЛАНТРОПИЈАТА И СПОРТОТ: РУДАРИТЕ КАКО ФИЛАНТРОПИ ........ 44
*Борењето е бренд по кој се препознава Радовиш, Македонија* ........ 46
*Борачки клуб „Бучим“ - Радовиш* ........ 48
ПРВ МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „САФЕТ КАСАМИ“ 1970 ГОДИНА ........ 55
БОРАЧКИОТ КЛУБ „РУДАР“ ГО МЕНУВА ИМЕТО ВО „ЈАКА“ - РАДОВИШ ........ 59
*Нешто и за фудбалот* ........ 62
МЕЃУНАРОДНИ ТУРНИРИ ........ 70
*Настан што не треба да се заборави* ........ 104

**4**

*Златната ера на БК „Бучим-Јака“ Радовиш, Македонија* ........ 111
КАКО МАЈСТОРКАТА ГО ОТВОРИ ПАТОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ КЛУПСКИ ШАМПИОНАТ ........ 118
БУЧИМ-ЈАКА НА ЕВРОПСКИОТ ТРОН – 1995 ........ 123

# 5

*Европски шампиони - бура во гледалиштето* ... 129
ВО БУДИМПЕШТА НАШИОТ НАЈТРОФЕЕН СПОРТ ДОЖИВЕА НОВИ ЅВЕЗДЕНИ МИГОВИ ... 131
И ПРЕД БУДИМПЕШТА БЕВ ТЕМПЕРАМЕНТЕН НАВИВАЧ: НАВИВАЊЕТО НЕ Е ШОВИНИЗАМ, ТУКУ ЧОВЕКОЉУБИЕ! ... 136
*Зошто навивам како адреналински зависник?* ... 138
*Ме приведоа во будимпешта затоа што ги мотивирав борачите за да победат!* ... 140
ДОВЕРБАТА НА ФИЛА КОН МАКЕДОНИЈА ... 145
КАКО ТАЈНО ГИ СНИМАВ БОРАЧИТЕ НА „ТЕДАШ" ВО АНКАРА, ТУРЦИЈА ... 146
ЕВРОПСКО КЛУПСКО ФИНАЛЕ ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ БК „БУЧИМ-ЈАКА" - РАДОВИШ, МАКЕДОНИЈА – БК „ТЕДАШ" - АНКАРА, ТУРЦИЈА ... 147
*Мотивот Глигоров* ... 170
XX МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" 1996 ... 147
„Бучим-Јака" првпат на Олимписки игри ... 178

# 6

*Светски клупски шампиони во борење, злато за „Бучим-Јака" и за Радовиш, Македонија* ... 181
КОЛКУ Е ГОЛЕМА МАКЕДОНИЈА? ... 184
СВЕТСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОНАТ 1996 ... 186
ПРВ ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП ВО БОРЕЊЕ - СЛОБОДЕН СТИЛ ... 191
РАДОВИШ, ШАМПИОНСКИ ГРАД „БУЧИМ-ЈАКА", МАКЕДОНИЈА СВЕТСКИ ШАМПИОНИВО БОРЕЊЕ – 1996 ... 191
СВЕТСКО КЛУПСКО ФИНАЛЕ ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ БК „БУЧИМ-ЈАКА" - ЕВРОПА – „ДЕЈВИД ШУЛЦ" - АМЕРИКА ... 200
РЕКОА ЗА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ КЛУПСКИ ШАМПИОН „БУЧИМ-ЈАКА" И ЗА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ... 240
КАКО ПОТОА УШТЕ ЕДНАШ СТАНАВ ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ ШАМПИОН НО ПОДОЦНА И ВО БИЗНИСОТ ... 264
КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ – 1997 ... 266
*Проф. д-р Ванчо Чифлиганец, говори на отворањето на реванш натпреварот меѓу борачките екипи „Атлас" од Грција и „Бучим-Јака" од Македонија одржан во градот Ираклион, на островот Крит* ... 278
*Натпреварот во Ираклион, на островот Крит беше круна на сите победи што ги извојува БК „Бучим-Јака" од Радовиш* ... 280
РАДОВИШ - МАКЕДОНИЈА, ЦЕНТАР НА СВЕТСКОТО БОРЕЊЕ ... 293
ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ – 1998 ... 293
XXIV МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" – 2000 ... 308
XXVII ОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО СИДНЕЈ – 2000 ... 312
XXVI МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" – 2002 ... 316
XXXI МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" – 2007 ... 322
XXXVI МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" – 2012 ... 326
XXXIX МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР" – 2015 ... 334
МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО БОРЕЊЕ ТРОФЕЈ – БОРАЧКИ ЛЕГЕНДИ, РАДОВИШ, 2021 ... 343
БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ВО КАДЕТСКА И ПИОНЕРСКА КОНКУРЕНЦИЈА ВО КСАНТИ, ГРЦИЈА ... 354

# 7

*Настапи на „Бучим-Јака" низ годините* ... 359

# 8

*Дел од незаборавните имиња на борењето во Македонија* ... 435
БОРАЧИ ... 436
ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА КЛУБОВИТЕ ... 504
СЕКРЕТАРИ ... 511
ЛЕКАРИ ... 512
НОВИНАРИ ... 513
ТРЕНЕРИ ... 514
СУДИИ ... 520
БОРАЧИ КОИ ОСТАВИЈА ТРАГА ОД СТРАНСТВО И ДРУГИ КЛУБОВИ ... 525
МЕЃУНАРОДНИ НАСТАПИ НА БОРАЧИТЕ НА *РУДАР, ЈАКА, БУЧИМ* ... 526

*Порака до младите* ... 554

**М**ОНОГРАФИЈАВА ја посветувам на мојата земја Македонија, за нејзиниот триесетти роденден од самостојноста!

**ЈА ПОСВЕТУВАМ** и на шеесетгодишнината од почетокот на организираното борење во Радовиш, преку клубовите: *Партизан*, *Рудар*, *Бучим-Јака*, сега *Бучим*.

**ЈА ОСТАВАМ** како траен споменик на големиот успех, кога пред дваесет и пет години БК *Бучим-Јака* од Радовиш, Македонија, ја освои светската клупска шампионска титула на Првиот интерконтинентален куп во 1996 година, во клупско борење слободен стил, како и на освоената европска шампионска титула во 1995 година.

**ЈА ОБЈАВУВАМ** во чест на сите оние кои во изминативе 60 години биле ангажирани и се вградиле себеси во успесите на радовишките борачи. Сакав да им се споменат имињата на сите оние кои дале свој придонес низ годините наназад, да не се заборават тие големи луѓе, зошто живееме во време во кое почесто заборавaме отколку што помниме и споменуваме.

**НЕКА БИДЕ** оваа книга писмен запис, сеќавање на спортистите - учесници, но и на сите спортски и општествени работници, креатори на високите резултати на македонското борење, и нека борачите од Радовиш бидат поттик за идните генерации.

**СО ОНА ШТО Е ПИШАНО ОВДЕ** сакам да им оддадам достојна почит и благодарност на сите: борачи, тренери, спортски работници, лекари, спонзори, поддржувачи, навивачи, новинари, граѓани од Радовиш и од Македонија, но најголема благодарност им искажувам на вредните рудари од рудникот *Бучим*. Тие ја покажаа својата хуманост, со тоа што дел од трудот на своите силни раце, години наназад му го подаруваа на БК *Бучим*. Тоа беше предусловот за потоа да се создаде јасна визија, и со знаење и умешност Радовиш и Македонија да се искачат на шампионскиот трон, освојувајќи ја европската клупска титула во 1995 година, а следната 1996 година, да стапнат и на светскиот трон.

**МОНОГРАФИЈАВА** е замислена како хронологија на најтрофејниот македонски спорт - борењето и на клубот БК *Бучим-Јака* од Радовиш, како сведоштво дека секој сон е остварлив, за да биде поттик за сегашните и за идните генерации: да си поставуваат високи цели, да работат посветено на нивно остварување, да го живеат својот најхрабар сон и да сведочат дека не постои невозможно.

**МОЖЕВМЕ НИЕ, МОЖЕТЕ И ВИЕ**!

проф. д-р *Ванчо Чифлиганец*

# 1.

# Аманет со љубов и душа за генерациите

**НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ!**

И тоа е вистина.

Слоганот **САМО ДЕЛАТА СЕ ВИСТИНА** е еден од моите генетски кодови наследен од предците, кои ме научија дека човек, додека е на овој свет, ако не остави зад себе дела - како да не оставил ништо, и како да ја пишувал историјата на својот народ со безбојно мастило.

Оттаму потекнува целиот мој креативен порив, творечката енергија во професионалните потфати кои ги насочив кон јакнење на македонската економија и стопанските субјекти, македонскиот спорт, образованието, културата, законодавството... трудејќи се целиот мој живот да биде предводен од слоганот **САМО ДЕЛАТА СЕ ВИСТИНА** како сведоштво за нашето постоење.

Стојам, и останувам доследен на ова сведоштво кое зрачи опточено со златен сјај.

Таквата генетска особина што се потпира на градење, на ѕидање дела, на создавање вредности, на вградување себеси во историјата на родот преку подвизи е единственото нешто во што верувам, затоа што **ЗНАМ**:

- **ВИСТИНА Е** дека станав најмлад дипломиран инженер, а подоцна и најмлад магистер и доктор по геолошки науки на Белградскиот универзитет;
- **ВИСТИНА Е** дека станав најмладиот директор на еден стопански гигант каков што беше рудникот „Бучим", Радовиш;
- **ВИСТИНА Е** дека го наследив рудникот „Бучим" во долгови и го препородив во најперспективна компанија во Македонија, без долгови и со резерви колку за две години да не работи, а да има плати за сите вработени и повторно да биде со позитивен биланс;
- **ВИСТИНА Е** дека вредните и хумани рудари примаа тринаесет плати во годината и не само тоа;
- **ВИСТИНА Е** дека децата на рударите добиваа стипендии за време на школувањето;
- **ВИСТИНА Е** дека рударите поседуваа сопствен хотел за одмор и рекреација во Дојран;
- **ВИСТИНА Е** дека за рударите изградивме современа сопствена медицинска установа;
- **ВИСТИНА Е** дека вредните и хумани рудари не живееја само за себе туку ја помагаа Општината Радовиш и месните заедници во спортот, културата, инфраструктурата...
- **ВИСТИНА Е** дека изградивме и современ спортско-рекреативен културен центар „Шампионче", со базен за деца и олимписки базен за возрасни. Името „Шампионче" центарот го доби по борачките легенди од БК „Бучим" Радовиш, Р. Македонија, кои станаа клупски европски и светски шампиони во борење, слободен стил;
- **ВИСТИНА Е** дека изградивме современа фабрика за златен накит и дијаманти „Голдмак" во Радовиш, каде што се изработуваа медалите за нашите и за спортистите од целиот свет;
- **ВИСТИНА Е** дека по златната деценија на „Бучим" на чие чело се наоѓав ја основав градежната компанија „Адора инженеринг";
- **ВИСТИНА Е** дека „Адора инженеринг" стана лидер во високоградбата во регионот;
- **ВИСТИНА Е** дека со „Адора инженеринг" за успешно работење се стекнав со десетина интернационални и стотина национални признанија;
- **ВИСТИНА Е** дека во 2012 година, во Виена, бев прогласен за најдобар европски менаџер, а „Адора инженеринг" за најдобра градежна компанија;
- **ВИСТИНА Е** дека „Адора инженеринг" е препознатлива филантропска компанија во Македонија и во регионот;
- **ВИСТИНА Е дека за овие шеесет години постигнати успешни резултати во борење, радовишките борачи пролеаја 650 000 литри пот.**

Затоа, сега, во овој миг, се чувствувам пресреќен што уште еднаш имам можност моите **РАДОВИШКИ** и **МАКЕДОНСКИ БОРАЧИ** кои станаа ***ЕВРОПСКИ*** и ***СВЕТСКИ ШАМПИОНИ***, да ги овековечам со записите приложени во оваа монографија, заедно со коавторот Славчо Тодоров кој беше и спортист - борач.

И, еве сум, јас - Ванчо Чифлиганец повторно нурнат во длабочините од минатото во потрага, ако е можно да најдам одговор на две прашања:

**КОЛКАВА Е** тежината на излеаната пот од многубројните тешки борачки борби за да застанат на трофејниот пиедестал нашите златни борачи кои станаа светски шампиони!?

**КОЈА Е** вистинската бројка на моите ноќни мори и на многумина од бучимските борачи, предизвикани од тежината на силните очекувања и надежи во тие многубројни неизвесни и тешки борачки борби!?

- **НАЈГОЛЕМА ВИСТИНА** за Македонија е дека мојот детски спортски сон заедно со борачите го претворивме во колективна - национална реалност, со тоа што БК „Бучим" - Радовиш, Македонија стана првиот клупски европски и светски шампион во борење, слободен стил.

Скопје, декември 2021 — проф. д-р Ванчо Чифлиганец

Хиперенергичниот Радовишанец, чија прва и голема љубов беше **БУЧИМ** - Човекот којшто умееше да ги разоткрие, забразди и промовира вистинските вредности во својата средина е личност обдарена со исклучителна творечка дисциплина. **ТВОРЕЦ**, подготвен да се соочи во секој миг со најсложени потфати. Затоа, за да ги „армирам“ овие кратки, но драгоцени констатации потребно е да ги дополнам со уште едно значајно дообјаснување: *рудникот **БУЧИМ** му беше неговиот прв дом!*

Но, ако „Бучим“ му е првата голема љубов - истиот, рудникот „Бучим“ му е првиот негов дом, *тогаш што му е **МАКЕДОНИЈА**?!*

Одговорот на ова прашање е поврзан со една од приложените фотографии на кои Ванчо Чифлиганец е во друштво со синот Душко и најмладите борачки шампиони (пионери) од Радовиш.

Текстот што следи, а се однесува на Македонија (иако е надвор од основната тема на монографијава) е прилог на проф. д-р Ванчо Чифлиганец кој датира од пред повеќе години, кој и ден денес е сè уште актуелен:

*Нека се шири духовноста, нека излезе чистотата на нашата човечност, скриена под тешкото бреме на лагата, лицемерието, политиканството... Во суровата потрага по животна егзистенција, по пари и превласт, во економската и кризата на вистинските вредности, со што денес се соочува светот и човекот, да си ги измиеме гревовите, зашто пред сè духовното, а не само материјалното, може да го спаси човештвото. Да нè направи луѓе, да нè очовечи, за да не заборавиме кои сме и што сме. Време е уште еднаш, и сега најмногу, кога повторно по којзнае кој пат се докажуваме кои сме, кога го браниме идентитетот и атрибутите на државата, нацијата и јазикот, цврсто да се потпреме на духовноста и верата, каде што сме најсилни, најбогати, најдокажани, најдревни. Македонија е библиска земја. Била и ќе биде. Тогаш, ние, нејзините сегашни жители, потомци на бројните генерации Македонци и предци на некои нови поколенија кои ќе продолжат да чекорат на ова македонско парче земја под сонцето, треба да се разбудиме од сонот и да се запрашаме: **Што треба да ни биде прозорец во животот**? Материјалното, по кое трчаме секојдневно, или заедништвото, поттикнато од духовната возвишеност, каде универзалните и вистински човечки вредности се над сè и ни го покажуваат патот кон избавувањето и посветлата иднина.*



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО СВОЈОТ СИН ДУШКО ЧИФЛИГАНЕЦ НА ЕДЕН ОД МНОГУБРОЈНИТЕ БОРАЧКИ НАТПРЕВАРИ



ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО ПИОНЕРИТЕ-ШАМПИОНИ НА БК „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ





ГЛЕТКА НА СВЕТСКИОТ ГРАД ВО БОРЕЊЕ РАДОВИШ КАДЕ МЛАДИТЕ БОРАЧИ ГИ ПОКАЖУВААТ СВОИТЕ ВЕШТИНИ НА СТРУЊАЧАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ



Врвните успеси постигнати во најелитниот македонски спорт - борење-то ги инаугурираа македонските борачи да се издигнат до највисоките светски пиедестали: *олимписки, светски, европски, меѓународни, интерконтинентални, регионаални, меѓурепублички и домашни* успеси што се потпираат на најуниверзалните човекови вредности: *хуманизмот, толеранцијата и рамноправноста*.

Покрај тоа, борачкиот спорт опстојува на нашите простори и се негува со исконска традиција која датира од почетоците на човековиот род. Затоа, како учесник и сведок на големите настани кога триумфираше овој македонски спорт одлучив со објавувањето на оваа монографија да ги оттргнам од заборав големите успеси на нејзините: *борачки клубови, борачи, тренери, судии, спортски работници и сите други чинители кои дадоа придонес во развојот на овој најтрофеен спорт во Македонија*.

Неспорно е да предочам дека значаен фактор за успешното воздигнување и големиот исчекор што се случи во овој спорт се должи на одговорниот професионеален, стручен и креативен пристап, особено кога се работеше во средина со индивидуалци од различни мултиетнички заедници со што природно дојде до успешен спој на тие ентитети. Во една таква мултиетничка средина, којашто се потпираше на основните психофизички квалитети и индивидуални вредности, се создаде успешна спортска клима со која се надминаа сите етничко-национални прагми. Со самото тоа, ние уште во тој период го афирмиравме сегашното светско гесло RESPECT (збор со точно утврденото значење: *почит, углед, чест, уважување, внимание, достоинство и др.*).

Ете затоа, неодминливи се овие бројни успеси постигнати во македонскиот спорт - борењето и испишани на страниците на оваа монографија, како што се бројни имињата на сите овие врвни и заслужни спортски дејци, па во нивно име со громогласен извик ќе го соопштам насловот:

„НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ"!

Всушност низ ехото на овој громогласен одек вибрираат сите борачки победи од нашиот спортски клуб „Бучим-Јака" од Радовиш, кој од тие мигови кога ја доживуваше ГОЛЕМАТА СВЕТСКА СЛАВА ја промени позицијата на нашата мала држава Македонија, сегашна Република Северна Македонија на светската карта и оттогаш таа не беше повеќе TOPOS MUNDI - туку ШАМПИОНСКА ДРЖАВА, или како што честопати милував да кажам, мојата земја ја именував: ЗЛАТНА МАКЕДОНИЈА!

# *Зошто оваа книга*



СЛАВЧО ТОДОРОВ

Кога заедно со проф. д-р Ванчо Чифлиганец се соочив со предизвикот да учествувам во реализацијата на овој значаен проект, монографијата НИЕ СМЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ „Бучим-Јака“, Радовиш верував дека тоа ќе биде исклучителен настан, бидејќи соочувањето со толку изобилен медиумски и печатен материјал од спортски настани за мене ќе претставува најдрагоцената и најпосакувана комуникација со најистакнатите спортски работници и проследувачи од сите сфери на општествениот живот во Македонија кои оставиле значајни сведоштва за борењето. Бев почестен што имав можност оваа монографија да ја работам заедно со проф. д-р Ванчо Чифлиганец, кој ми даваше посебна инспирација.

Со издавањето на оваа монографија ќе се заокружи мојот сон поврзан со љубовта кон борачкиот спорт и Борачкиот клуб „Бучим-Јака“ кога уште како дете бев дел од пионерската борачка школа на клубот, кога „Бучим-Јака“ стана европски и светски шампион во 1995 и 1996 година. Им се восхитував на големите борачки мајстори кои доаѓаа во Радовиш (Трстена, Ибрагимов, Саитиев, Верхушин, Куртанидзе, Модосјан, Голубовски, Хагуров, Богиев, Пенев, Агаев, Демири, Жилцов и други).

Роден сум на 1.1.1984 година во Радовиш, завршив Филозофски факултет на Катедрата по историја во 2008 година, а денес сум на постдипломски студии на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Со борење почнав да се занимавам во 1993 година на деветгодишна возраст, кога на општинскиот натпревар го освоив првото место. Подоцна станав четири пати државен првак на Македонија, 1997, 1998 и 1999 година (пионери) и во 2003 година (јуниори). Настапував и на неколку турнири за репрезентацијата на Македонија. За првиот тим настапував од 2003 година па сè до 2013 година, освојувајќи две екипни шампионски титули во 2004 и 2013 година. Последниот настап како натпреварувач ми беше на светското





првенство во Самбо во Казабланка - Мароко во 2015 година, каде што го освоив 7-то место од 20 натпреварувачи.

Од 2013 до 2017 година бев секретар на Борачкиот клуб „Бучим“ од Радовиш и вклучен во повеќе тела на Борачката Федерација. Од 2014 година до денес сум генерален секретар на Самбо федерацијата на Македонија.

Оваа монографија немаше да го достигне овој обем доколку не се создадоа услови за една ваква пригода *да им се оддаде почит на сите претходни борачки генерации со сите свои потребни субјекти без кои не ќе можеше да функционира овој спорт.*

Во мојата меморија остана длабоко врежана златната деценија на борачкиот клуб „Бучим-Јака“ од Радовиш, 1990 – 2000 година, деценија во која бев активно вклучен во овој спорт како борач, натпреварувач и тренер, а сега во овој случај, аналитичар и пишувач за македонското борење.

Една од клучните методолошки претпоставки за големите успеси во овој спорт се должеше и од потребата за ангажирање на еминентни тренери и борачи независно од тоа дали се домашни, или се со странско потекло. Благодарение на ангажманот на еминентни борачи и тренери од светски ранг и големата финансиска поддршка на БК „Бучим-Јака“ од страна на рудникот „Бучим“ и пред сè од заложбите на креативниот визионер, менаџерот на БК „Бучим-Јака“ Ванчо Чифлиганец, кој не штедеше и непосредно, најпрофесионално учествуваше во реализацијата на најголемите успеси се случи ЗЛАТНАТА ДЕЦЕНИЈА на македонското клупско борење. Без него, без Ванчо Чифлиганец не ќе постоеше овој светски успех и овој обемен творечки материјал, а ниту пак средства за печатење на оваа монографија.

Сакам да му се заблагодарам на Ванчо што имав среќа - заеднички да ги обработиме и автентично презентираме овие материјали вградени во монографијава, материјали што ги собирав, проучував и „љубоморно“ ги чував повеќе од 25 години. Покрај тоа, сакам посебно да истакнам дека Ванчо ми беше најдобриот учител не само во борењето туку од него учев и како да спортувам, како да раководам со моите спортски и други животни ангажмани и како да ги откривам најдобрите и најуспешни личности, со еден збор *тој ми беше и е водилка во мојот тогашен и сегашен живот!*

*На крајот од моево обраќање потребно е да појаснам дека сите учесници што се застапени во оваа монографија поврзани се со развојот и растежот на Борачкиот клуб „Бучим-Јака“ од Радовиш. Доколку, случајно сум изоставил некого, тоа е ненамерно и длабоко се извинувам.*



*Ванчо Чифлиганец*

*Борачката кариера ја започнува на 12 годишна возраст во борачката школа „Рудар“ од Радовиш. Паралелно со борењето учел, помагал во земјоделските работи и пред сè тренирал. Првата победа ја остварил на пионерските општински натпревари за борење до 27 килограми со противник кој тежел 36 килограми. Во 1969 година кога бил осмо одделение, од клубот бил испратен на подготовки во Дојран заедно со другите најдобри борачи, што говори за неговиот огромен талент. На овие подготовки Ванчо бил најмладиот борач, со само 42 килограми. Но кога почнал да се истакнува неговиот талент и на душекот, тој бил повикан во првиот тим, во најлесната категорија до 48 килограми. По напорните тренинзи и многу други значајни откажувања резултатите не изостанале. Во сезоната 1968 година станал пионерски шампион на Радовиш и вицешампион во Македонија, во категорија до 42 килограми.*

*Подоцна, во 1972 година станал младински шампион на Република Македонија во категоријата до 57 килограми, кога бил повикан да земе учество и во Македонската младинска репрезентација (1973 година). Младински шампион на Република Македонија и на СФР Југославија станал во категоријата до 62 килограми.*

*Ванчо Чифлиганец го има освоено и првото место на Меѓународниот турнир „Сафет Касами“ во 1971 година. Тој, како успешен првотимец на БК „Рудар“ - Радовиш, бил наградуван и испратен да присуствува на младинската Балканијада во борење во Бургас 1971 година и на Светското првенство во Софија, Р. Бугарија.*

# КАКО БК „БУЧИМ–ЈАКА“ - РАДОВИШ СТАНА ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОН 1995/1996 ГОДИНА

*Сеќавање на проф. д-р Ванчо Чифлиганец*
*Председател на СБСМ*
*и на Организациониот одбор (1989-1999)*

Како сите деца и јас мечтаев, сонував, посакував, но не што сакам да бидам кога ќе пораснам, туку на утринските футинзи и тренинзи ги замислував Радовиш и Македонија, како домаќини на врвни Светски спортски натпревари, а ние борачите на БК „Рудар“ - Радовиш, како освојувачи на Светската шампионска клупска титула во борење слободен стил. Еден ден, тренерот ме праша што сум толку замислен? Мислам дека кажав: ако може Барселона, Интер и Црвена Звезда да бидат шампиони зошто и ние од БК „Рудар“ - Радовиш и Македонија да не можеме да освоиме златни медали на некој светски натпревар.

Другите спортисти слатко се изнасмеаја; наивно било и да помислам а не па да се занесам од таквата неостварлива желба, бидејќи Македонија била многу мала за да се искачи на светскиот спортски трон. Откако заврши тренингот, останав засрамен од својата детска желба, но не ја заборавив.

На тоа се потсетив, на почетокот на деведесеттите години од минатиот век, кога бев избран за генерален директор на Рудникот за бакар „Бучим“ - Радовиш. Тогаш заедно со тимот, почувствував дека можеме да создадеме услови и да ја реализираме дамнешната желба. Донесовме одлука и започнавме да инвестираме во спортовите во Радовиш (вкупно 9), се разбира најмногу во борењето. Со другарите, со поранешни спортисти, љубители на спортот, со плејада ентузијасти, како и спортски работници од Бучим, Радовиш, со поддршка од институциите, спортските експерти од државата и светот се обединивме и започнавме да работиме несебично во новооснованиот Организационен одбор. Најпрво го зајакнавме БК „Бучим-Јака“ - Радовиш. Иако не

бевме сите со подеднакво изграден спортски дух, за среќа бевме доволно млади и борбени за да не се штедиме, да работиме за напредокот на борењето и спортот. Кога веќе создадовме услови за квалитетно практикување на професионални тренинзи, со перманентна грижа и ангажман ги одбравме и подготвивме најдобрите македонски борачи. Тие пак почнаа да нѝ возвраќаат најпрво со освојување титули на домашни натпревари, па на сениорските, јуниорските, кадетските натпревари, а во 1995 година го освоивме Европскиот шампионски куп.

Набрзо, кога го подигнавме нивото на натпреварувачкиот предизвик судбината нѐ однесе најдалеку. Имено на состанокот на Светската Борачка федерација (FILA) што се одржа на Олимпијадата во Атланта 1996 година, јас, проф. д-р Ванчо Чифлиганец, Претседател на Борачката федерација на Македонија поднесов официјално барање, градот Радовиш од Македонија да биде домаќин на СВЕТСКИОТ КЛУПСКИ НАТПРЕВАР ВО БОРЕЊЕ. Ова барање беше поддржано и одобрено од сите 186 членки на борачките федерации.

По три месеци (8-10 ноември 1996 година) БК „Бучим-Јака“ - Радовиш доживеа да биде домаќин на најдобрите светски борачи и во градот да се собере целокупната светска борачка елита.

Натпреварите се одржаа во Спортскиот центар „25 мај“ пред 6000 гледачи, во атмосфера со дотогаш невидена навивачка еуфорија низ која македонската борачка екипа се искачи на највисокиот борачки трон: освојувајќи го ПРВОТО МЕСТО го освои ЗЛАТНИОТ МЕДАЛ и стана СВЕТСКИ ШАМПИОН во клупско борење-слободен стил.

Не можат да се избришат сеќавањата од овие настани што се случија во нашиот ШАМПИОНСКИ ГРАД РАДОВИШ кога паднаа на колена најпознатите светски клубови-шампионите во борење – слободен стил од Азија, Америка и Африка.

Но има уште нешто: да учествуваш или да бидеш сведок, па дури и навивач кога некој заслужил да биде воздигнат на највисокиот светски трон, притоа овенчан со златен медал – има ли нешто во животот посилно од тоа? На врвот си, а светот нѐ гледа! Да, тоа е круната на оние фантазерски глави кои се стремат и водат кон највозвишените спортски достигнувања.





И да не заборавиме, врвните спортисти што се искачиле на највисокиот трон поседуваат една чудесна моќ, да заборават:

- На многубројните непреспиени ноќи
- На секојдневните макотрпни откажувања
- И на огромните психофизички напори и на секојдневните тешкотии и нервози.

Има големи срца и храбри и надарени личности подготвени да се изборат, да се издвојат со силно изградени човекови пориви, личности со знаење и упорност, личности што се мотивирани да ги дофатат највисоките дострели. Со постигнатите резултати докажавме дека секој може да успее доколку ја препознае целта и ако работи посветено и непоколебливо, не само во спортот туку и во други области во животот: образованието, кариерата, семејството, и се разбира, во сите други можни и достапни човекови предизвици. На тој начин, малиот град Радовиш од Библиската земја Македонија стана *СВЕТСКИ ШАМПИОН* во борење и учител за успех на сите полиња на животот ва Македонија воопшто.

- **ТИТУЛАТА БЕШЕ** *плод на еден голем сон, остварен со упорна работа, создадени квалитетни спортски творечки услови поткрепени со стекнати знаења и богато професионално искуство. Тоа подразбираше многубројни контакти со најпознатите освојувачи на врвни титули во овој спорт и пред сѐ учества и посети на Европските и Светските шампионати како и контакти со Интернационалните организации FILA и CELA.*

Во оваа пригода кога е потребно е да се запаметат објективните траги од најзначајните настани за нашата млада држава Македонија, ми се пружа прилика да им се заблагодарам на сите учесници кои на свои плеќи го понесоа „товарот“ на шампионскиот трон. Затоа, Тие, победниците, сега се златните камчиња од монументалниот мозаик на борењето – најтрофејниот македонски спорт! Тука во тој „мозаик на борењето“ припаѓаат и сите други субјекти: вљубеници и навивачи во борачките вештини.

Со овој пример, освојувањето на златниот трофеј во светското клупско борење, сакам да им укажам на сегашните и на идните македонски спортисти да се впуштат смело во остварување на нивните соништа!

Поракава, дека е сè остварливо доколку се одработи посветено и професионално, укажува на тоа дека никој не е привилегиран во натпреварувањата за освојување на најзанчајните трофеи и награди. Напротив, обичните луѓе од крв и месо не значи дека се аутсајдери ако се обдарени со смелост, храбро срце, неуморна борбеност и издржливост. Затоа: сонувајте • верувајте • бидете издржливи • можете и вие да бидете идниот Трстена, Шоров, Сејди, Филков-Јованов, Соколов, Анчев, Калајџиев, Танчев, Спасов, Димков, Николов, Лазаров, Т. Ангелов, Костадинов, Вучков, Атанасов, Д. Ангелов, како и сите спортисти - борачи кои учествуваа во освојувањето на првата европска и светска клупска шампионска титула на БК „Бучим-Јака" од Радовиш.



# 2. Историја на борењето



БОРЕЊЕ,
РИМСКА РЕПЛИКА ОД ГРЧКА СКУЛПТУРА,
МЕРМЕР

# НАЈСТАРИОТ СПОРТ НА ЧОВЕКОВИОТ РОД

## *светски боречки легенди*

Првите вистински траги за развој на борењето датираат од времето на Сумерите, пред 5000 години. Тоа е епот за Гилгамеш напишан со клинесто писмо, скулптурите и ниските релјефи како и бројните археолошки извори во кои се прикажани првите натпревари. Исто така, постојат многу историски и археолошки траги од борење во древните египетски споменици. Меѓу нив, вреди да се споменат особено ѕидните цртежи откриени во гробниците на Бени-Хасан на кои се претставени 400 двојки на борачи. Овие цртежи, како и многу други наоди, се сведоци за постоењето на борењето во древниот Египет.

За нив, борењето претставувало божествена дисциплина, и тоа ја исполнувало најзначајната улога во обуката на најмладите мажи. Спортистите се бореле голи, додека нивните тела биле премачкани со маслиново масло и обложени со слој од многу тенок песок, за да се заштити кожата од сонце или од студ во текот на зимата. Натпреварувачот кој прв ќе го фрлел својот противник или прв ќе го соборел на грбот, колковите, градите, колената и лактите - бил прогласуван за победник.

За време на античките Олимписки игри, од 708 п.н.е. борењето била одлучувачка дисциплина во петтобој. Всушност, тоа било последната дисциплина, по фрлање диск, копје, скок во далечина и трчање.

Борењето во римскиот период се развивало врз основа на етрурските традиции и со извесна реставрација на грчките олимписки игри. Борењето бил омилен спорт на млади аристократи, војници и овчари.

Во 1896 година, Олимписките игри се повторно воспоставени од страна на баронот Пјер де Кубертен. По создавањето на Меѓународниот олимписки



БАРОНОТ ПЈЕР ДЕ КУБЕРТЕН


КАРЛ ШУМАН

комитет во 1894 година, развојот на нови меѓународни спортски федерации и олимписки комитети се забрза. Првиот Олимписки конгрес се одржал во 1894 година во „Сорбона“ кога се одлучило кои десет спортови ќе бидат дел од Олимписката програма, меѓу кои било застапено и борењето. За време на турнирот во борење во Атина, немало тежински категории и сите пет натпреварувачи се бореле според правилата во грчко-римски стил. Натпреварите траеле додека еден од конкурентите не победи. Било дозволено да се прекине и да се продолжи со натпреварите следниот ден. Првиот олимписки шампион бил германскиот спортист Карл Шуман.

Професионалното борење започнало во Франција околу 1830 година, со борачи кои немале пристап до борачката елита, организирани како патувачки групи низ Франција, да го демонстрираат својот талент. Француското влијание се проширило и на Австро-унгарската империја, во Италија, Данска и во Русија а новиот стил егзистирал под името грчко-римски стил, класично борење или француско борење, со што професионалните натпревари во борење се организираат насекаде во Европа со променливи програми и правила за конкуренцијата, во согласност со вкусот на борачите, на менаџерите и на публиката. Во 1898 година, Французинот Пол Понс бил првиот професионален светски шампион пред полјакот Владислав Питлазински. Меѓу други познати шампиони биле, турскиот борач Кара Ахмед, бугарскиот борач Никола Петров (лавот на Балканот), или рускиот борач Иван Подубни (шампион над шампионите).


ПОЛ ПОНС






ВЛАДИСЛАВ ПИТЛАЗИНСКИ


КАРА АХМЕД


НИКОЛА ПЕТРОВ


ИВАН ПОДУБНИ

Во 1904 година, борењето во слободен стил за прв пат е воведено на Олимписките игри во Сент Луис. Тоа се случи во текот на шетвртите олимписки игри одржани во Лондон во 1908 година, кога се организирани натпревари во двата стила. Во Стокхолм, На Олимписките игри во 1912 година, борењето во слободен стил повторно беше отсутно од програмата, а беа организирани и glima натпревари (Исланд борење). Тие натпревари се одржаа на три душеци на отворено и траеја еден час, но финалистите се бореа без ограничување на времето. Натпреварот во кој се соочиле финскиот борач Алфред Јохан Асикаинен и Русинот Мартин Клајн траел 11 часа и 40 минути и е запишан во Гинисовата книга на рекорди. Двата борачи, со истиот резултат, беа



АЛФРЕД ЈОХАН АСИКАИНЕН И МАРТИН КЛАЈН



КЛАС ЈОХАНСОН



ИБРАХИМ МУСТАФА



ШОХАЧИ ИШИИ

одделени во два периоди во траење од три минути на теренот. Русинот конечно бил поразен од Финецот кој тежел 8 килограми (17,64 lbs) повеќе. Исцрпен од овој натпревар, Мартин Клајн не можел да го победи шведскиот борач Клас Јохансон кој го освоил златниот медал за 75 килограми (165,35 фунти).

По создавањето на Меѓународната борачка федерација, борењето се развива во секоја земја. И додека во земјите од Северна Европа продолжува да се практикува монополот на грчко-римскиот стил, борењето во слободен стил во голема мера беше доминантно кај Англичаните и Американците. Во Амстердам, во 1908 година, египетскиот борач Ибрахим Мустафа беше првиот африкански борач кој ја освои олимписката титула. Јапонскиот







МИЛАИН ЛОПЕЗ



АЛЕКСАНДАР МЕДВЕД



БРАНИСЛАВ СИМИЌ



ВЛАДО ЛИСЈАК

борач Шохачи Ишии е освојувач на првата титула во Азија на Олимписките игри во Хелсинки во 1952 година. Бројни легенди ја популаризирале историјата на борењето во целиот свет и невозможно е тие да се именуваат. Сепак, повеќе борачи имаат големо значење во промените на историјата на модерните Олимписки игри со освојување на олимписки титули: шведскиот борач Карл Вестергрин (грчко-римски стил во 1920, 1924 и 1932 година), рускиот борач Александар Медвед (борење слободен стил во 1964, 1968 и во 1972 година). Тука спаѓаат и Бранислав Симиќ, југословенски борач од Србија, освојувач на златен медал на Олимписките игри во Токио (1964 година) и југословенскиот борач Владо Лисјак од Хрватска, исто така освојувач на златен



ШАБАН ТРСТЕНА



АЛЕКСАНДАР КАРЕЛИН



БУВАИСАР САИТИЕВ



ВАЛЕНТИН ЈОРДАНОВ

медал во Лос Анџелес (1984 година). Треба да се споменат и рускиот борач Александар Карелин (во 1988, 1992 и 1996), Бувaисар Саитиев (1996, 2004, 2008 во слободен стил) и бугарскиот борач Валентин Јорданов кој е носител на златен медал на Олимписките игри во 1996 година, како и на многубројни златни, сребрени и бронзени медали на меѓународни турнири. Милаин Лопез (2008, 2012, 2016 и 2020) е еден од најсупешните борачи на сите времиња. Кон оваа плејада треба да се придружи и македонскиот олимписки победник Шабан Трстена во 1984 година. По добивањето на третата титула, Александар Карелин одлучил да ја освои и четвртата титула на Олимписките игри во Сиднеј







ДАВОР ШТЕФАНЕК



ДЕЈАН ГЕОРГИЕВСКИ

во 2000 година, но на општо изненадување, тој бил поразен од страна на американскиот борач Рулон Гарднер. Во 2002 година, за време на Светското првенство во Москва, ФИЛА ги награди со титула најдобри борачи на векот двајцата руси: Александар Медвед (за борење слободен стил) и Александар Карелин (за грчко-римски стил), доделувајќи им златен ѓердан на ФИЛА, награда обично резервирана за шефови на држави.

Не треба да се заборави ниту српскиот реперезентативец во борење, грчко-римски стил Давор Штефанек и освојувач на златен медал на Олимписките игри во Рио де Женеиро во 2016 година, како и носител на многу други значајни меѓународни трофеи. Македонскиот борач во теквондо Дејан Георгиевски го освои сребрениот медал на Олимписките игри во Токио одржани во 2021 година.

Сто години по воведувањето на борење во слободен стил во олимписката програма, на Олимписките игри во Атина во 2004 година од страна на Меѓународниот олимписки комитет, а со цел за воспоставување на еднаквост во спортот, се озакони новата олимписка дисциплина (женско борење).

Денес веќе борењето има ново руво. Место старото име FILA, Светската борачка федерација се трансформира во United World Wrestling (UWW) по барање на Интернационалниот олимписки комитет, со цел модернизација и зачувување на борењето како олимписки спорт.

# 3.

# Организираното борење во Македонија



СПОРТОТ Е ЕДИНСТВЕНАТА ЧОВЕКОВА АКТИВНОСТ ВО КОЈА ДОАЃААТ ДО ИЗРАЗ *ВИТЕШКАТА БОРБА, ДОСТОИНСТВОТО И ПРАВДОЉУБИВОСТА* СЕКОМУ СПОРЕД ДОСТИГНУВАЊАТА

ПОГЛЕД КОН ДРАМАТИЧНИОТ И ИНСПИРАТИВНИОТ *БУЧИМ* ЗОШТО И РУДНИКОТ Е БОРЕЊЕ: „САМО ДЕЛАТА СЕ ВИСТИНА, КАКО СВЕДОШТВО ЗА НАШЕТО ПОСТОЕЊЕ“!



# ПОЧЕТОЦИТЕ НА ПРВИТЕ АКТИВНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО БОРЕЊЕ

Организираното борење во Македонија датира од 1950 година, кога бил формиран Првиот одбор за борење при Фискултурниот сојуз на Македонија. Првите активности во Македонија се појавуваат во 1952 година, кога со цел да го популаризира борењето, Тешкоатлетскиот сојуз на Југославија организира средба во Скопје меѓу репрезентациите на Југославија и Турција во слободен и грчко-римски стил.

Четири години подоцна, исто така во Скопје, Република Македонија се одржала средба меѓу државните селекции на Југославија и Грција во грчко-римски стил.

ВО 1959 ГОЛЕМИОТ ВЉУБЕНИК ВО БОРЕЊЕТО И ДОПИСНИК НА ВЕСНИКОТ „СПОРТ“ ПАВЛЕ ДАМЈАНОВ, ДОБИЛ ЗАДАЧА ДА ГИ ОЦЕНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ КЛУБОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ТОЈ ПОСЕТИЛ 28 ГРАДОВИ И СЕЛА И ПОДНЕЛ КОМПЛЕТЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА ТОА КАДЕ И ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ.



ПОЧЕТОЦИ НА БОРЕЊЕТО: ПРВИТЕ ШААМПИОНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ГРЧКО-РИМСКИ СТИЛ (1960 ГОДИНА)

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФИЛА (СВЕТСКА БОРАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА) МИЛАН ЕРЦЕГАН СЕ ЗАЛОЖИЛ ЗА СЕРИОЗЕН РАЗВОЈ НА БОРАЧКИОТ СПОРТ ВО МАКЕДОНИЈА



НАСТАВНИКОТ РИСТО ТАКОВ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПРКЕ" ВО ШТИП АНГАЖИРАЛ ГРУПА ПИОНЕРИ КОЈА ИМАЛА РЕВИЈАЛЕН БОРАЧКИ НАСТАП



Во 1959 година, на иницијатива на Тешкоатлетскиот сојуз на Федеративна Југославија, а посебно со исклучително залагање на тогашниот претседател на ФИЛА Милан Ерцеган, во Македонија почнало посериозно да се работи на развојот на современото борење.

Во тој период, големиот вљубеник во борењето и дописник на весникот Спорт, Павле Дамјанов, добил задача да ги оцени можностите за формирање на клубови во Република Македонија. Тој посетил 28 градови и села и поднел комплетен извештај, за тоа каде и што може да се стори. За одбележување е и тоа што во 1958 година вљубеникот во борачкиот спорт, наставникот по ликовно воспитување Ристо Таков во основното училиште „Ванчо Прке" во Штип, ангажирал група пионери која имала ревијален настап по повод денот на ЈНА на 22 декември. Но оваа иницијатива не наишла на поддршка кај одговорните фактори во градот, па набрзо младата група борачи се распуштила.

Настан што е од посебно значење за развој на современото борење, бил семинарот за инструктори, одржан во втората половина на март 1960 година





во Скопје, на кој учествувале 25 слушатели. Првите инструктори што го завршиле овој семинар, потоа работеле, главно во рамките на ДТВ Партизан. Првиот семинар во Скопје го раководел сојузниот тренер за слободен стил Иван Герек од Загреб. Истата година на 3 мај 1960 година, се формира и Борачкиот сојуз на Македонија, за чиј претседател бил избран Круме Наумовски.

Растечката желба за што поактивно учество во сите делови од Македонија, како и Борачкиот сојуз кој многу брзо ја развивал својата активност, резултирало со формирање на 20 клубови и секции. Првите натпревари се одржале во рамките од тримечот на градовите Скопје-Тетово-Штип. Борењето добивало сè поголем број приврзаници, иако условите под кои се работело не биле најдобри, што главно се компензирало со висок ниво на ентузијазам. Во 1961 година како инструктор во нашава Република дошол сојузниот тренер за борење во грчко-римски стил Љубомир Ивановиќ-Геџа, кој одржал семинари за тренери и судии, а потоа бил формиран и судиски одбор.

Еден од најзаслужните за развојот на македонското и радовишкото борење е Милан Ерцеган кој е роден на 18.4.1916 година во Ботош близу Зрењанин во Р. Србија. Долгогодишниот претседател на ФИЛА, Милан Ерцеган, даде почетен импулс за промоција на борењето во слободен стил, а формирањето на СБСМ значеше нова ера во афирмацијата на македонскиот спорт.

Од 1956 до 1972 година е генерален секретар на Светската борачка федерација (FILA), додека од 1972 година до 2002 година е претседател, за по 2002 година да биде назначен за почесен претедател на FILA сè до 2011 година.

Претседателот на Светскаата борачка федерација FILA, Милан Ерцеган, многупати (1994, 1995, 1996, 1998) присуствуваше на најзначајните борачки манифестации во Радовиш. Тој беше и на Балканското првенство во борење слободен и грчко-римски стил 1991 година, и на „Македонски Бисер" во 1994 и во 1996 година. Затоа, како на добри организатори нѝ ја даде довербата градот Радовиш да биде домаќин на финалето на Европскиот клупски куп на шампиони 1995 и Светскиот клупски куп на шампиони 1996 година а подоцна и на Европското првенство за јуниори во слободен стил 1998 година.



## Радовиш

Градот Радовиш за прв пат се спомнува во 1019 год. во Грамотата на византискиот цар Василиј II, а така се викала и средновековната жупа, што покажува дека градската функција потекнува од средниот век. Во тоа време Радовиш претставувал значаен регионален трговско-занаетчиски и рударски центар. Името на градот Радовиш е поврзано со името на средновековната кнегиња од словенско потекло, Рада, која живеела во тврдината над градот, чиишто урнатини сè уште постојат.

На територијата на општина Радовиш уште од праисторијата се наоѓаат траги на материјалната култура. Посебно се интересни наодите од епохата на неолитот, енеолитот, халштатот и бронзата. Во времето на Филип II Македонски и Александар Македонски територијата на радовишко ја населувале Пеонците. Бројни вредни наоди потекнуваат од времето на предримската и римската епоха. Тоа се претежно антички населби, некрополи, каструми, терми, аквадукти, миљокази и други наоди.



Во периодот на 14 век бил под власт на српските владетели сè до 1361 година. Во него престојувал Цар Урош. Под османлиското освојување во почетокот на 16 век во овој крај видливо се населувало турското номадско племе – Јуруци, етничка група која и денес е присутна во радовишко.

Документите „Ќустендилски метрополити“ во 17 век се викаат и „Радовишки“. Кон крајот на 18 век Радовиш бил гратче опкружено со ѕид од стара тврдина чии остатоци постојат и денеска. Некогаш големиот пат од Поморавје преку Куманово, Овче Поле и Радовишко Поле преку Струмица водел до Солунскиот и Орфанскиот залив.

Во 19 и 20 век Радовиш и околината биле под влијание на историските настани поврзани со Разловечкото, Кресненското и Илинденското востание, потоа настаните од Балканските војни, Првата и Втората светска војна. Периодот по завршувањето на Втората светска војна во висок степен придонел за денешниот изглед на Радовиш.



ПЛАЧКОВИЦА, ПОГЛЕД КОН ЈУЖНИТЕ ПАДИНИ

Територијата на општина Радовиш е богата со истражени но и со голем број неистражени археолошки локалитети, манастири и цркви, кои се дел од богатата ризница на споменицитe на културата.

На 22-ри октомври 1944 година фашистичката војска запалила поголем број куќи во централното градско подрачје. Градот е ослободен на 6-ти ноември 1944 година.

Градот Радовиш е сместен во радовишката котлина во подножјето на планината Плачковица. Низ него поминуваат две реки, Стара река и Сушица. Градот се наоѓа на 41° 38′ СГШ и 22° 28′ ИГД. Надморската височина во градот изнесува 380 м. Градот се простира на површина од околу 4 км², во широчина 3 км (индустриска зона - ул. Калузлиска) и во должина 3,5 км (нас. Раклиш - кеј 8-ми септември).



Сместен во југоисточниот дел од Републиката, градот Радовиш го зафаќа северозападниот дел од пространата Струмичко-радовишка котлина, односно горното сливно подрачје на Радовишка Река. Северниот дел ѝ припаѓа на планината Плачковица, јужниот дел на планината Смрдешник, на северозапад се наоѓа ридестиот дел на областа Јуруклук или Дамјанско Поле, а на југоисток се протега алувијалната рамнина на реката Радовишка. Општината има добри функционални врски со соседните градови Штип и Струмица, од кои е оддалечен само 36 односно 29 км. Градот Радовиш е сместен во централниот дел на општината, на надморска височина од 380 метри и претставува општински административен центар со добра местоположба за развој на стопанството. Како административен центар ги опслужува и жителите на општина Конче.

Овој македонски историски град - Радовиш не би бил тоа што е ако не се потенцира неговата најзначајна придобивка: Радовиш е град на спортовите, град на БОРЕЊЕТО со кое е познат во светот како град на клупски, европски и светски шампиони!





РУДНИКОТ „БУЧИМ“, РАДОВИШ

## *Без рудник нема борење, без борење нема шампиони!*

Во аналите на Радовиш е запишано дека Македонија стана европски и светски клупски шампион во борење токму во „златната деценија“ на рудникот Бучим, кога Ванчо Чифлиганец дојде за негов директор. Запишано е оттогаш: Радовиш, тоа е Бучим. И Бучим, тоа е Радовиш. Кога Бучим работи, Радовиш е добар. И кога во Радовиш има борачки клуб, тогаш Бучим е добар. Но, Чифлиганец доаѓа на чело на презадолжен Бучим, во 1989. Спроти осамостојувањето на Македонија.

Иако Бучим е рудно тело со низок процент на бакар, во времето на Чифлиганец се случија: експресно раздолжување на рудникот, тринаесетта плата, стипендии за децата на рударите, изградба на Радовиш, изградба на спортска инфраструктура, расцут на образованието и спортот, здравствена заштита на рударските семејства, изградба на работнички одморалишта. И се разбира, „Голдмак“, круната на позлатувањето на „Бучим“.

По заминувањето на Чифлиганец останаа златни резерви доволни рударите да не работат ништо две години, а да примаат плата. Така „Бучим“ од Титаник стана Титан на Балканот, и сврталиште на најважни политичари, економисти, спортисти и стопанственици кои доаѓаа да го поздрават и да му се воодушевуваат на тоа стопанско чудо. Доаѓаа и колеги од странство, да научат како да ги поткренат своите паднати стопански гиганти.

Дури откако Бучим застана на нозе, можеше да се оствари сонот за европски и светски шапиони. Се докажа дека без силно стопанство нема спорт. А без стопанство и спорт – ни држава нема.




АД „ГОЛД МАК“
ОД РАДОВИШ,
ФАБРИКА
ЗА ЗЛАТЕН НАКИТ

## *Зошто за мене Радовиш е центар на светот?*

**Радовиш е град на минерални суровини, на тутунот како и на многу други земјоделски култури, но нај значајно е да се каже дека во него се вкрстуваат многубројни духовни вредности и истакнати личности од сите творечки сфери: образованието, науката, бизнисот, спортот - личности коишто се етаблирани не само во Македонија туку и во светот. Град на вредни, талентирани и хумани граѓани.**

Некој некогаш напиша дека Радовиш е „Бучим“ и „Бучим“ е Радовиш. И навистина е така: рудникот „Бучим“ и Радовиш се сврзани садови. Ако се „покачи“ „Бучим“, се качува и Радовиш; ако „Бучим“ „пресуши“, и Радовиш „пресушува“. Тоа најдобро го знам,



затоа што дојдов за генерален менаџер на „Бучим“ кога беше пресушен, а го оставив кога истиот тој „Бучим“ веќе штедро го „наводнуваше“ Радовиш.

Тогаш, во „златната деценија“ на Бучим (1989-1999), 900 рударски семејства живееја одлично од „Бучим“, со редовни плати, со десет позитивни завршни сметки и со редовна тринаесетта рударска плата. Многу се радувам што во тоа време на растеж и технолошко осовременување на „Бучим“, веќе можевме да инвестираме во спортот (според моја евиденција инвестиравме во 8-9 спортови, меѓу кои кошарка, ракомет, одбојка, боди билдинг, пинг-понг, ве-





лосипедизам), а подоцна најмногу во борењето. Но, инвестиравме и во наш Радовиш, кој во два мандата го застапував како пратеник и во Собранието на Република Македонија. Како да знаевме дека еден ден ќе биде град-светски и европски шампион, европски и светски центар на борењето и домаќин на важни спортски настани. Што му даде „Бучим" на Радовиш, освен златен европски и светски медал во борење? Еве само скратен список. Прво: АД „Голд Мак"-Радовиш („Златна Македонија"), фабрика за златен накит како финализација на произведените злато и сребро од Бучим. Второ: модерен дисконт во центарот на Радовиш, на две нивоа, опремен со ладилници и продажен простор, за извршување трговска дејност. Трето: работничко одморалиште во Дојран, со триесет апартмани во кои бесплатно летуваа по 8 дена рударите со своите семејства, по список и распоред од Синдикалната организација. Четврто: спортско-рекреативниот центар „Шампионче" во Радовиш, со олимписки и со мал базен, за возрасни и за деца (нешто што го немаат денес дури и големи градови) и со низа спортски терени. Петто: рударски амбуланти во Радовиш и во самиот рудник, опремени со најсовремени медицински апарати, во кои *бесплатно* се лекаваа рударите и нивните семејства. Асфалтирани патишта, водовод и канализации по селата, реновирани училишта, ученички и студентски стипендии за млади таленти и работливи луѓе...

Се сеќавам дека инсистирав „Голд Мак" да се гради намерно близу до спортската сала. Како да верував дека ако е блиску, „ќе нè префати" златната среќа, па еден ден златото од „Голд Мак" ќе стигне во









**Спортско-рекреативниот и културен центар „Шампионче" се именува по европските и светските клупски шампиони на борачите од Радовиш, Македонија. Со единствена цел, врвни спортисти од светот да доаѓаат на подготовки во Радовиш и од таму да заминуваат на светските борилишта за освојување на шампионски титули. Со тоа Радовиш да стане светски спортски центар што позитивно ќе влијае за економскиот развој на општината Радовиш.**

спортската сала, на градите на нашите борачи. Ако сакате толкувајте го ова и како суеверие, ама јас навистина бев убеден дека ако „Голд Мак" е блиску до салата, ќе се позлатиме во спортот. Така и бидна. За младинскиот шампионат во 1998 медалите беа таму изработени. „Голд Мак" е сврзан мистериозно со нашиот спортски успех: таму одевме и на вечери со спортските гости, а таму првпат и го обзнанив мојот сон да станеме европски и светски прваци, пред целиот тогашен политички и спортски естаблишмент на Радовиш. И беше прифатено! „Голд Мак" носи не само злато, носи и среќа, во тоа сум убеден! Можеби така „златно" го „урочи" на отворањето токму еден голем човек што на сите ни носеше среќа: претседателот Киро Глигоров, кој откако ги зеде ножиците за да ја пресече црвената лента, рече: *ваква модерна фабрика, како оваа што денес ја пуштаме во работа, ретко гледам! секоја чест, вредни домаќини! Полн трезор со злато, тоа е плод на вредните македонски рудари и поради тоа Македонија е богата земја, златна како трезорот на „Голд мак"!*

## *Со европската и светската шампионска титула Македонија и Радовиш влегоа во ЕУ и светот*



Отсекогаш на овој спортски успех гледав пошироко, веројатно што тогаш бев активно вклучен и во политиката, насочена кон создавање современа и независна држава. Освојувањето и на европското и на светското злато беше настан од една поширока слика: осамостојувањето на тогашна Република Македонија, за која светот немаше слушнато, а требаше да слушне. Затоа, успехот на моите радовишки борачи не беше само спортски, туку и државотворен успех. Во ноември 1994 година, кога бев пратеник во Собранието на Македонија, новинарите на тогашната Македонската телевизија (МТВ) ми поставија прашање: „Какви се вашите очекувања од новиот парламент?“. Одговорив вака: „Сите граѓани на Македонија треба да дадат придонес, за оваа кревка држава да ја подигнеме на здрави нозе, на здрави темели... Тоа што значи? Значи дека не може да тежнееме кон Европската унија, а да немаме јако стопанство, култура, спорт, образование“. Од оваа изјава се гледа дека не само јас, туку сите политичари сме мислеле на европските стандарди во сите области како услов за влез во ЕУ. Во мојата изјава, по оваа временска дистанца, гледам дека сум го ставил спортот рамо до рамо со стопанството. И дека уште тогаш сум сфатил: нема спорт без стопанство (нема да имаше борачки клуб „Бучим“ ако рудникот не процветаше, а нема ни држава без стопанство. Тоа значи дека нема држава ни без – спорт. Спортот е највисокиот и најпробивниот амбасадор на една држава.

На отворањето на Спортско-рекреативниот центар во Радовиш, на осми септември 1998 година (откако веќе станавме европски и светски шампиони) повторно сум говорел (ги гледам стенограмите сега) за „европски и светски стандарди“. Тие стандарди сум ги лоцирал во политичкото дејствување, кога сум рекол: „Поминавме седумгодишен период на меѓународно тестирање од страна на меѓународната заедница, период на една видна афирмација



РАДОВИШ,
*СВЕТСКАТА ПРЕСТОЛНИНА*
НА БОРЕЊЕТО

И ДО ДЕН ДЕНЕШЕН НА МЛАДИТЕ БОРАЧКИ ЕНТУЗИЈАСТИ ИМ ОВОЗМОЖУВА ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ И *БОРАЧКАТА СТРУЊАЧА* ДА ИМ БИДЕ НА ДОФАТ

на македонската историја и македонската нација, градејќи современо граѓанско општество во време кога се донесени околу 1000 закони од сите области што нашата земја ја приближија кон современите европски и светски стандарди“. Значи, Собранието работело за влез на државата во Европа и светот. Затоа и во тој говор сум ги навел најважните политички достигнувања: „За овие седум години, нашата земја стана меѓународно призната држава, членка на Обединетите нации, членка на ОБСЕ, на Советот на Европа, на Партнерството за мир, а главниот град Скопје е веќе град на дипломати. И веднаш по тие несомнени политички „златни медали“, сум го спомнал спортот: „За тој период позитивно го променивме и нашиот град Радовиш, месните заедници во општината кои безболно го минуваат периодот на транзиција, и – покрај присутните проблеми и потешкотии, станавме за прв пат во нашата македонска историја *клупски европски и светски шампиони*, како и организатори на најпрестижните европски и светски шампионати.“

Тоа значи дека уште тогаш (1998) сум имал чувство дека нашите борачи не се вградиле со своите светски и европски шампионски медали во историјата на спортот, туку и во изградбата на историјата на македонската државност. Ние, спортистите и сите спортски





работници, како и верната и френетична наша публика, всушност ја внесовме тогашна Македонија во Европа и светот. Горд сум на тоа, особено затоа што условите за такви подвизи – беа скромни. Сè беше против нас, новоредни како држава, зашто на 8 септември 1991 година граѓаните првпат во историјата на Македонија гласаа за самостојна држава! Вековниот сон се оствaруваше пред наши очи. Но, во поранешната федерација веќе замириса на барут! Словенија, Хрватска, па Босна и Херцеговина…полека пламнуваа фронтовите! Само во Македонија, покрај целиот страв во воздухот, само кај нас имаше мир! Светот брзо се менуваше: се распадна Варшавскиот пакт, Берлинскиот ѕид одамна беше срушен, некогашните комунистички земји ги зафати бранот на демократизација. Најтешко и најкрваво помина Југославија. Десетици илјади жртви и стотици илјади раселени и бегалци, а војната продолжуваше. Македонците, на крајот од XX век мудро ја одбраа иднината, наместо минатото, национализмот и војната.

Затоа, во средината на тоа мое обраќање, пред да ја пресечам црвената лента на Спортско-рекреативниот културен центар „Шампионче“, сум изговорил потсетување на тие жртви и жртвувања, какви што направија и борачите, кои како Феникс се издигнаа од пепелта на балканското црно сценарио и полетаа кон златните медали:









„Сè уште ни се свежи сеќавањата на нашето монетарно осамостојување, појавата на нашата национална валута – денарот, секако се сеќаваме и на меѓународната изолација во која се наоѓавме, надвор од сите политички, финансиски, безбедносни меѓународни организации и институции, со празна државна каса и без финансиска поддршка, се сеќаваме и на затворените граници, на камионските каравани на границите и на хиперинфлацијата. Почитувани граѓани, никогаш нема да го заборавам чувството кога како менаџер во 1991-92 година соработував со партнери од јужниот, северниот и источниот сосед, и кога сите ми велеа: господине Чифлиганец, немате никаква перспектива како самостојна и независна држава! И сите ни даваа само месечни претскажувања за постоење, што мене како Македонец ми побуди уште поголемо патриотско чувство и морал да издржиме и секој да даде личен придонес во таа битка, со дела со кои ја сочувавме Македонија која денес ја имаме“.

Затоа велам: **„Ние сме светски шампиони!“ не беше само спортски извик кога станавме светски шампиони во борење. Тоа беше извик на цела една држава која ИЗДРЖА и покажа државотворност. Затоа и во оваа книга: да не се заборави дека борци за денешнава самостојна Македонија, сегашна Република Северна Македонија не беа само политичарите, економистите, стопанствениците, туку и спортистите – борачи, и тоа меѓу првите во осамостојувањето.**

## ФИЛАНТРОПИЈАТА И СПОРТОТ: РУДАРИТЕ КАКО ФИЛАНТРОПИ

Во неколку наврати, на разни телевизисики и видео записи, сум слушнал од моите борачи реченица „Ванчо Чифлиганец ни обезбеди европски и светски услови за тренирање: тренери, лекари, сали за трениг, сауни". Ми годи таа реченица, но само делумно е точна, зашто може да се извлече заклучок дека јас тоа сум го донирал од мои средства, нешто што подоцна и го правев од човекољубие, а што денес модерно се вика филантропија, па дури и претставува некакво поле за натпревар меѓу бизнисмените, што мене ми е дегутантно. Сакам да кажам: или си човекољубец (филантроп) и без за тоа да знае јавноста, или не си, макар за тоа јавиле сите телевизии. Така, има разлика кога неодамна на една старица, на која ѝ изгоре куќата во пожар, а јас тоа го видов на вести, уште утредента пратив градежна оператива да ѝ изградам нова куќа.

Во успехот на борачкиот клуб од Радовиш, во походот кон златниот европски и златниот светски медал, најголеми филантропи и создавачи на условите беа – рударите. Тие со свои раце го кренаа „Бучим" на нозе и од своја пот даваа за борачите. Јас само точно знаев, како некогашен борач и спортски стручњак, што им треба на борачите за да успеат. Не треба да се заборави дека *тие рудари*, тие анонимни светски шампиони на трудот што останаа без медал на градите, живееја за борачите и со борачите, како и дека дел од борачите примаа рударски плати: беа вработени како рудари. Така, и во таа, филантропска смисла нашиот успех е чудо: за филантропи обично се сметаат богати луѓе. „Бучим" покажа дека и рударите од еден мал, не многу издашен, но работлив рудник можат да бидат филантропи. Тие ги сакаа борачите, борачите ги сакаа нив. Тоа е уште еден доказ дека спортот е најблагородното нешто што ги сврзува луѓето со најтрајни врски на овој свет.

ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, ДЕН ПО ОПОЖАРУВАЊЕТО ДО ТЕМЕЛ НА КУЌАТА ОД СЕМЕЈСТВОТО ТРАЈКОВИ, ВО ДЕДИНО, РАДОВИШКО






НОВИОТ ДОМ ЗА ТРАЈКОВИ ВО ДЕДИНО ГО ИЗГРАДИВМЕ СО МНОГУ ЉУБОВ И ЖЕЛБА ДА ИМ ПОМОГНЕМЕ НА ИВАНА И НА ЈОВАН, ДА ИЗДРЖАТ ВО НАЈТЕШКИТЕ МОМЕНТИ, И ПЕТ МЕСЕЦИ ПО ПОЖАРОТ ДА ГО ПРОДОЛЖАТ ЖИВОТОТ ВО НОВ, УБАВ, КВАЛИТЕТЕН И СОВРЕМЕН ДОМ, ШТО ГО ПОДИГНАВМЕ ВРЗ ПЕПЕЛОТ НА СТАРОТО СЕМЕЈНО ОГНИШТЕ

АЦО РИСТОВ,
ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА
РАДОВИШ




## *Борењето е бренд по кој се препознава Радовиш, Македонија*

*Драги, почитувани пријатели на спортот,*

Радовиш, или како што уште ние си го нарекуваме, градот на рударите, на земјоделците, на тутунарите, градот на Ацо Караманов, град од кој потекнуваат многу познати, историски личности, но и многу актуелни културни дејци, бизнисмени, но, можам слободно да кажам дека најголема гордост во последните децении за градот се спортистите, борачите. Голем белег и бренд по кој се препознава Радовиш е борачкиот клуб БК „Бучим", кој во деведесеттите години стана европски и светски клупски шампион во борење-слободен стил. Пред 26 години во 1995 година БК „Бучим-Јака" прво стана европски клупски шампион, а пред точно 25 години Радовиш и борењето се искачија на светскиот врв. Тоа му ја надополни препознатливоста на Радовиш, па не само македонски, станавме европски и светски спортски бренд. Тие моменти ќе останат врежани, испишани во историјата на Радовиш, во спортската историја на Македонија, но и во европската и светската историја. Но, овие моменти ќе останат длабоко врежани и во мојата меморија, бидејќи бев страствен навивач на борењето, одев на сите натпревари, ја паметам еуфоријата, и ден денес го носам во себе победничкото чувство во налетот на освојување на европската и светската шампионска титула. Овој спорт заслужува и натаму да го негуваме, да создаваме услови, да градиме здрави млади спортски личности кои ќе освојуваат нови спортски врвови, медали, пехари и секако нови шампионски европски и светски титули.

На крајот сакам да упатам голема благодарност и да го честитам големиот јубилеј, 60 години борење во Радовиш и 25 години од освојувањето Светската шампионска клупска титула, до сите борачи, љубители и пријатели на спортот, а осбено до големиот визионер, борач и борец во срце и во душа проф. д-р Ванчо Чифлиганец, човек без кој немаше да се оствари радовишкиот, македонскиот сон да станеме европски и светски шампиони во борење, кој во сите сфери на живеење и самиот е шампион, во бизнисот, во образованието, во филантропијата и друго. Посакувам тоа чувство што ние како генерација го доживеавме, да се повтори и да го доживеат и нашите млади борачи. Како актуелен градоначалник ветувам дека ќе направам сѐ, барем да им се приближиме на спортските успеси од пред 25 години.

Со почит,
*Ацо Ристов*,
градоначалник на Општина Радовиш

## *Борачки клуб „Бучим“ - Радовиш*

Борачкиот клуб „Бучим“ од Радовиш е формиран во 1962 година, како секција во рамките на ДТВ „Партизан“ во кој се одвивале и сите активности, а подоцна, кон крајот на 1963 година, секцијата прераснала во клуб. Прво име под кое се спомнува клубот е „Партизан“ - Радовиш, некаде до 1966-7 година, за подоцна да премине во „Рудар“, кој предводен од група ентузијасти, развива широка активност, каде што со текот на времето тренирале околу илјада спортисти. Сите тие достојно го презентирале радовишкото и македонското борење, кое со текот на времето успева да ги оствари највисоките можни успеси, не само на домашна, туку и на меѓународна сцена.



НИКОЛА ЃОРГИЧКОВ



АТАНАС КАРАЌИПЕЛИЕВ

Првата официјална средба борачите на Борачкиот клуб (тогашен) „Партизан“ ја имале во 1962 година против екипата на „Извор“ од Струмица. Борбите се одржувале во основното училиште во Радовиш и на градскиот стадион. Подоцна се одвивале и ревијални средби со екипите на „Балканец“ од Штип и во село Костурино - Струмичко.

Во првата генерација на борачи кои настапувале за клубот се: Атанас Караќипелиев, Стојан Ангелов, Сафет Касами, Коце Дединец, Коста Поцков, Џеладин Џафери, Стојан Здравев, Вежди Лиманов, Ибраим Алиев, Атанас Димов, како и многу други. Сите тие своето знаење го имаат добиено од првите тренери на клубот Ајдар Касами, Ристо Ковачев и Илија Трајанов. Прв претседател на клубот е Никола Ѓоргичков кој се смета и за основоположник





на борењето во Радовиш. Својата љубов кон овој спорт како претседател и организатор ја пренесувал на другите вљубеници во овој спорт. За развој на слободното борење и зацврстување на клубот, многу придонеле и претседателите: Ацо Долдуров, Коста Бојаџиев, Коста Ржев, Ристо Ристов, Ѓорги Андреев, Тимчо Дамбов, Никола Атанасов, Кирчо Сусинов, Николајчо Николов, Герасим Конзулов и Влатко Лазаров, како и директорите на клубот: Коста Поцков, Влатко Гаврилов и Слободан Стојанов.

Борачкиот клуб „Партизан“ од Радовиш првите години се натпреварува во Републичката лига на Македонија, а од 1965 година



САФЕТ КАСАМИ



ИЛИЈА ТРАЈАНОВ

влегува во Сојузната лига на Југославија која тогаш е поделена на Источна и Западна лига во кои учествувале по шест екипи, а се натпреварувале во двата стила, слободен и грчко-римски стил.

Кон крајот на 60-те години, по Европското првенство за сениори 1968 година во Скопје, за тренер во Борачкиот клуб „Рудар“ доаѓа репрезентативецот на Југославија Добре Маринков кој со голем ентузијазам ја прифаќа тренерската функција и за кус период создава силен тим кој бил меѓу првите во првенството, а од нив ќе ги спомнеме Павле Јованов, Димче Ангелов, Јован Монев, Славко Кулашиќ, Томе Козовски, Коста Банов, Никола Илиев, Блажо Ристов, Стојан Ангелов, Маринко Костадинов, Кирил Тунџев, Ванчо Чифлиганец, Димитар Јованов, Миле Ко-

ЕДНА ОД ПРВИТЕ СРЕДБИ НА БОРАЧКИОТ КЛУБ „РУДАР“ ОД РАДОВИШ



МЛАДИТЕ БОРАЧИ ОД РАДОВИШКИОТ КЛУБ „РУДАР“ СО НИВНИТЕ ТРЕНЕРИ









БОРАЧИТЕ ЏЕЛАДИН ЏАФЕР, ДИМЧО АНГЕЛОВ И РИСТО АЛИФКИН СНИМЕНИ НА ПЕЛИВАНСКИ НАТПРЕВАР



РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА СЕНЕГАЛ И ТИМОТ НА БОРАЧКИОТ КЛУБ „РУДАР“ ОД РАДОВИШ НА ПОДГОТОВКИ ВО ДОЈРАН, 1972 ГОДИНА



БК„РУДАР“ ОД РАДОВИШ, ВО 1969 ГОДИНА ЈА ОСВОИ ВИЦЕШАМПИОНСКАТА ДРЖАВНА ТИТУЛА

СТОЈАТ ОДЛЕВО: НИКОЛАЃОРГИЧКОВ (ПРЕТСЕДАТЕЛ), АЈДАР КАСАМИ, ДИМЧЕ АНГЕЛОВ, ДОБРЕ МАРИНКОВ (БОРАЧ И ТРЕНЕР), НИКОЛА ИЛИЕВ, БЛАЖЕ РИСТОВ, СТОЈАН АНГЕЛОВ, МАРИНКО КОСТАДИНОВ И КИРИЛ ТУНЏЕВ

КЛЕЧАТ ОДЛЕВО: ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, СТОЛЕ РИСТОВ, ДИМИТАР КОЦЕВ, ПАВЛЕ ЈОВАНОВ - ФИЛКАТА, ДИМИТАР ЈОВАНОВ, МИЛЕ КОРОВИН, ДЕЛЧО ЈОВАНОВ И ЏАФЕР ЏЕЛАДИН



ОДЛЕВО:
АЈДАР КАСАМИ
(БОРАЧ),
НИКОЛА ЃОРГИЧКОВ
(ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КЛУБОТ)
И
ДОБРЕ МАРИНКОВ
(ТРЕНЕР)

ровин, Јордан Христов, Нешрет Лиманов, Васе Василев, Сабри Амушев,Трифун Крстев и др.

Во 1970 година, Борачкиот клуб ги постигнува најзначајните резултати. Таа година на Европското првенство за јуниори до 18 години во Хускварна - Шведска настапуваат тројца борачи на БК „Рудар“ Павле Јованов Филков, Јован Монев и Димче Ангелов. Павле Јованов Филков го освојува второто место и сребрениот медал - кој е прв медал од големите натпреварувања, Јован Монев го освојува 4-то место додека Димче Ангелов е 6-ти.

Истата 1970 година, екипата на БК „Рудар“ предводена од претседателот Никола Ѓоргичков и тренерот Добре Маринков учествуваше во Сојузната лига на Југославија. Во драматичниот финален натпревар на првенството, кога се решаваше кој ќе биде шампион во последното коло во Радовиш помеѓу екипите на „Рудар“ и „Вардар“, БК „Рудар“ не успеа да го освои првото место и беше поразен со 4-14 од „Вардар“ но успеа на крај да се пласира на второто место, што тогаш беше голем успех за клубот од Радовиш. Во тој состав на БК „Рудар“ беа: Ванчо Чифлиганец, Ристо Алифкинов, Миле Коровин, Павле Јованов, Блажо Ристов, Добре Маринков, Коста Банов, Нешрет Лиманов, Стојан Ристов, Џафер Џеладини, Стојан Ангелов, Димитар Коцев, Киро Спасов, Димитар Јованов и Кирил Тунџев.





# ПРВ МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „САФЕТ КАСАМИ“ 1970 ГОДИНА

На 26-27 мај 1970 година во Радовиш се одржаа првите Меморијални средби во борење посветени на борачот Сафет Касами. Трагично загинатиот борач Сафет Касами е иницијатор и еден од првите членови на новоформираниот борачки клуб „Партизан“ (подоцна „Рудар“) во Радовиш.

На овој борачки Меморијален турнир настапија борачите на БК „Рудар“ од Радовиш и избраните екипи на Македонија и Народна Република Бугарија.

Интересот меѓу жителите на општината за првата Меморијална средба во борење „Сафет Касами“, која требаше да стане традиционална беше голем, а за тоа сведочи преполната сала на киното „Култура“ во Радовиш.

На двапати одржаниот меѓународен турнир „Сафет Касами“, Павле Јованов - Филката освои еднаш прво и еднаш второ место. На истиот турнир 1971 година Ванчо Чифлиганец го освои првото место во категорија до 52 кг.



СВЕЧЕНО
ОТВОРАЊЕ
НА ТУРНИРОТ
„САФЕТ КАСАМИ“
ВО РАДОВИШ,
1970 ГОДИНА

ПРВИОТ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА КЛУБОТ
НИКОЛА
ЃОРГИЧКОВ
(ДЕСНО)



ПРВИОТ ТУРНИР „САФЕТ КАСАМИ“ ВО РАДОВИШ ВО 1970 ГОДИНА БЕШЕ СЛЕДЕН ОД МАСОВНА ПУБЛИКА



ДЕЛ ОД ФИНАЛНИТЕ БОРБИ



ТУШ ПОЗИЦИЈА И КРАЈ НА БОРБАТА







ВОЗБУДЛИВА БОРБА ДО ПОСЛЕДЕН ЗДИВ



ДЕЛ ОД РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА



НАСЕ НАСЕВ ГО ПРОГЛАСУВА ПОБЕДНИКОТ



МОМЕНТ ОД ОДЛУКИТЕ НА СУДИИТЕ



ПУБЛИКАТА СО ГОЛЕМО ВНИМАНИЕ ГИ СЛЕДИ БОРБИТЕ



МОМЕНТ ОД СВЕЧЕНОТО ЗАТВОРАЊЕ НА ТУРНИРОТ





# БОРАЧКИОТ КЛУБ „РУДАР“ ГО МЕНУВА ИМЕТО ВО „ЈАКА“ - РАДОВИШ

Во 1971 и 1972 година повторно се одржува Меѓународен турнир во Радовиш, на кој учествуваат борачи од Романија, Бугарија и клубови од Југославија. Следната година на душекот во Радовиш се појавија и борачите од Канада и Сенегал, во 1974 година се одржа средба со репрезентацијата на Австрија, а од 1975 година секоја година се одржуваа средби со БК „Стал“ од НР Полска.



ПАВЛЕ ЈОВАНОВ - ФИЛКАТА

Во 1973 година на Балканското првенство во Темишвар - Романија, Павле Јованов освојува бронза, уште еден значаен медал од големите натпреварувања. Кон крајот на 70-те години блеснуваат нови имиња од бо-



ПАВЛЕ ФИЛКОВ (ТРЕТ ОДЛЕВО) ВО ДРУШТВО СО САНДЕ КОЦЕВ (ВТОР ОДДЕСНО) И СО ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ НА ТУРНИРОТ *САФЕТ КАСАМИ* ВО РАДОВИШ, 1970 ГОДИНА



ДАНЧО ВУЧКОВ НАСТАПИЛ НА МЕДИТЕРАНСКИТЕ ИГРИ ВО КАЗАБЛАНКА, МАРОКО. НА ФОТОСОТ ТИМОТ НА БОРАЧИТЕ, БК „РУДАР" ОД РАДОВИШ



ПО НАТПРЕВАР, КРАЈ НА ОСУМДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ОД МИНАТИОТ ВЕК, ГРАДСКИ СТАДИОН ВО РАДОВИШ

рачкиот клуб: Миливоје Обрадовиќ кој ги освојува бронзените медали на Балканијадата во Крајова - Романија во 1977 и 1978 година, и Данчо Вучков кој исто така освојува бронзен медал на Балканијадата во Крајова - Романија во 1978 година. Тој е учесник на Светското првенство за сениори во Скопје во 1981 година, каде го освојува 13-тото место, додека на Медитеранските Игри во Казабланка - Мароко во 1983 година го освојува 4-то место.

Освен Павле Јованов и Данчо Вучков, голем придонес и траен белег во овој период во клубот оставија: Димче Ангелов, Блаже Ристов, Стојан Ангелов, Нешрет Лиманов, Ванчо Чифлиганец, Делчо Јованов, Ибраим Амедов, Ристо Алифкинов, Васе Зафиров, Васе Стефанов, Илија Хаџиилиев, Владо Ѓуровски, Стојан Танев, Столе Витанов, Славчо Тодоров, Бранко Спасов...







ЗОРАН МИХАЈЛОВ ГИ ИНТЕРВЈУИРА БОРАЧИТЕ НА „БУЧИМ-ЈАКА", 1995 ГОДИНА

Во 1978 година Борачкиот клуб го менува името од „Рудар" во „Јака" - Радовиш. Во лигата на Југославија е при самиот врв, во сезоната 1983/84 е трет, во сезоната 1984/85 е четврт, во 1985/86 втор, во сезоната 1987/88 трет сè до 1991 година кога станува шампион на Југославија. Со доаѓањето на проф. д-р Ванчо Чифлиганец за генерален директор на рудникот „Бучим" во 1989 година, по негова иницијатива во договор со генераалниот дитектор на „Јака табак", Миле Атанасов, исто така голем вљубеник во борењето, како главни спонзори го преименуваат борачкиот клуб во „Бучим-Јака". Тогаш почнуваат и подемот и шампионските мигови на Борачкиот Клуб „Бучим Јака".

Во 80-те години доаѓа нова генерација борачи предводена од најискусните Данчо Вучков, Миливоје Обрадовиќ и Трифун Крстев. Меѓу младите се: Трајан Ангелов, Илија Ангелов, Стојан Здравков, Ванчо Спасов, Селами Бајрамов, Илчо Лазаревски, Славе Илиев, Станоја Ристов, Трајче Лазаров, Перо Гоцев, Насер Алиев, Киро Спасов, Драган Атанасов, Тони Анчев, Димчо Стојанов и многу други.

Доста интересен податок е тоа што во борачкиот клуб настапуваат повеќе браќа, Стојан и Димче Ангелови, но има и такви случаи кога за борачкиот клуб настапувале и по тројца браќа, како што се браќата Вежди, Нешрет и Ибраим Лиманови. Во 80-те години во првата екипа во Лига натпреварувањето настапуваат тројца браќа, најстариот Никола Илиев и помладите Илија и Стојан Ангелови. Подоцна, во 90-те години, во клубот настапуваа и браќата Николчо, Александар и Маријан Калајџиеви.

## *Нешто и за фудбалот*

Иницијативата рударите на „Бучим“ да се „пробаат“ и како фудбалери дошла од првиот генерален директор на „Бучим“, Драган Арсовски и од истомислениците: Павле Станковски, Стојан Здравев, Ристо Јанков, Влатко Гаврилов, Стојан Ристов, Јован Андоновски, Ванчо Чифлиганец, Коста Поцков, Спасе Димитров, Ацо Сусинов... Тие ги организирале вработените, создале услови, формирале екипа од рударите, изградиле ново фудбалско игралиште на влезот на Радовиш (зад тогашната фабрика „Декортекс“) со убав, тревнат стадион, соблекувални, туш-кабини, трибини, канцеларии за состаноци во посебна барака. Идеалните услови за тренирање, од рударите - аматери и од нивните деца за кратко време направиле успешни, речиси професионални фудбалери! ФК „Бучим“ - Радовиш почнал да се натпреварува во општинската, а за кратко време поминал и во регионалната лига. Станале, дури, лути ривали со фудбалерите на „Плачковица – Радовиш“. Радовишани се поделиле: едни навивале за „Плачковица“, стар фудбалски клуб со децениска традиција, а другите навивале за младиот клуб на рударите од „Бучим“. Натпреварувачкиот дух и конкурентноста уште повеќе ги мотивирале играчите, тренерите и раководството – да работат поупорно, така што резултатите се нижеле со вратоломна брзина. На многумина не им одел во прилог ваквиот успех на рударите - фудбалери, бидејќи тие им ги нарушиле сметките на конкурентите – се искачиле високо на бодовните листи и пласмани. И како и секогаш, деструктивните кусогледи сили се здружиле и се труделе на секој начин да го спречат младиот рударски клуб. Направиле заговор, па на решавачкиот натпревар во селото Три Чешми, со „Тиверија“ направиле „театарска претстава“, според однапред смислено сценарио...

Барајќи ја правдата за спортот и рударските бучимски фудбалски идеали по државните институции, во сообраќајна незгода несреќно го загубија животот Ристо Јанков и неговиот брат Илија, човек ентузијаст, полн со спортска љубов. По тие немили настани, моралот опаднал. Рударите не сакале да бидат дел од мрачни и заткулисни игри, ниту некој да си поигрува со нивната чесност и чесноста на нивното раководство. Сè помалку рудари доаѓале на тренинзи. Клубот престанал да се натпреварува и за кратко





време престанал да постои. И денес рударите со носталгија се сеќаваат: да биле малку поупорни во тие доцни седумдесетти години од минатиот век, и малку пословни, бучимските фудбалери ќе станеле водечка екипа во македонското натпреварување, бидејќи за кратко време се екипирале со талентирани играчи, имале и силен подмладок, како и идеални услови за непречено тренирање на сопствен стадион!

Но, Ванчо Чифлиганец е човек кој верува во девизата дека во секое зло има и добро, и дека умен човек и од злото може да извлече добро – барем како поука. Научената лекција од фудбалот, кај Ванчо создала непроценливо искуство да биде претпазлив и внимателен, особено кога станал генерален директор на Бучим. Лекцијата од уништувањето на фудбалскиот клуб му била секојдневно потсетување да не му се повтори тоа на друг животен терен. Затоа, тој потрезвено, повнимателно и порешително настапувал, па не ги потценил конкурентите и противниците (деловни, лични или спортски, сеедно), во мигот кога започнал интензивно да се ангажира во спонзорирањето на борењето и другите спортови во Радовиш, во деведесеттите години од минатиот век. Тој вложил голем труд на спортски план, се вложил целиот со срце и душа.

Поаѓајки од трагичното, болно и горчливо искуство со недолжните *две жртви, јас, Ванчо Чифлиганец имав еден тежок но благороден потфат* ***ДА ГИ ОБЕДИНАМ*** *сите спортски работници и љубители на спортот, да застанат на страната на борењето во Радовиш - за да не се повторат такви нешта.*

*По моја иницијатива, но и со поддршка на членовите на Стручниот колегиум на рудникот „Бучим“, како и на Управниот одбор на борачкиот клуб „Бучим-Јака“, решивме за претседател да се именува личност од „спротивниот табор“ - фудбалот. Иако некои поединци и дел од вработените во рудникот „Бучим“ од психолошки побуди и поради сè уште незараснатите лузни неволно го прифатија мојот предлог, јас бев убеден дека само на тој начин, со помирување ќе можеме да се обединиме.*

*Довербата што ја имав од Стручниот колегиум на рудникот „Бучим“ - како генерален директор, и сега гледано, од оваа временска дистанца, беше оправдана. Повлековме правилен потег бидејќи без обединување на сите спортски учесници и љубители на спортот не се постигнуваат врвни резултати.*

*Тоа беше моето гесло: секој чинител и учесник во било која област е* ***ЗНАЧАЈНА ТВОРЕЧКА АЛКА****!*



ПРВИОТ ФУДБАЛСКИ РАБОТНИЧКИ КЛУБ „БУЧИМ“, ПОВРШИНСКИ КОП, КОЈ ПОДОЦНА ПРЕРАСНУВА ВО ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БУЧИМ“

СТОЈАТ ОДЛЕВО: ВАСЕ ТРАЈАНОВ, ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ РИСТЕ МИТЕВ, СПАСЕ ДИМИТРОВ

ВО ДОЛНИОТ РЕД: СЛОБОДАН СТОЈАНОВ, ДИНЕ ИЛИЕВ, ВАНЧО АНДОЛИЕВ, МИТЕ ТРЕНЧЕВ И МИТО АВРАМОВСКИ, РАДОВИШ, 1979 ГОДИНА



ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БУЧИМ“, ФОРМИРАН 1978 ГОДИНА



ВАНЧО ЧИВЛИГАНЕЦ КАКО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКАТА МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАДОВИШ, ДРЖИ ПОЗДРАВЕН ГОВОР ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ 25 МАЈ, 1981 ГОДИНА

**ПОРАКИ ОД ЧИФЛИГАНЕЦ:**

- Можев јас – можете и вие! Нема неможно, никогаш не предавај се – бори се – ќе успееш!
- Калив е патот до успех и дела – од кал чекорев, кон дела одев!
- Натпреварувајте се – со самите себе – животот е натпревар без граници!
- Не запирајте, борете се и градете – дела, цел се дадов – делата говорат!
- Нема пораз, само со борба до успех – се борев – не се предавав!
- Што ќе започнам, тоа ќе завршам – можеш и ти!
- Животен пат изоден со храбри чекори – неможно не постои!
- Биди храбар, ќе успееш – храбро до врвот!
- Во животот само делата се вистина – храбро до целта!
- Биди човек од храброст иззидан – биди човек, стори го неможното!
- Човек-храм, од храброст сосидан!
- Куќа со покрив од ѕвезди – темел во калта – покрив на небото!
- „Допри“ ги ѕвездите ако не можеш да ги симнеш!
- Мојот живот – куќа иззидана, куќа цел свет братски ми е!

# МЕЃУНАРОДНИ ТУРНИРИ

## X „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ 1986

14 – 15
јуни
РАДОВИШ

Во 1986 година за прв пат во Радовиш се организираше Меѓународниот турнир „Македонски бисер“ кој тогаш беше јубилеен 10-ти по ред. Турнирот се одржа од 14 до 15 јуни 1986 година, во новата Спортска сала „25 Мај“. На турнирот учествуваа 58 борачи од 8 земји.

### Репрезентација на Југославија

Шеф на делегација: Андреа Поповски
Тренери: Насе Насев, Димче Ангелов, Ајруш Синани и Томе Атанасов

| | |
|---|---|
| 48 кг. | Мирко Димчевски, Тони Анчев |
| 52 кг. | Абаз Емини, Станоја Ристов, Ванчо Спасов, Шпенди Камбери |
| 57 кг. | Шабан Трстена, Зоран Шоров, Џеват Фуга |
| 62 кг. | Нусрет Хамиди, Агим Ејупи |
| 68 кг. | Здравко Коцев, Назми Али, Ацо Крстев |
| 74 кг. | Шабан Сејди, Бејтула Алими, Трајче Димков, Страшо Глигоров |
| 82 кг. | Чедо Николовски, Димитар Дрангов, Трајан Ангелов, Љупчо Јанев |
| 90 кг. | Стојан Здравков, Иса Фејзула |
| 100 кг. | Николчо Антониев |
| 130 кг. | Данчо Вучков, Златко Пецаковски |

### Почесен одбор

Ленче Гаврилова
Миле Кукутанов
Мите Србаков
Љубомир Камчев
Николчо Атанасов
Роска Димова
Милан Ерцеган
Љупчо Самоников
Андреа Поповски
Златан Митев
Ѓорги Атанасов
Миле Атанасов

### Организационен одбор

Претседател – Мите Србаков
Секретар – Димитрије Бошњаков
Златан Митев
Димитар јованов
Ѓорги Андреев
Ристо Ристов
Илија Трајанов
Андон Кочев
Никола Атанасов
Миле Коровин
Коста Бојаџиев
Димчо Ангелов
Стојан Здравев
Љупчо Даов
Спасе Спасов
Ѓорге Ефтимов
Коце Борание в
Коце Ѓозев
Миле Атанасов
Ванчо Чифлиганец
Тимчо Дамбов





### Земји учеснички

Југославија
Куба
Унгарија
Индонезија
ДДР Германија
СССР
Турција
Романија

### Судии

Делегат: Гуидо Сандонисио (*Италија*)
Ангеле Апчевски
Ѓорги Атанасов
Илија Трајанов
Кирил Тунџев
Малиша Радовиќ
Божо Јовановиќ
Јане Секуловски
Стојан Колев
Баки Зекири
Ѓорги Канзуров
Симеон Шутев
Вања Чупиќ
Хермес (*Куба*)
Гутман (*Унгарија*)




СНИМКА ОД СВЕЧЕНОТО ОТВОРАЊЕ НА ДЕСЕТТИОТ МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ ВО РАДОВИШ, 1986 ГОДИНА



ДАНЧО ВУЧКОВ, ПОБЕДНИК ВО КАТЕГОРИЈАТА 130 КГ



ЗДРАВКО КОЦЕВ, ПОБЕДНИК ВО КАТЕГОРИЈАТА 68 КГ



ШАБАН ТРСТЕНА, ПОБЕДНИК ВО КАТЕГОРИЈАТА 57 КГ







ШАБАН СЕЈДИ ПРОГЛАСЕН ЗА НАЈДОБАР БОРАЧ НА МАКЕДОНСКИОТ БИСЕР

## Генерален пласман

| 48 кг. 9 учесници | |
|---|---|
| 1. Марио Виломеит | ДДР |
| 2. Петри Христофоров | СССР |
| 3. Михаил Хушнер | СССР |
| 4. Тони Анчев | Југославија |

| 52 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Ханцу Нику | Романија |
| 2. Ванчо Спасов | Југославија |
| 3. Станоја Ристов | Југославија |
| 4. Мустафа Оџал | Турција |

| 57 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Шабан Трстена | Југославија |
| 2. Зоран Шоров | Југославија |
| 3. Фуга Џеват | Југославија |
| 4. Имре Шалонтај | Унгарија |

| 62 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Нусрет Хамиди | Југославија |
| 2. Агим Ејупи | Југославија |
| 3. Халит Аргин | Турција |
| 4. Миклош Ференц | Унгарија |

| 68 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Здравко Коцев | Југославија |
| 2. Назми Али | Југославија |
| 3. Рафаел Басто | Куба |
| 4. Аџо Крстев | Југославија |

| 74 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Шабан Сејди | Југославија |
| 2. Клаудиу Тамадијану | Романија |
| 3. Арон Кандеа | Романија |
| 4. Гузо Лакатос | Унгарија |

| 82 кг. 9 учесници | |
|---|---|
| 1. Франц Ханс Петер | ДДР |
| 2. Неџми Генгалп | Турција |
| 3. Георге Мулту | Романија |
| 4. Чедо Николовски | Југославија |

| 90 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Вагнер Торстен | ДДР |
| 2. Раду Ципријану | Романија |
| 3. Иса Фејзула | Југославија |
| 4. Стојан Здравков | Југославија |

| 100 кг. 3 учесници | |
|---|---|
| 1. Желиман Кцоев | СССР |
| 2. Ференц Сабо | Унгарија |
| 3. Николчо Антониев | Југославија |

| 130 кг. 3 учесници | |
|---|---|
| 1. Данчо Вучков | Југославија |
| 2. Златко Пецаковски | Југославија |
| 3. Азеп Хардифијан | Индонезија |

Најуспешен домашен борач: *Шабан Сејди* (Југославија)
Најуспешен странски борач: *Вагнер Торстен* (ДДР)
Најдобар млад борач: *Ханцу Нику* (Романија)

## БАЛКАНСКО ПРВЕНТВО ЗА ЈУНИОРИ 1991

18 – 20
октомври
РАДОВИШ

Во 1991 година за првпат во Радовиш се одржа 24-ти Балкански шампионат во борење слободен стил и грчко-римски стил. Во составот на нашата репрезентација се најдоа 4 репрезентативци: Николчо Калајџиев, Васе Спасов, Тони Танчев и Зоран Ристов, како и тренерот Димче Ангелов.

На балканијадата од 4-те борачи се освоени 3 медали: Николчо Калајџиев и Васе Спасов златни, а Тони Танчев сребрен медал, со што го трасираа патот на успесите на клубот во наредниот период.

### Почесен Комитет

Љупчо Захариев
Тиме Андонов
Милорад Антевски
Миле Атанасов
Гаврил Гавриловски
Димитар Димитров
Томе Дракулески
Милан Ерцеган
Тихо Илиевски
Симеон Ивановски
Љубисав Ивановски
Павле Јованов
Свето Јаневски
Васил Костојчиновски
Христо Кошка
Томе Паноски
Тихомир Поповски
Душан Петрески
Војо Пејовски
Љупчо Самоников
Илија Стевчев
Таки Џиков
Александар Шебек
Данчо Шутурков
Нако Штерјов

### Организационен комитет

Ванчо Чифлиганец
Димитар Бошњаков
Коле Атанасов
Тимчо Дамбов
Мите Митев
Влатко Лозналиев
Илија Трајанов
Кирил Тунџев
Тодор Драгинов
Александар Иванов
Глигор Бојаџиев
Миле Коровин
Коста Самаров
Зоран Михајлов
Вера Суша
Димчо Ангелов
Ѓорги Атанасов
Ѓорги Андреев
Златан Митев
Насе Насев
Слободан Стојанов
Андреа Пановски
Гоце Трајанов







СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА БАЛКАНСКОТО ПРВЕНСТВО 1991 ГОДИНА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР (ДЕСНО) И ЉУПЧО САМОНИКОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА *СБСМ*

### Генерален пласман – слободен стил

| 48 кг. | |
|---|---|
| 1. Влатко Соколов | Југославија |
| 2. Цимеру | Романија |
| 3. Ибрахим Унгур | Турција |

| 52 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Николчо Калајџиев | Југославија |
| 2. Мелана Кулач | Турција |
| 3. Данчо Танев | Бугарија |

| 57 кг. | |
|---|---|
| 1. Васе Спасов | Југославија |
| 2. Мумиев С. Флорин | Романија |
| 3. Муекрем Кираклај | Турција |

| 62 кг. | |
|---|---|
| 1. Осман Омер Пелит | Турција |
| 2. Тони Танчев | Југославија |
| 3. Василица Гојан | Романија |

| 68 кг. | |
|---|---|
| 1. Фатих Озбас | Турција |
| 2. Беким Мустафа | Југославија |
| 3. Каплани | Албанија |

| 74 кг. | |
|---|---|
| 1. Иса Гурсес | Турција |
| 2. Лаурентиу Гинца | Романија |
| 3. Зоран Ристов | Југославија |

| 82 кг. | |
|---|---|
| 1. Јалчин Оздемир | Турција |
| 2. Змарандеску | Романија |
| 3. Баунов | Бугарија |

| 90 кг. | |
|---|---|
| 1. Ахмет Догу | Турција |
| 2. Калојан Баев | Бугарија |
| 3. Софран | Романија |

| 100 кг. | |
|---|---|
| 1. Омер Аслаташ | Турција |
| 2. Колев | Бугарија |
| 3. Корнел Тркмел | Романија |

| 130 кг. | |
|---|---|
| 1. Зекирија Глугу | Турција |
| 2. Богоев | Бугарија |
| 3. Лореден Тома | Романија |



ПРОМОТИВЕН ГОВОР НА ПРОФ. Д-Р ВААНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ НА СВЕЧЕНОТО ОТВОРАЊЕ НА БАЛКАНСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ ВО РАДОВИШ, 1991 ГОДИНА

## Генерален пласман – грчко-римски стил

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **48 кг.** | | | **52 кг.** | |
| 1. | Илута Даскалеску | Романија | 1. | Валентин Ребегеја | Романија |
| 2. | Горан Видаковиќ | Југославија | 2. | Далибор Црнобрња | Југославија |
| 3. | Петров | Бугарија | 3. | Тањо Тенев | Бугарија |
| | **57 кг.** | | | **62 кг.** | |
| 1. | Мариан Санду | Романија | 1. | Константин Дадита | Романија |
| 2. | Драган Жељковиќ | Југославија | 2. | Крачунов | Бугарија |
| 3. | Максимов | Бугарија | 3. | Реџеповиќ | Југославија |
| | **68 кг.** | | | **74 кг.** | |
| 1. | Ѓорге Стојчиќ | Југославија | 1. | Васил Попов | Бугарија |
| 2. | Хасан Цакироглу | Турција | 2. | Муталип Јерликаја | Турција |
| 3. | Гега | Албанија | 3. | Далибор Бушиќ | Југославија |
| | **82 кг.** | | | **90 кг.** | |
| 1. | Елван Мерт | Турција | 1. | Нурхан Авчи | Турција |
| 2. | Фаркиќ | Југославија | 2. | Мартунак | Романија |
| 3. | Ангел Ангелов | Бугарија | 3. | Ѓорги Димитров | Бугарија |
| | **100 кг.** | | | **130 кг.** | |
| 1. | Овидиу Кроитору | Романија | 1. | Тахир Јилмас | Турција |
| 2. | Милко Милев | Бугарија | 2. | Ненад Пакoвиќ | Југославија |
| 3. | Мидхат Фејзиќ | Југославија | 3. | Емил Машев | Бугарија |








БОРАЧИТЕ НА ТУРСКАТА И НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ИЗЛЕГУВААТ НА ТЕРЕНОТ ВО СПОРТСКАТА САЛА „25 МАЈ“ ВО РАДОВИШ, 1991 ГОДИНА



ДОМАЌИНОТ И МОДЕРАТОРОТ НА ГОЛЕМИОТ НАСТАН ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СЕ ГРИЖИ ЗА ПРОТОКОЛОТ И УДОБНОСТА НА МНОГУБРОЈНИТЕ ВИСОКИ ГОСТИ ОД СТРАНСТВО



ГОСПОДИНОТ СТОЈАН АНДОВ, ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКОТО СОБРАНИЕ ОДУШЕВЕН ОД ВЕЛИЧЕСТВЕНАТА АТМОСФЕРА НЕ МОЖЕШЕ А ДА НЕ СЕ ОБРАТИ СО ПРИГОДНИ ЗБОРОВИ КОН НАВИВАЧИТЕ



ТРЕНЕРОТ НА МАКЕДОНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ДИМЧО АНГЕЛОВ ГО ПРИМА ПРИЗНАНИЕТО ЗА НАЈДОБРА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА БАЛКАНИЈАДАТА



ВАСЕ СПАСОВ ПРОГЛАСЕН ЗА БАЛКАНСКИ ШАМПИОН







БОРАЧОТ ВАСЕ СПАСОВ НА БК „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ СЕ ИСКАЧУВА НА ТРОНОТ КАКО БАЛКАНСКИ ШАМПИОН



ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЈДОБРИТЕ БОРАЧИ НА БАЛКАНСКОТО ПРВЕНСТВО, ВЛАТКО СОКОЛОВ И НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ



ТОНИ ТАНЧЕВ ПОБЕДА ВО ПОЛУФИНАЛЕ



ГОСПОДИНОТ ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, ЧОВЕКОТ КОЈ ГО ТРАСИРАШЕ ПАТОТ ЗА РАЗВОЈ НА БОРАЧКИОТ СПОРТ ВО РАДОВИШ, ПА И ВО МАКЕДОНИЈА Е ВО ПРВИОТ РЕД ЗАЕДНО СО СТОЈАН АНДОВ (ЛЕВО), ПРВИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА Р МАКЕДОНИЈА, ЛЕВО ОДНЕГО ЉУПЧО ЗАХАРИЕВ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА РАДОВИШ, А ПРЕТПОСЛЕДНИОТ ДЕСНО Е ПРАТЕНИКОТ ТИМЕ АНДОНОВ, ОД ОПШТИНА РАДОВИШ ВО ПРВИОТ ПАРЛАМЕНТАРЕН СОСТАВ

Шампионските мигови на Борачкиот Клуб прво „Јака-Бучим“ па потоа „Бучим-Јака“ почнуваат во 1991 година кога клубот го организира Балканското првенство за јуниори кое се одржа во Радовиш од 18 до 20.10.1991 година, на кое борачите на „Бучим-Јака“ освоија две први места (Васе Спасов и Николчо Калајџиев), едно второ место (Тони Танчев) и едно трето место (Зоран Ристов) и за прв пат во 1991 година клубот станува шампион на Македонија.

БК „Бучим-Јака“ го повторува успехот шампион на Македонија и во 1992, 1993 и 1994 година по ред. Но најтешко и најнеизвесно беше во 1993 година, кога три клуба се бореа за шампионската титула. Шампионот се решаваше во последното коло во Радовиш помеѓу „Бучим-Јака“ и „Спартак Евросвет“ од Кочани. Во спортската сала „25 Мај“ беше присутна петилјадна публика бодрејќи го својот клуб. Домаќинот заслужуваше чиста десетка за организацијата. Ги прифати сите љубители на борењето, а ги имаше од многу места во Македонија. Радио Штип и спортскиот доајен на новинарството Киро Манев реализираа уште еден радио пренос од борењето, но овој пат слушателите на ова популарно гласило можеа да се уверат во величествената атмосфера во Спортската сала „25 Мај“ во Радовиш, каде се најдоа три навивачки групи „Лебари“ (Радовиш), „Фаланга“ (Штип), „Сејмени“ (Кочани) и сите спортски коректно се однесуваа во текот на целата средба.

*Тоа беше ден за паметење, му донесовме нови поени на борењето во Македонија, потврдивме дека источна Македонија е центар на*







ПОЗНАТИТЕ СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ И НОВИНАРИ, ОДЛЕВО: ДИМИТАР БОШЊАКОВ, ЗОРАН МИХАЈЛОВ И НАСЕ НАСЕВ ВО МОМЕНТИТЕ НА ИНТОНИРАЊЕТО НА ДРЖАВНИТЕ ХИМНИ НА ЗЕМЈИТЕ УЧЕСНИЧКИ СО ГОЛЕМО ВНИМАНИЕ ГИ СЛЕДАТ НАСТАНИТЕ

*борењето* - беше радосен по средбата г-динот Ванчо Чифлиганец, човекот кој го трасираше европскиот и светскиот успех на борачкиот спорт во Радовиш, па и во Македонија. *Сѐ функционираше беспрекорно, заслужено победивме. Судиската тројка, на чело со штипскиот интернационалец Стојан Колев, без ниту една грешка го водеше мечот. Судеше компјутерски.* Па така „Бучим-Јака“ го совлада Спартак со 7-3 и на крајот двете екипи имаа исти број на бодови. Така шампионот се одлучуваше со *мајсторка* која се одржа во Спортската сала „Кале“ во Скопје.

Конференцијата за печатот, радиото и телевизијата ја организираше Борачкиот клуб „Бучим-Јака“ од Радовиш и беше замислена како една увертира пред неделниот решавачки меч *мајсторка* за титулата првак на Македонија во борење, кој требаше да се одржи во Скопје меѓу „Бучим-Јака“ и „Спартак Евросвет“. Меѓутоа, уште од самиот почеток дискусијата се претвори во обвинување од двете спротивставени страни во што беа инволвирани одговорните членови во „Бучим-Јака“, претседателот Ванчо Чифлиганец, потпретседателот Тимчо Дамбов, членот на претседателството Коста Поцков и тренерот Димчо Ангелов. На Македонската телевизија, во коментарот даден во една емисија, а се однесуваше на овие напади се приклучи и Ванчо Богдев, претседател на БК „Балканец“, кој исто така беше присутен.

Во врска со овој напад, дел одговорните од „Бучим-Јака“ не ги поштедија ниту дел од членовите на Борачкиот сојуз на Македонија,



ПОБЕДНИЧКАТА ЕКИПА НА „БУЧИМ-ЈАКА“ НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ ВО ТИТОВ ВЕЛЕС, 1991 ГОДИНА

посебно одредени поединци. Истакнувајќи дека интригите и манипулациите што се случија последниве години ги загрижуваат вистинските љубители на борењето во Радовиш. Со некои одлуки кои беа донесени од комисиите на Борачкиот сојуз, Радовишани не се согласуваа, посебно со одлуката Скопје да биде домаќин на *мајсторката*. „Бучим-Јака“ имаше свој став, овој решавачки меч да се одржи во Штип или во Т. Велес поради блискоста и финансиските трошоци. Радовишани сметаа дека наместо Сојузот да ги согледа сопствените слабости, вината ја префрла врз одговорните од „Бучим-Јака“, кои само си ги бараа своите легални права, и имаа друго мислење.

Дури откако новинарите реагираа на одделните неаргументирани напади врз средствата за јавно информирање, барајќи да не се ставаат сите во истиот кош, конференцијата доби сосема поинаков тек.

*Да напоменеме дека „Бучим-Јака“ нема намера да го урива Борачкиот сојуз,* рече г-динот Ванчо Чифлиганец. *Ниту е во коалиција со БК Балканец. Ние сме клуб со богата традиција, а борачите од нашиот клуб се носители на бројни меѓународни медали. Радовиш многу дал за афирмација на борењето, бил домаќин и финансирал врвни спортски манифестации. Тоа ќе го прави и понатаму. Но, не сакаме со нас да се манипулира.*

*Ќе ја почитуваме и одлуката на Лигата на одборот и во недела ќе дојдеме во Скопје да го одржиме овој спектакуларен меч. „Бучим-Јака“ е повеќекратен државен првак, и не сака да ги нарушува односите со Спартак Евросвет. Во една спортска борба нека победи подобриот, а ќе речам и борењето. Се согласувам дека сите проблеми мораме да ги решаваме внатре во Сојузот, а наша приоритетна задача е сега да ги мобилизираме сите слили и во недела да се обидеме на спортски начин да ја освоиме титулата. Мораме да го спречиме и падот на борењето кој е евидентен. Со стручна работа на тренерите, тоа сум убеден, ќе успееме. Но, од стручњаците ќе барам и резултати,* истакна претседателот на „Бучим-Јака“ г-динот Ванчо Чифлиганец.







ДАНЧО ВУЧКОВ Е ЕДЕН ОД ЛЕГЕНДАРНИТЕ РАДОВИШКИ БОРАЧИ КОЈ ВО СВОЈАТА БОГАТА СПОРТСКА КАРИЕРА ОСТВАРИЛ БРОЈНИ ОДЛУЧУВАЧКИ КЛУПСКИ ПОБЕДИ

Во крајно неизвесната мајсторка поведе „Спартак“ со 2-0, во првите воведни борби на Коце Ефремов и Влатко Соколов. Но со победите на Филко Дејанов и Васе Спасов резултатот беше израмнет 2-2. Следеа две нови победи на Санде Донев и Орце Митров и повторно водство на БК „Спартак Евросвет“ со 4-2. По одржаните 6 борби следуваше офанзива на „Бучим-Јака“ и со победите на Мите Глигоров, Илија Ангелов, Трајан Ангелов и Данчо Вучков, на крајот „Бучим-Јака“ победи со 6-4 и повторно стана шампион на Македонија, трет пат по ред во историјата на клубот.

Ентузијазмот на сите спортисти и борачи на БК „Бучим-Јака“ беше голем, а посебно се издвои Данчо Вучков, кој се бореше на денот на погребот на еден од неговите родители. Тој по победата за



ПОБЕДА НА ВАСЕ СПАСОВ ПРОТИВ ВЛАТКО ГУЦОВ, 1993 ГОДИНА



ВЛАДО ЛАЗАРОВ ИЗВОЈУВА ПОБЕДА ПРОТИВ ДРАГАН ЃОРГИЕВСКИ, ВО ЕДНА ОД ОДЛУЧУВАЧКИТЕ БОРБИ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА ШАМПИОНСКАТА ТИТУЛА ВО 1993 ГОДИНА



ВАСЕ СПАСОВ ДАВА ИЗЈАВА НА ДОАЈЕНОТ НА СПОРТСКОТО НОВИНАРСТВО КИРО МАНЕВ ОД ШТИП ПО ПОБЕДАТА НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО, 1993 ГОДИНА







ДЕЛ ОД ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЛУЖБЕНАТА МАСА

ОДЛЕВО: ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, АНГЕЛ АПЧЕВСКИ ЈОРДАН ЈАНЕВ И ДРУГИ

борачкиот клуб „Бучим-Јака", со службеното возило на проф. д-р Ванчо Чифлиганец замина на закоп.

За мајсторката беа обезбедени 22 автобуси за да можат навивачите од Радовиш да ги бодрат своите борачи во Скопје. Да имаше на располагање уште 20 автобуси, сите ќе беа наполнети, бидејќи сите Радовишани беа на нозе. Така почна да се трасира патот за европската и светка клупска шампионска титула.

Пред мечот на *мајсторката* со БК „Спартак", во соблекувалната на БК „Бучим" влезе нашиот генерален директор на Рудникот „Бучим" и се обрати на борачите: *Имам доверба во сите вас, во кои чука вашето спортско храбро македонско срце и верувам дека овој меч ве води кон патот да ги освоиме европа и светот, но секое лично и недостоинствено однесување ќе биде казнето!* - се секава на тие трогателни моменти Васе Спасов. *Можеби тоа беше пресилно искажано, но многу корисно.*



ВАСЕ СПАСОВ,
ФИЛКО ДЕЈАНОВ
И
МИТЕ ГЛИГОРОВ
НА *МАЈСТОРКАТА*
ВО СРЦ КАЛЕ,
1993 ГОДИНА



ВО *МАЈСТОРКАТА*
ШТО СЕ ОДРЖА
НА НЕУТРАЛЕН
ТЕРЕН
ВО СРЦ „КАЛЕ“ - СКОПЈЕ,
„БУЧИМ-ЈАКА“
ОД РАДОВИШ
ГО ПОБЕДИ
„СПАРТАК ЕВРОСВЕТ“
ОД КОЧАНИ,
1993 ГОДИНА

НА ТОЈ
НАТПРЕВАР
ПОСЕБНО
СЕ ИЗДВОИ
ДАНЧО ВУЧКОВ
(НА ФОТОСОТ
БЕЗ ПОБЕДНИЧКАТА
ОПРЕМА)



СКОПСКОТО КАЛЕ ГОРИ ОД НАВИВАЧКИТЕ ГРУПИ НА *ЛЕБАРИ* ОД РАДОВИШ И *ФАЛАНГА* ОД ШТИП, 1993 ГОДИНА



СЛАВЕЊЕ НА ШАМПИОНСКАТА ТИТУЛА ЗА 1993 ГОДИНА ВО *МАЈСТОРКАТА* ПРОТИВ „СПАРТАК-ЕВРОСВЕТ“ ОД КОЧАНИ







МЛАДИНСКАТА ЕКИПА НА „БУЧИМ-ЈАКА“, 1993 ГОДИНА



ЕКИПАТА НА БК „БУЧИМ-ЈАКА“ 1994 ГОДИНА ОДЛЕВО: ТРАЈАН АНГЕЛОВ, ЧЕДО НИКОЛОВСКИ, ЗОРАН РИСТОВ, СЕВИН МИЛЕНОВ, ИГНАТ ДОЈЧИНОВ, ГОРАН КОСТАДИНОВ, ТОНИ ТАНЧЕВ, ВАСЕ СПАСОВ, МИРКО ДИМЧЕВСКИ И ТОНИ АНЧЕВ




ТРАЈАН АНГЕЛОВ
ОД „БУЧИМ-ЈАКА“
ПОЕНТИРА
ВО *МАЈСТОРКАТА*
ПРОТИВ
ЈОРДАН НАЦКОВ
ОД „СПАРТАК-ЕВРОСВЕТ“







ДАНЧО ВУЧКОВ
ВО *МАЈСТОРКАТА*
ПРОТИВ
„СПАРТАК-ЕВРОСВЕТ“
ОД КОЧАНИ
ВО ОДЛУЧУВАЧКАТА
БОРБА ПРОТИВ
ДЕЉО ДЕЛЕВ

## XVIII МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ 1994

11 – 12
јуни
РАДОВИШ

Во 1994 година по втор пат во Радовиш се организираше Меѓународниот турнир „Македонски бисер“, 18-ти по ред и тоа во салата СРЦ „25 Мај“.

XVIII традиционален меѓународен турнир „Македонски бисер“ за прв пат по осамостојувањето на Македонија се одржа во Радовиш



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
ГО ОТВОРА
XVIII МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР
*МАКЕДОНСКИ БИСЕР*
1994 ГОДИНА





### Почесен одбор

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец
Љупчо Захариев
Данчо Шутурков
Вања Битољану
Штерјо Наков
Драган Ранковиќ
Љупчо Самоников
Насе Насев
Тито Петковски
Димитрије Бошњаков
Милан Ерцеган
Димитар Бајаџиев
Таки Џиков
Васко Костојчиновски
Шабан Сејди
Васил Тупурковски
Ѓорги Атанасов
Златан Митев
Ѓоко Кузмановски

### Организационен одбор

Влатко Гаврилов
Кирчо Сусинов
Тимчо Дамбов
Кирил Тунџев
Тодор Драгинов
Миле Коровин
Илија Трајанов
Димче Ангелов
Фоти Ѓатовски
Ристе јакимовски
Мите Митев
Мите Стоименов
Коста Поцков
Слободан Стојанов
Маријан Свиличиќ
Данчо Вучков
Бранко Атанасов
Нешрет Лиманов
Бранко Литајковски
Ристо Дафев
Добрин Трајанов
Ванчо Коцев
Милан Павиќевиќ
Столе Николов
Илија Андонов
Гоце Трајанов
Ванчо Тодоров
Павлина Стефанова
Јован Костадинов
Зуица Димова
Јован Стоилов
Спасе Спасов
Димитар Шукриев
Роберт Велков
Ристо Кукутанов



МИЛАН ЕРЦЕГАН,
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СВЕТСКАТА БОРАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА (FILA)
ЗА ПРВ ПАТ БЕШЕ ПРИСУТЕН ВО РАДОВИШ,
ВО ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ,
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БОРАЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

| **Земји учеснички** | **Судии** |
|---|---|
| Македонија | Контролор - Бранислав Симиќ - ЈУГ |
| Југославија | Делегат - Константин Бушој - РОМ |
| Бугарија | Илија Трајанов |
| Албанија | Ангеле Апчевски |
| Русија | Кирил Тунџев |
| Украина | Никола Цецев |
| Романија | Димитар Ѓоргиев |
| | Славе Илиев |
| | Љупчо Јанев |
| | Ацо Јорданов |
| | Димитар Колев |
| | Стојан Колев |
| | Нешрет Лиманов |
| | Јован Монев |
| | Јане Секуловски |
| | Симеон Шутев |
| | Трајан Вељанов |
| | Јоан Кракуин – *Романија* |
| | Михајло Чупиќ – *Југославија* |
| | Љубомир Цунич – *Југославија* |
| | Малиса Радовиќ – *Југославија* |
| | Миљан Радовиќ – *Југославија* |
| | Антон Шајтанов – Бугарија |

**Репрезентација на Македонија**

Тренери: Шабан Сејди, Зоран Шоров и Ристо Дарлев

| | |
|---|---|
| 48 кг. | Влатко Соколов, Маријан Наумов, Зоран Митев и Драган Ѓоргиевски |
| 52 кг. | Тони Анчев, Горан Трајков и Роберт Танев |
| 57 кг. | Гордан Николов, Љуљзим Вренези, Николчо Калајџиев и Драган Мицев |
| 62 кг. | Васе Спасов, Бакија Хамид, Влатко Гуцев и Енвер Исмаили |
| 68 кг. | Агим Ејупи, Димитар Липиќ и Методија Сичков |
| 74 кг. | Трајче Димков, Љубиша Пешко и Хасан Бислими |
| 82 кг. | Љури Шенаси, Мите Глигоров, Исмет Феруку |
| 90 кг. | Трајчо Ангелов |
| 130 кг. | Иле Ордев и Дељо Делев |

од 11 до 12 јуни 1994 година, во Спортската сала „25 Мај“. На турнирот учествуваа 68 борачи од 7 земји.

На Манифестацијата беа присутни голем број на гости, и за прв пат во Радовиш беше присутен претседателот на Светската боречка федерација (FILA) господинот Милан Ерцеган.

Од домашните борачи на БК „Бучим-Јака“ беа освоени едно прво место во категоријата до 100 кг. (Трајан Ангелов) и едно трето место во категоријата 52 кг. (Тони Анчев), додека на турнирот учествуваа и Роберт Танев, Васе Спасов и Николчо Калајџиев.







ДЕЛ ОД ПУБЛИКАТА ВО ПРЕПОЛНАТА СПОРТСКА САЛА КАДЕ ШТО СЕ ОДРЖУВАШЕ XVIII МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР *МАКЕДОНСКИ БИСЕР* 1994 ГОДИНА



ПОБЕДА НА
ТРАЈАН АНГЕЛОВ
(ФИНАЛНА БОРБА)
ПРОТИВ
КРАСИМИР КОЧЕВ
(БУГАРИЈА)
*МАКЕДОНСКИ БИСЕР,*
1994 ГОДИНА



НАСЕ НАСЕВ
И ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
ПОСЛЕ ГОЛЕМИТЕ
КЛУПСКИ НЕДОРАЗБИРАЊА
ПОМЕЃУ СПАРТАК И БУЧИМ
СТАНАА ВИСТИНСКИ
СПОРТСКИ ПРИЈАТЕЛИ
И СОРАБОТНИЦИ
И ГИ КОВЕА ПЛАНОВИТЕ
ЗА КУПОТ НА ЕВРОПСКИТЕ
ШАМПИОНИ.
УСПЕСИТЕ БЕА ВИДЛИВИ







БОРАЧИТЕ НА
„БУЧИМ-ЈАКА“
И НА
„СЛАВИЈА-ЛИТЕКС“
ОД БУГАРИЈА,
1994 ГОДИНА



ЕКИПАТА НА
„БУЧИМ-ЈАКА“
ВО ПРЕСРЕТ
НА ГОЛЕМИТЕ
НАСТАНИ
ВО НАРЕДНИТЕ
ДВЕ ГОДИНИ,
1994 ГОДИНА



ДЕЛ ОД
РАДОВИШКАТА
ПУБЛИКА

ОДЛЕВО:
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ,
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ,
МИЛАН ЕРЦЕГАН,
ЦЕНО ЦЕНОВ



ТИМОТ
НА
БК„БУЧИМ-ЈАКА“







**Генерален пласман**

| **48 кг. 8 учесници** | |
|---|---|
| 1. Влатко Соколов | Македонија |
| 2. Ѓорги Кордineану | Романија |
| 3. Костадин Костов | Бугарија |
| 4. Димче Калчев | Бугарија |

| **52 кг. 8 учесници** | |
|---|---|
| 1. Константин Кордineану | Романија |
| 2. Горан Трајков | Македонија |
| 3. Тони Анчев | Македонија |
| 4. Владимир Димитров | Бугарија |

| **57 кг. 6 учесници** | |
|---|---|
| 1. Атанас Ѓоргиев | Бугарија |
| 2. Владимир Кнез | Украина |
| 3. Гордан Николов | Македонија |
| 4. Јљуљзим Вренези | Македонија |

| **62 кг. 9 учесници** | |
|---|---|
| 1. Флорин М. Сербан | Романија |
| 2. Добромир Добрев | Бугарија |
| 3. Бакија Хамид | Македонија |
| 4. Влатко Гуцов | Македонија |

| 68 кг. 12 учесници | |
|---|---|
| 1. Дима Андроник | Романија |
| 2. Владимир Зима | Русија |
| 3. Красимир Белев | Бугарија |
| 4. Евгениј Обкуенциев | Украина |

| 74 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Лорентиу Цивца | Романија |
| 2. Трајче Димков | Македонија |
| 3. Валентин Желев | Бугарија |
| 4. Љубиша Пешко | Македонија |

| **82 кг. 9 учесници** | |
|---|---|
| 1. Николау Гита | Романија |
| 2. Хнеласи Доми | Албанија |
| 3. Дан Лунгу | Романија |
| 4. Ахмет Касабов | Бугарија |

| **90 кг. 3 учесници** | |
|---|---|
| 1. Витали Руденко | Украина |
| 2. Андријан Станиу | Романија |
| 3. Вади Мифтар | Албанија |

| **100 кг. 3 учесници** | |
|---|---|
| 1. Трајан Ангелов | Македонија |
| 2. Красимир Кочев | Бугарија |
| 3. Сергеј Иванченко | Русија |

| **130 кг. 4 учесници** | |
|---|---|
| 1. Владимир Бегаза | Украина |
| 2. Дуе Њемза | Албанија |
| 3. Иван Момчилов | Бугарија |
| 4. Дејьо Делев | Македонија |

Трофеј Македонски бисер: *Влатко Соколов* (Македонија)
Најуспешен странски борач: *Лорентиу Цивца* (Романија)
Најдобар домашен борач: *Трајан Анѓелов* (Македонија)

Во 1994 година, по освојувањето на титулата во домашното првенство, во Радовиш гостуваше првакот на Бугарија, Левски од Софија. Во преполната Спортска сала „25 Мај“ во Радовиш, во присуство на голем број видни гости на свечен начин беше прогласен БК „Бучим-Јака“ за Шампион на Македонија. Натпреварот со Левски Софија заврши нерешено 5-5.



МОМЕНТИ ОД ЛИГА НАТПРЕВАР
ПОМЕЃУ „БУЧИМ-ЈАКА" И „БАЛКАНЕЦ",
1994 ГОДИНА

МОМЕНТИ ОД ЛИГА НАТПРЕВАР
ПОМЕЃУ „БУЧИМ-ЈАКА" И „СПАРТАК",
1994 ГОДИНА





ОДЛЕВО:
ДИМИТАР БОШЊАКОВ
И
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
ВО ДРУШТВО СО
ДРАГАН МУТИБАРИЌ,
ПОРАНЕШЕН ГОЛМАН
НА ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ „ВАРДАР“
И СО ОГЊАНЧО,
МИЛЕ И
КОЛЕ АТАНАСОВ

МОМЕНТИ ОД ЛИГА НАТПРЕВАР
ПОМЕЃУ „БУЧИМ-ЈАКА“ И „СПАРТАК“,
1994 ГОДИНА



## *Настан што не треба да се заборави*

Меѓу животните нема фер-плеј. Никогаш ниедно животно не му признало на противникот дека и тој вреди. Има само победник и поразен: победникот го јаде пленот. Но меѓу луѓето тоа никогаш не е така. Секогаш и поразениот има дел од пленот. Барем го има чувството дека можел да победи.

Ванчо Чифлиганец ова многу добро го знае. Од каде?

Од една случка. Раскажана во прво лице, за оваа потреба.

Ванчо, Ванчо, што ќе правиш сега, мој Ванчо? „Бучим", твој „Бучим" и „Балканец" од Штип, на терезија рамна, на која нема ни грам повеќе на спротивниот тас, за да претежне, да се знае подобриот. „Балканец" од Штип, не помалку твој, оти ти си Македонец, ти си Македонија, древна, достоинствена и со шампионски дух! Ете, Ванчо, на тебе е да решиш: „Бучим", твојот „Бучим" или „Балканец", не помалку твојот штипски „Балканец". Кој ќе биде годинешен шампион?

**КОЈ** ќе биде првак? „Балканец" победи во Радовиш: и ако, алал нека им е, подобрите го носат светот на свои плеќи. Твоите загубија дома, Ванчо. Се чекаше реванш во Штип: од тоа зависеше кој ќе биде шампион.

Но, додека се чекаше реваншот, почнаа лоши работи. Уцени и меѓусебни обвинувања. Како вистинска војна. Навивачите се закрвија, борачите се вознемирија. Почнаа и медиумски пресметки. Ништо спортско и витешко!

И решаваш да пресечеш. Нема да има реванш. Земаш возило, со возач, го земаш победничкиот пехар и велиш: „Вози за Штип". Доаѓаш во „Балканец", а таму шок – сите гледаат во пехарот во твоите раце. Пехарот на боговите на борењето. Пехар од кој треба да се испие виното на честа. Најдобрите треба да го пијат. Се разбира, дојде откако ги убеди сите во Управниот одбор дека треба мир за да има спорт. За да има победник!

И им го предаваш пехарот на честа.

Можеше ти, Ванчо, пехарот да му го дадеш и на твојот „Бучим". Особено затоа што мнозинството во Управниот одбор на Федерацијата беа од твојата страна. Но ти ги убеди: подобро незаслужен пораз одошто незаслужена победа. Беа разумни. Сфатија дека и над пехарот и славата има нешто повисоко: Човекот, со големо срце. Фер-плејот. Да се откажеш од нешто за да добиеш нешто повеќе: почит од противникот. И еве, им го предаваш пехарот на Штипјани, ги прогласуваш за шампиони за 1995 година.

**ТИ СИ ТОЈ ЧОВЕК**, Ванчо, и немој никогаш да престанеш да бидеш човек, што значи – немој никогаш да престанеш да ДАВАШ! Му се дава на оној кој нема. Оној кој има, не бара дарови – сам ќе ги стекне, како твојот „Бучим"!





МЕДИЦИНСКА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ДОКТОР МИЛОШ ВУЧИДОЛОВ И НА ДОКТОР РОБЕРТ ВЕЛКОВ



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И МИКИ ПАНДЕВ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА *СПОРТИСТ НА ГОДИНАТА НА ГРАД РАДОВИШ,* 1996 ГОДИНА







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И МАРЈАН НАУМОВ, ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЈДОБАР БОРАЧ НА ПРВИОТ МЕЃУНАРОДЕН МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР *КИРО РИСТОВ*



ТОНИ ТАНЧЕВ



ВАСЕ СПАСОВ



НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ

Не можам да бидам спокоен ако изоставам кое и да е име од оние што придонесоа во остварувањето на борачките успеси во Будимпешта. Тука спаѓаат: вредните спортски работници, новинарите, љубителите на спортот, но пред се, тука треба да се истакнат директните учесници во борбите, **БОРАЧИТЕ** кои со својата несебична приврзаност кон државата и градот ги афирмираа имињата **МАКЕДОНИЈА** и **РАДОВИШ** на мапата на светот.

До денешен ден им искажувам голем респект и со висока почит за врвниот човечки морал им оддавам неизмерно признание кога во ситуациите на преминување од една во друга категорија симнуваа и по 10 - 15 килограми во краток временски интервал, секако под будното око на врвни светски лекари и нутриционисти.

Кога сме кај имињата на борачите: Тони Танчев намали 15 кг. од својата природна тежина, Васе Спасов ослабна 12 кг., Николче Калајџиев 6 кг., и сите други борачи слабееја по неколку килограми со што се жртвуваа за Македонија и за Радовиш.

И еве сега, денес, од 25- годишна временска дистанца, лично од сè срце им благодарам за нивното себевградување во најголемиот успех што го доживеала спортска Македонија. Затоа, им стоев и сè уште им стојам на располагање, да се крепиме во секоја прилика и неприлика.



ИЛИЈА ТРАЈАНОВ И ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ КОРИСТАТ МОМЕНТ КОГА САУНАТА НЕ Е ЗАФАТЕНА ОД БОРАЧИТЕ. САУНАТА Е САМО ПОМОШЕН НАЧИН ЗА МАЧНОТО НАМАЛУВАЊЕ НА КИЛОГРАМИТЕ И НЕОПХОДНА МОТИВАЦИЈА ЗА БОРАЧИТЕ.

# 4.

# Златната ера на БК „Бучим-Јака“ Радовиш, Македонија



Потпрен со десната рака на челото гледаше како се престројуваат облаците во различни форми. Но, за жал, **БОРЕЊЕТО** „остана" во Радовиш. Со заминувањето на геолошки студии во Белград, Ванчо ја одбра **НАУКАТА**! Но чувствуваше: тоа не е крај на борачкиот сон, сигурно ќе има уште нешто!

- Не му беше лесно, не можеше да се помири со тоа истовремено да сонува два сона. Но при сето ова да не се заборави нешто:
  *Тоа беше пат кон неговиот стил на живеење и творење - на сестраната и комплетна личност, која ќе ги надмине границите на спортските достигнувања во Македонија, издигнувајќи го борачкиот клуб „Јака" од Радовиш на* ***ЕВРОПСКИ*** *и на* ***СВЕТСКИ ТРОН***!

- Неуморен работник со бистар ум, и со исклучителна моќ за концентрација во сублимирањето и реализацијата на различни идеи!
  – Личност што цврсто се придржува за својата цел.
  – **ЧОВЕК ХАРИЗМА**, и човек трагач, по нови предизвици!

Откако ќе стане генерален директор (1989 година) на рудникот за бакар „Бучим", сите свои напори ќе ги вложи во спортот а посебно ќе биде наклонет кон својот боречки клуб „Бучим".

Тоа се тие пресудни мигови кога Ванчо Чифлиганец на своите борачи не само што ќе им ги всади своите прекинати соништа за врвни успеси во борењето, туку и ќе ја всели целата своја душа заедно со неговите желби и копнежи за освојување на титули во борењето.

Знаел Ванчо што им е потребно на борачите (покрај победничкиот дух), вработување, средства, добри услови за тренинг и првокласни тренери од Македонија и од странство. Ванчо, енормно ќе инвестира во младите боречки таленти, со голема верба, одлучно, одговорно и свесно дека таа инвестиција ќе донесе високи резултати.

Откако Тој ги презеде работите во свои раце, борачите на „Бучим" осумпати по ред станаа шампиони на Република Македонија!

- ***СЀ ШТО СУМ НЕМАЛ**, вие да имаше!* Таа е неговата девиза од тој период;
- докажано е дека ништо не се може без другите, но да се знае: оној борач кој се дружел со Ванчо се заразил од ***ВИРУСОТ НА УСПЕХОТ***!

Но, сонот за борењето на Ванчо Чифлиганец не завршува со напуштањето на магичниот душек на кој се роди неговата животна филозофија:

- ***ПОБЕДУВА ДУХОТ** - телото ги слуша само заповедите, следејќи го ритамот на неговото срце!*

На тој начин, стапка по стапка - скалило по скалило „Бучим" ќе биде прогласен за најдобар спортски клуб во Македонија за 1991 година. Истата година на клубот „Бучим" од Радовиш ќе му биде доверено да го организира Балканското младинско првенство, на кое борачите од Македонија ќе освојат пет младински шампионски титули!

Токму така, мудро, упорно и со големи напори започнува подемот не само на македонското борење туку и на професионалната спортска кариера и врвниот сестран творечки растеж на некогашниот борач - Ванчо Чифлиганец, човекот којшто им вдахна **ПОБЕДНИЧКИ** морал и амбиција на македонските борачи за ôд кон златните врвови на светското борење!

Заслужено, Ванчо Чифлиганец беше прогласен за спортски работник на вториот милениум, а БК „Бучим-Јака" за најуспешна спортска екипа на вториот милениум.



СПОРЕД КАЖУВАЊАТА НА ВАНЧО ТАРАБУНОВ ВО МИГОВИТЕ НА КОМПОНИРАЊЕТО НА ПЕСНАТА ***ГРАНИТЕН МАКЕДОНЕЦ*** ИМАЛ СИЛНО ПРЕТЧУСТВО ДЕКА БОРАЧИТЕ НА „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ ЌЕ СТАНАТ ЕВРОПСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОНИ



ВАНЧО ТАРАБУНОВ, НАСТАП ПРЕД РАДОВИШКИТЕ НАВИВАЧИ



## *Гранитен македонец*

Испеана од Ванчо Тарабунов, 1995 година
за Европските клупски шампиони во борење „Бучим-Јака“ од Радовиш

Бучим-Радовиш, Бучим-Радовиш, Бучим-Радовиш,
Радовишки пеливани
Бучимски борачи,
Тука сме за да Ве бодриме
Златни наши мајстори,
Тука сме за да Ве бодриме
Златни наши мајстори.

Со туш, со туш да победувате,
Со туш, со туш, со туш на чело европско,
Зад вас стојат бројни рудари
Бучимци достојни,
Со вас е и Чифлиганец
ГРАНИТЕН МАКЕДОНЕЦ!

Бучим-Радовиш, Бучим-Радовиш, Бучим-Радовиш
Македонски шампиони бучимски борачи,
Со вас, ние, се гордееме
Еве песна пееме.
Со вас, ние, се гордееме
Еве песна пееме.

Со туш, со туш да победувате,
Со туш, со туш, со туш на чело европско,
Зад вас стојат бројни рудари
Бучимци достојни
Со вас е и Чифлиганец
ГРАНИТЕН МАКЕДОНЕЦ!

Во Европа да сте најдобри - бучимски борачи,
Борете се шампионски
Синови македонски.
Борете се шампионски
Синови македонски.

Со туш, со туш, да победувате,
Со туш, со туш, со туш на чело европско.
Зад вас стојат бројни рудари
Бучимци достојни,
Со вас е и Чифлиганец
ГРАНИТЕН МАКЕДОНЕЦ!

Туш, туш, туш...

# КАКО *МАЈСТОРКАТА* ГО ОТВОРИ ПАТОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ КЛУПСКИ ШАМПИОНАТ

БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, во 1993 година, беше исправен пред предизвик: доколку успее да стане првак на Македонија, ќе може да учествува, како македонски претставник на европскиот клупски шампионат, во клупско борење слободен стил. БК „Бучим-Јака“ за да биде шампион на Македонија мораше да ги победи најголемите македонски клубови во борење тогаш, и тоа: БК „Балканец“ од Штип, БК „Лирија“ од Скопје, БК „Вардар“ од Скопје, БК „Спартак-Евросвет“ од Кочани. Тоа и се случи.

Во последната, одлучувачка борба БК „Бучим-Јака“ од Радовиш се сретна со БК „Спартак-Евросвет“ од Кочани. Во исклучително напната, ривалска, помалку и антагонистичка атмосфера борачите си ги измерија силите пред многубројна публика во СРЦ „Кале“ - Скопје, на неутрален терен. Победата ја посакуваа и едните и другите. Клубовите верува во својата подготвеност да победат и да станат државни прваци за 1993 година. Би се рекло не се бираа ни средства ни методи, да се постигне секој победоносен поен на душекот. Напнатоста одеше до











таму што, имаше јасни индиции да се случат и немили настани, помеѓу ривалските навивачки групи. Но благодарение на трезвеноста, мудроста и мирољубивоста на Ванчо Чифлиганец, до несакани настани не дојде. Во спортска борба, на моменти нерамна, победа во „мајсторката“ извојува подобриот, и македонски шампион во борење за 1993 година стана БК „Бучим-Јака“ - Радовиш.

Во македонскиот шампионат, со победата во мајсторката, борачкиот клуб „Бучим-Јака“ од Радовиш, се стекна со право за учество во Купот на европски клупски шампиони, во 1995 година.

Предизвикот беше голем. Борачкиот Сојуз на Македонија требаше да се подготви и реструктуира, со единствена цел, борачите од Македонија да се претстават што подостојно, во претстојното европско првенство во клупско борење слободен стил.

Очекувано и следствено дојде до промени во раководството на СБСМ. Управниот Одбор на македонската борачка организација едногласно го избра проф. д-р Ванчо Чифлиганец за нов претседател на СБСМ. Ванчо Чифлиганец уште од првите моменти, заедно со борачите и љубителите на борењето, меѓу кои беа: Шабан Трстена, Шабан Сејди, Насе Насев, Димче Ангелов, и други поставија високи цели: да постигнат повисоки резултати, со тоа што ќе ја засилат борачката репрезентација, ќе се вклучат повеќе борачи кои ќе тренираат и учествуваат










на Олимпијадата во Атланта (1996 година), потоа и во Сиднеј (2000 година).

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец, пред самиот себе си постави задача да го обнови Купот на Европскиот клупски шампионат, чие одржување повеќе години беше ставено во мирување.

За време на седницата на Европската борачка организација (CELA) во Будимпешта 1993 година, се случи пресврт, проф. д-р Ванчо Чифлиганец, како претставник од Македонија, како гром од ведро небо стана, без да се консултира со никого, самоиницијативно предложи: да се збогати програмата на европската борачка организација, со возобновување на Куп на европски клупски шампиони, на кој ќе се види - КОЈ ЌЕ БИДЕ НАЈДОБАР КЛУПСКИ ШАМПИОН ВО ЕВРОПА!

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец и неговиот борачки дух, не застанаа тука, туку отиде чекор понатаму, на самата седница даде уште една иницијатива: да се одржи прв Интерконтинентален куп на светски шампиони. Присутните на седницата во Будимпешта, останаа без зборови, беа вчудоневидени, и пријатно изненадени од идеите на македонскиот претседател на борачите. Тие едногласно одлучија: Купот на европскиот клупски шампионат да се возобнови, да се стави на листата на европски натпревари, а за реализација на втората иницијатива да се организира Прв Интерконтинентален куп, по повод 100 години од одржувањето на првата Олимпијада на









Олимп - Грција во 1896 година, да се произнесе Конгресот на светската борачка организација, во август 1996 година, за време на одржувањето на Олимпијата во Атланта - САД.

Председателот на СБСМ, Ванчо Чифлиганец предложи: да се организира во Македонија, Клупскиот европски шампионат, но за да се има повеќе време за организација, истиот да паузира во 1994, и да се одржи во 1995 година. Иницијативата беше поднесена. ЦЕЛА ја прифати. Македонија и Радовиш го добија организирањето на Купот на Европскиот клупски шампиони во 1995 година.

УО на СБСМ зазема став, македонскиот шампион за 1993 година БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, да ја претставува Македонија на Купот на европски клупски шампиони.

Ова беше уште еден голем предизвик за СБСМ, како иден домаќин на шампионатот, а за БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, Македонија предизвик, и во 1994 година да ја потврди својата македонска шампионска титула, за да не го загрози своето учество на европскиот шампионат.

БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, во 1994 година без ниту еден пораз во домашните натпревари, брилијантно победи и по четврти пат стана македонски клупски шампион за 1994 година. Така легално го потврди своето право на учество во Европскиот клупски шампионат во 1995 година.



ФРАГМЕНТ ОД ЗАВРШНИЦАТА НА РАДОВИШКАТА „БАЈКА“, ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ЗАЕДНО СО ДЕЛ ОД СВОЈОТ ТИМ И НАЈБЛИСКИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЕУФОРИЧНО ЈУРИША СО ЗЛАТНИОТ ПЕХАР НИЗ СПОРТСКАТА САЛА „25 МАЈ“ ВО РАДОВИШ





# БУЧИМ-ЈАКА НА ЕВРОПСКИОТ ТРОН – 1995

9 јуни
РАДОВИШ

По освојувањето на четирите шампионски титули на Македонија, наредната 1995 година за прв пат во историјата клубот настапи во Купот на европските шампиони. За ова деби на европската сцена нашиот шампион имаше темелни подготовки. По тренинзите во Радовиш и на планината Плачковица, борачите беа на 20 дневни подготовки во Бугарија, каде беа гости на домашната „Славија“.



ДОДЕКА СИТЕ СПОКОЈНО ГО СЛЕДЕА НАТПРЕВАРОТ, ТЕМПЕРАМЕНТОТ НА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ДОЈДЕ ДО ПОЛН ИЗРАЗ, ШТО ИМ ДАВАШЕ ДОПОЛНИТЕЛНА МОТВАЦИЈА НА БОРАЧИТЕ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА И НА СВЕТСКАТА КЛУПСКА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА, 1995 ГОДИНА



„БУЧИМ-ЈАКА“ НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ, РАДОВИШ, 1995 ГОДИНА

Противник на клубот во првото коло беше „Фиаме Оро“ од Неапол. Првата средба се одржа на 2 септември во Радовиш. Четирикратниот македонски шампион го декласира првакот на Италија, совладувајќи го со 10-0. Очекуваниот спектакл на општо задоволство не изостана. Борачите на нашиот шампион, со мошне квалитетен настап ги воодушевија присутните во салата „25 Мај“, која беше претесна да ги прими сите симпатизери. Шесткратниот првак на Италија, инаку екипа на Министерството за внатрешни работи, со осум карабињери во своите редови, од кои четворица беа и репрезентативци на оваа земја, беше класично туширан. Карабињерите не само што не успеаја да извојуваат ниту една победа, туку дури шест од десетте дуели завршија со туш. Немоќни беа и нивните најголеми надежи, Пироне и Тромпконе, а директорот односно тренерот на Италијанците, не само што јавно ја признаа супериорноста на противникот, туку во неколку наврати ја истакнаа и вчудоневиденоста од атмосферата во салата, односно фанатичното бодрење на големиот број навивачи, што за нив било апсолутно неочекувано и невообичаено.








СПОРТСКАТА САЛА „25 МАЈ“, РАДОВИШ ВО КОЈА СЕ ОДРЖУВАА НАТПРЕВАРИТЕ

***Фиаме Оро*** (ИТА) – ***Бучим-Јака*** (МКД) 2 – 8 (7 – 32)
09.09.1995 година
Спортска сала: Неапол
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Џампјеро Галијани (ИТА)
Делегат: Нобе (Швајцарија)

| Тренер: Чиро Бонкомпањи | | Тренер: Димчо Ангелов | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Корадо Кушино | Влатко Соколов | 0 – 8 | 0 – 3 |
| 52 кг. | Фабио Кушино | Тони Анчев | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 57 кг. | Мауро Армандо | Николчо Калаџиев | 1 – 11 | 1 – 4 |
| 62 кг. | Финзио Салваторе | Тони Танчев | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 68 кг. | Фулвио Верди | Горан Костадинов | 7 – 1 | 3 – 1 |
| 74 кг. | Ринела Салваторе | Валери Верхушин | туш | 0 – 4 |
| 82 кг. | Анџело Камарда | Љубиша Пешко | 8 – 3 | 3 – 1 |
| 90 кг. | Марко Афре | Гари Модосјан | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 100 кг. | Лука Тромпконе | Аслан Хагуров | 0 – 9 | 0 – 3 |
| 130 кг. | Марчело Тромпконе | Јури Голубовски | туш | 0 – 4 |



НЕАПОЛ, ИТАЛИЈА









И во реваншот во Неапол - Италија, на 9 септември 1995 година, македонскиот шампион славеше со 8-2 или 32-8 на поени. И во реванш мечот „Бучим-Јака“ ја потврди својата супериорност во однос на карабињерите од Неапол. Победата беше и очекувана, но за разлика од првиот меч во Радовиш кога беа извојувани максимален број на победи (10) овој пат Италијаните славеа две победи.

Потребно е да се одбележи во спортските анали, дека покрај борачите, спонзорите, тренерите, спортските работници, лекарите, медиумите за да се постигне голем успех неопходна е еуфоричната поддршка од навивачите. Од аеродромот во Скопје се организираше чартер авионски превоз за борачите и за стотина страсни навивачи од двете навивачки групи на „Лебари“ од Радовиш и „Фаланга“ од Штип и многубројни вредни хумани рудари од рудникот „Бучим“. И во овој случај се обединија двете спротивставени навивачки групи за успех на македонското борење. Без нивното присуство немаше да ја има огромната мотивација кај борачите. Кога двете навивачки групи громогласно извикуваа Македонија! Македонија! - борачите се чувствуваа како да се борат на домашен терен.

***Бучим-Јака*** (МКД) – ***Фиаме Оро*** (ИТА) 10– 0(37-1)
02.09.1995 година
Спортска сала: 25 мај Радовиш
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Џампјеро Галијани (ИТА)
Делегат: Раде Ачиќ (ЈУГ)

| **Тренер: Димчо Ангелов** | | **Тренер: Чиро Бонкомпањи** | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Влатко Соколов | Корадо Кушино | туш | 4 – 0 |
| 52 кг. | Тони Анчев | Фабио Кушино | 4 – 0 | 3 – 0 |
| 57 кг. | Николчо Калајџиев | Умберто Пироне | 6 – 2 | 3 – 1 |
| 62 кг. | Тони Танчев | Емилијо Читро | туш | 4 – 0 |
| 68 кг. | Васе Спасов | Фулвио Верди | служ | 4 – 0 |
| 74 кг. | Валери Верхушин | Ринела Салваторе | туш | 4 – 0 |
| 82 кг. | Гари Модосјан | Анџело Камарда | туш | 4 – 0 |
| 90 кг. | Трајан Ангелов | Марко Афре | 7 – 0 | 3 – 0 |
| 100 кг. | Јури Голубовски | Лука Тромпконе | туш | 4– 0 |
| 130 кг. | Аслан Хагуров | Марчело Тромпконе | 10 – 0 | 4 – 0 |



За Ванчо Чифлиганец, творецот на најзначајните борачки успеси со златен сјај кој извира од богатите витрини на македонската спортска историја - може да се каже дека уште како дете ги идентификувал своите можности, соништа и желби. Тој затоа и е сестрана личност: бил техничар во рудникот Бучим, научен истражувач со докторска титула, универзитетски професор, директор на рудникот Бучим, спортски менаџер, пратеник во Собранието на Република Македонија (во два мандата), а во моментов е виден неимар и филантроп.

Поопширно за значењето на проф. д-р Ванчо Чифлиганец во неговите досега објавени монографии:

- САМО ДЕЛАТА СЕ ВИСТИНА
- 60 ГОДИНИ ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
- ШЛЕМОТ Е МОЈАТА КРУНА
- БОРЕЊЕ
- ФИЛАНТРОПИЈАТА НА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ




# 5. Европски шампиони - бура во гледалиштето



НАВИВАЧКАТА ГРУПА ОД МАКЕДОНИЈА ПРИСТИГНУВА НА ПОЛУФИНАЛНИОТ НАТПРЕВАР ВО БУДИМПЕШТА, КАДЕ ВО 1995 ГОДИНА МАКЕДОНСКИОТ ШАМПИОН ВО БОРЕЊЕ „БУЧИМ–ЈАКА“ ОД РАДОВИШ ГО ПОБЕДИ УНГАРСКИОТ ШАМПИОН „ЧЕПЕЛ“ НА НЕГОВ ТЕРЕН

## ВО БУДИМПЕШТА НАШИОТ НАЈТРОФЕЕН СПОРТ ДОЖИВЕА НОВИ ЅВЕЗДЕНИ МИГОВИ

По двете убедливи победи и елиминацијата на италијанскиот шампион, македонскиот првак беше пред нов голем испит. Во второто коло што се одржа на 16 септември, нашиот шампион се сретна со унгарскиот прдвак „Чепел“ од Будимпешта. Во тој натпревар во Радовиш падна и „Чепел“ изгуби со 6-4 или 23-16. Мечот беше спортски спектакл во преполната сала „25 Мај“ во Радовиш. Во пеколната атмосфера каква што можат да ја создадат само вистинските вљубеници во овој спорт, борачите на нашиот шампион очекувано славеа победа.

Апсолутно супериорниот Влатко Соколов на стартот ја извојува првата победа за нашиот шампион. Но веднаш потоа, во категоријата 52 кг. се чини беше направен првиот најголем кикс, Тони Анчев во дуелот со Пилиќ започна одлично и освои два поени. Осоколен, продолжи да атакува но во еден момент со контразафат, Пилиќ ги изненади сите, па и противникот и извојува победа со туш.




ПОБЕДА НА ГАРИ МОДОСЈАН ВО БУДИМПЕШТА





ВАЛЕРИЈ ВЕРХУШИН ПО УСПЕШНИОТ НАСТАП ПРОТИВ УНГАРСКИОТ БОРАЧ АРПАД РИХТЕР ВО РАЗГОВОР СО МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТСКИ НОВИНАРИ МИШКО МИХАЈЛОВ И ЗОРАН МИХАЈЛОВ

По ова бевме сведоци на нова бура во гледалиштето: Тони Танчев со туш го совлада Бела Нац, а Васе Спасов по голема борба во крајно возбудлив финиш, на поени беше подобар од Жолт Банкути. Во следната борба до 68 кг. Трајче Димков дури во продолжението загуби од Ендре Елекеш и во тој момент резултатот беше 3-2. Веднаш потоа гледалиштето беше одново на нозе, засилувањата од Русија, Валери Верхушин и Гари Модосјан беа супериорни и мошне атрактивни, совладувајќи ги со технички туш своите противници, па водството изнесуваше 5-2. Во последните три борби Трајан Ангелов изгуби од Петер Бочо, Аслан Хагуров тешко но сепак го совлада Нандор Гелимеши, додека четвртиот Русин Јури Голубовски во мошне значајниот дуел во најтешката категорија, неочекувано, дури во продолжението загуби од 15 килограми потешкиот Јожеф Глазар.





***Бучим-Јака*** (МКД) – ***Чепел*** (УНГ) 6 – 4 (25-16)
16.09.1995 година
Спортска Сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Илија Трајанов (МКД) и Томаш Елек (УНГ)
Делегат: Петар Антов (БУГ)

| **Тренер: Димчо Ангелов** | **Тренер: Геза Молнар** | | |
|---|---|---|---|
| 48 кг. Влатко Соколов | Јанош Марошвелги | 7 – 1 | 3 – 1 |
| 52 кг. Тони Анчев | Јожеф Пилиќ | туш | 0 – 4 |
| 57 кг. Тони Танчев | Бела Нац | туш | 4 – 0 |
| 62 кг. Васе Спасов | Жолт Банкути | 4 – 3 | 3 – 1 |
| 68 кг. Трајче Димков | Ендре Елекеш | 1 – 3 | 1 – 3 |
| 74 кг. Валери Верхушин | Арпад Рихтер | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 82 кг. Гари Модосјан | Јанош Вориш | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 90 кг. Трајан Ангелов | Петер Бочо | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 100 кг. Аслан Хагуров | Нандор Гелимеши | 5 – 0 | 3 – 0 |
| 130 кг. Јури Голубовски | Јожеф Галзар | 1 – 2 | 1 – 3 |

***Чепел*** (УНГ) – ***Бучим-Јака*** (МКД) 3 – 7 (16 – 22)
23.09.1995 година
Спортска Сала: Будимпешта
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Томаш Елек (УНГ)
Делегат: Нобе (Швајцарија)

| **Тренер: Геза Молнар** | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
|---|---|---|---|
| 48 кг. Ласло Овари | Влатко Соколов | 2 – 4 | 1 – 3 |
| 52 кг. Јожеф Пилиќ | Николчо Калајџиев | 4 – 6 | 1 – 3 |
| 57 кг. Бела Наѓ | Тони Танчев | 2 – 8 | 1 – 3 |
| 62 кг. Жолт Банкути | Васе Спасов | 7 – 4 | 3 – 1 |
| 68 кг. Ендре Елекеш | Трајче Димков | 3 – 0 | 3 – 0 |
| 74 кг. Арпад Рихтер | Валери Верхушин | 1 – 8 | 1 – 3 |
| 82 кг. Ласло Дворжак | Гари Модосјан | 1 – 6 | 1 – 3 |
| 90 кг. Петер Бочо | Чедо Николовски | 6 –0 | 3 – 0 |
| 100 кг. Нандор Гелимеши | Јури Голубовски | 1 – 3 | 1– 3 |
| 130 кг. Јожеф Глазар | Аслан Хагуров | 2 – 3 | 1 – 3 |

По една недела следуваше и реванш мечот во Будимпешта, каде во крајно рамноправен дуел победи шампионот на Македонија. Со оваа победа борењето како наш најтрофеен спорт доживеа нови ѕвездени мигови. За разлика од порано, кога успесите беа главно во поединечна конкуренција, македонскиот спорт во историската победа на БК „Бучим-Јака“ од Радовиш, против унгарскиот „Чепел“, го доби првиот финалист во едно силно клупско натпреварување - Купот на европските шампиони. Европскиот поход на радовишани беше повеќе од успешен, бидејќи им преостана само уште финалниот мегдан па да се најдат на тронот на стариот континент.

## ФОТО ФРАГМЕНТИ ОД ПОЛУФИНАЛНИОТ ДВОМЕЧ ОДРЖАН ВО БУДИМПЕШТА МЕЃУ БОРАЧКИТЕ КЛУБОВИ „ЧЕПЕЛ“ ОД УНГАРИЈА И „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД МАКЕДОНИЈА






























# И ПРЕД БУДИМПЕШТА БЕВ ТЕМПЕРАМЕНТЕН НАВИВАЧ: НАВИВАЊЕТО НЕ Е ШОВИНИЗАМ, ТУКУ ЧОВЕКОЉУБИЕ!

Кога бев студент по геологија во Белград, и кога доаѓаа македонски спортисти на натпревар во Белград, ни за жива глава не ги пропуштав мечевите. Тие ми беа духовна храна, ми ги полнеа батериите да издржам, да не се предадам, да се борам, зашто студирав делумно издржувајќи се и од свој сопствен труд. Ако дојдеа фудбалерите на „Вардар“ (моите идоли: Методија Спасовски, Сребров, Мечкаров, Врбица, Пљачков, Мутибариќ, Балевски, Кочо Димитровски, Васил Рингов), секогаш бев таму. На секој натпревар на „Партизан“ одев за да ги бодрам Македонците Никица Клинчарски и Благоја Истатов; ако дојдеа кошаркарите на „Работнички“, пак бев таму, затоа што во тимот беше и мојот идол Благоја Георгиевски; ако дојдеше да боксува Аце Русевски, секако бев таму. И без да размислувам, го пуштав срцето да вика: „Ма-ке-донија! Ма-ке-донија!“. Често само јас скандирав на трибините. Некои луѓе чудно ме гледаа. Но, ме изненади реакцијата на еден мој близок белградски пријател, кој од загриженост ми рече: „Не барај си ја белјата, навивај спортски, ќе помислат дека си шовинист! А не си!“ Тој страшен збор ми се врежа во главата – знаев дека за тој еден збор може да заглавам кајшто не треба, да си ја уништам студентската и професионална кариера, но не разбирав зошто би бил шовинист ако го употребувам името ‚Македонија', држава признаена под тоа име во таа братска Југославија, особено кога на теренот се бореа македонски спортисти и тимови? И знам дека купив лексикон на странски изрази, и дека прочитав: „Шовинизам – распалување на национална омраза, проповедање на национална исклучивост“. Ми олесна: јас не бев тоа. Вистински спортист не може да биде шовинист и никогаш не распалува меѓунационална омраза, туку само ја сака својата земја и ги брани нејзините бои, знаме, углед и чест. Патриотизмот и љубовта кон сопствената татковина не се шо-







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И НИКОЛА АТАНАСОВ СО ЛЕГЕНДАТА НА МАКЕДОНСКИОТ БОКС, ЕВРОПСКИОТ ШАМПИОН И ОСВОЈУВАЧ НА ОЛИМПИСКИ МЕДАЛ АЦЕ РУСЕВСКИ ВО БЕЛГРАД

винизам, туку само желба да се стане рамноправен со другите кои важат за посилни. А тоа е човекољубие. За мене, спортот и филантропијата се исто: ги срзува *правдата*. Спортот е *праведен* (или таков би требало да биде), зашто излегуваме од добар спортски натпревар задоволни дури и кога нашиот тим загубил, доколку противникот чесно победил, па дури ја изговараме и реченицата „Алал да им е, нѐ надиграа! Секоја чест!“. Тоа е чиста филантропија: даваш признание, а не само пари некому!

Веќе на следниот натпревар, наместо „Ма-ке-донија“, извикував „Вар-дар! Вар-дар!“ Или „Русевски! Русевски!“. Пријателот пак ме погледна. Го прашав што е сега? Се насмеа и рече: „Ти си непоправлив! Само ти се слушаш во салава. Викаш како да си со мегафон. И што дека викаш ‚Вардар', кога го викаш тоа како да викаш ‚Македонија'!“ „Па Вардар тече во Македонија, што да му правам кога таму тече“, му реков, и потоа слатко се смеевме. Го научив и него со мене да вика ‚Ма-ке-донија!' да не викам сам!. И навиваше човекот. Спортот гради пријателства, како и навивањето.

## *Зошто навивам како адреналински зависник?*

Да, признавам. Личам на речиси избезумен човек кога навивам за борачите. Адреналинот ми станува крв, крв немам, само адреналин ми тече по вените. Срцето ми се претвора во раце и нозе што мафтаат, трчаат, удираат со тупаници по околни предмети. Скокам, сакам да влезам на душекот, да мотивирам, сакам *јас* да се борам. А на неправедна одлука на судија знам да изреагирам и така што ме отстрануваат од салата, најчесто на туѓ терен. Нашиве редари веќе ми го знаат табиетот, симпатичен сум им, се навикнаа. Се навикна и нашата публика, па со едно око следи што се случува на душекот, а со друго гледа што правам јас. Како да им е подеднакво интересно да ја гледаат борбата и мене како навивам, како да гледаат две борби во исто време. И точно е: гледаат две борби – едната меѓу двајца борачи на душекот, а другата внатрешна борба – се бори Ванчо во себе со замислен противник. Тој противник нема лице, нема конкретно име, ама во мојата фантазија е противник на сè што е човечко, противник кој е олицетворение на злото. Јас од мал бев воспитан да реагирам на зло и неправда. И кога бев пратеник бев најгласен, зашто навивав за доброто и правдата.

Се разбира дека ниеден спортски противник никогаш, ама баш никогаш не сум го сфаќал како „зло“, туку како рамноправен човек, спортист, благороден борач, колега. Но, за да се мотивирам и самиот како борач, често сум се служел со трик. Противникот, особено кога станува збор за важен меч на кој мојата татковина, Македонија се бори со некоја голема светска сила, станува во мојата мотивација – секој оној кој ѝ стоел на пат на мојата татковина, кој ѝ пречел да стане самостојна, кој го толчел македонскиот и сите други народи кои отсекогаш живееле во Македонија, и кои и денес живеат во сегашна Република Северна Македонија. И затоа, кога на Дане Вучков судбината му додели најжежок костен – од него и неговата последна борба да зависи дали ќе станеме светски шампиони, и кога само требаше да избегне да биде туширан од далеку посилниот противник, знам дека му довикнав: „Издржи Дане, ќе бидеш најславен човек после Гоце Делчев!“ Дане добро се сеќава на тоа, и ден-денес тврди дека тоа му дало сила да издржи!

Што значи тоа? Веројатно навивам како зависник од адреналин токму поради нашите предци. Тие ми се мотивација. Ама тие се мотивација и за борачите: Дане е пример за тоа – победи зашто се идентификуваше со Делчев, па не се предаде!

Но морам да потенцирам уште нешто што е и најважно! Дополнително бев мотиваиран и поддржан од моето семејство што ме следеше како верна сенка во сите постигнати успеси, сопругата Данка, ќерките Евангелина и Драгана, и се разбира синот Душко.

ТЕМПЕРАМЕНТНИОТ ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО НЕГОВИОТ ТИПИЧЕН НАВИВАЧКИ НАЛЕТ







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ НА РАЦЕТЕ И НА РАМЕЊАТА НА ЕУФОРИЧНАТА РАДОВИШКА ПУБЛИКА



## *Ме приведоа во Будимпешта затоа што ги мотивирав борачите за да победат!*










Како водач на македонската екипа БК „Бучим-Јака“ од Радовиш, на полуфиналната средба во борење во Будимпешта со унгарскиот претставник БК „Чепел“, како официјален претставник на БК „Бучим-Јака“ и претседател на СБСМ бев распореден да седам на почесната службена маса, на која доаѓаа да се ракуваат многу официјални гости. Во почетокот на борбите, во моментите кога нашата екипа оствари неколку победи, некои луѓе од нивниот клуб, како и дел од унгарската полиција задолжена за редот и безбедноста, увидоа дека основната психолошка мотивација за победите на нашите борачи е поврзана и со моето препознатливо урнебесно навивање! За да ме отстранат од натпреварот, испратија двајца полицајци, да ми ги врзат рацете и да ме спороведат надвор од арената!

Овој непримерен настан на обезбедувањето и домаќините беше срам без преседан во спортот, незабележан дотогаш во спортските анали и еден од најтешките мигови во мојот живот! Тоа беа тажни моменти: ми потекоа дури и солзи од очите. И сега живо се сеќавам на тоа! Кога ги видов „обезглавени“ нашите борачи, кои во знак на протест го прекинаа натпреварот, не знам од каде собрав сили и „рикнав“: *Борете се! Држ’ те се! Победете ги, бидете похрабри од мене! Вие не се борите само за „Бучим“ туку и за Радовиш, и за вашата татковина Македонија! И пендреци да добијам мојата болка ќе биде помала од вашата победа!* За среќа, Унгарците ништо не разбраа од тоа.

Потоа, по протестот на борачите, јас бев вратен во арената, но не на почесната маса, туку меѓу нашата публика, каде продолжив уште позвучно да навивам, до заслужената победа на нашите борачи. Со победата ја освоивме вицешампионската титула и нè делеше само една победа во финалниот натпревар за освојување на европската шампионска клупска титула.



БОРБИТЕ ГИ СЛЕДЕА ВИСОКИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА БОРАЧКИ ФЕДЕРАЦИИ МИХАИЛ БИРО, ЦЕНО ЦЕНОВ, ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И ДРУГИ




ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФБСМ ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ НА ФИНАЛНИТЕ БОРБИ ВО РАДОВИШ

На одлучувачката средба се случи еден непријатен спортски настан: нашиот претставник, проф. д-р Ванчо Чифлиганец го отстранија од натпреварот, надвор од спортската арена, и тоа поради темпераментното бодрење на борачите. Во тој момент борачите и македонските навивачи (200), не дозволија да продолжат борбите сè додека Чифлиганец не се врати меѓу гледачите.

По успехот против фаворизираниот унгарски шампион и тоа на негово бојно поле, радоста кај комплетната експедиција на нашиот првак немаше крај.

Ова беше историски успех и тоа не само клупски, туку и државен, за Македонија. Ваквите резултати беа плод на тимска работа, како на организационен, така и на стручен план. Беа мобилизирани сите врвни и афирмирани луѓе со години вклучени во нашето борење, а посебно значајно беше ангажирањето на рускиот





шампион и голем спортски тренер Јуриј Шахмурадов и на Насе Насев, селекторот на македонската репрезентација.

Ангажирањето на селекторот Насе Насев во улога на советник беше драгоцено, а по успехот видливо беше и неговото задоволство. *И покрај неспорниот квалитет, тактиката никогаш не била силна страна на унгарското борење. Едноставно ги надмудривме во секој поглед. Мене посебно ме радува одличната борба на Соколов, кој со победа над европскиот вицешампион Ласло Овари потврди дека е во врвот на европското борење. Истото се однесува за Калајџиев и Танчев, чии победи значеа и растурање на сите математики на унгарците,* истакна Насе Насев.

Кренат на рамениците на навивачите, кои и во Будимпешта громогласно ги бодреа своите миленици, „џокерот“ на радовишани Николчо Калајџиев не можеше да ја сокрие возбуденоста: *Имав голема одговорност, во првиот меч не настапив и многумина тоа го протолкуваа погрешно. Сега бев решен да победам и да ги демантирам сите што се сомневаа во мене* ни рече Калајџиев.

На оваа полуфинална средба во вкупниот резултат БК „Бучим-Јака“ од Радовиш, Македонија, и со што се стекна со право за пласман во финалето на купот на Европските клупски шампиони. Во Будимпешта натпреварувачите ги бодреа околу двесте навивачи кои пристигнаа од Македонија со чартер лет и со приватни возила. Овде треба да се истакне дека дојдоа двете навивачки групи „Лебари“ од Радовиш и „Фаланга“ од Штип.



ЗНАЧАЈНО ЗА БОРЕЊЕТО БЕШЕ И АНГАЖИРАЊЕТО НА ВРВНИ СВЕТСКИ ИМИЊА КАКО ГОЛЕМИОТ РУСКИ ШАМПИОН И ТРЕНЕР ЈУРИЈ ШАХМУРАДОВ

Пред почетокот на натпреварите на националните клупски шампиони, во учеството на Купот на клубски европски шампиони од страна на европската борачка федерација (ЦЕЛА) беше одредено местото за одржување на финалето во Будимпешта-Унгарија, веројатно водени од претпоставката деке БК „Чепел“ од Будимпешта - Унгарија ќе ги победи полуфиналистите и ќе биде финалист.

За среќа на БК „Бучим Јака“ од Радовиш тоа не се случи, тој победувајќи го „Чепел“ во Радовиш, и во Будимпешта, БК „Бучим-Јака“ - Радовиш стана европски вицешампион и финалист во финалето.

ЦЕЛА одржа вонрена седница и финалето на европскиот куп го одреди да се одржи во Радовиш - Македонија.

На неколку дена пред самото одржување на големото Европско финале во Радовиш, се случи монструозниот атентат на претседателот на Македонија Киро Глигоров. Предсеталетот на ЦЕЛА во телефонски разговор на Претседателот на СБСМ, Ванчо Чифлиганец му го постави прашање дали е безбедно или да се одреди друго место на одржување на финалето. Чифлиганец непоколебливо го убеди дека Македонија и македонските граѓани нема сила што може да ги скрши и поколеба, дури и во такви тажни и неизвесни моменти, Ние сме доволно цврсти , преку спортот да докажеме кои сме и што сме. ЦЕЛА го потврди одржувањето на финалето во Радовиш - Македонија, а таа одлука беше оправдана од организаторите кои безбедно и на највисоко ниво го реализираа финалето, без ниту еден инцидент, напротив со исклучителна фер, еуфорична и спортска атмосфера.





## ДОВЕРБАТА НА ФИЛА КОН МАКЕДОНИЈА

Нашата победа во Будимпешта, во полуфиналето против унгарскиот клуб „Чепел“ ни овозможи да бидеме домаќини на финалниот натпревар во борење, на Европскиот шампионат. За тој настан ние се ангажиравме посветено, не само на организациски, туку и на безбедносен план. Во спортската сала „25 мај“ доградивме две трибини за љубителите на спортот. Капацитетите за седење и стоење во салата ги проширивме на уште 3 000 места. Се беше направено до перфекција, но кога на 3-ти октомври се случи атентатот врз нашиот претседател, господинот Киро Глигоров, таа вест и во Светската борачка федерација и од нејзиниот претседател Милан Ерцеган беше примена со отворен сомнеж околу безбедноста на идниот настан. Кога два дена потоа, на 5-ти октомври 1995 година тој ми се јави и љубезно, со големо внимание ме праша дали финалето може да се одложи или да се одржи на друго место, јас како од пушка му одговорив: *Случајот со атентатот врз претседателот Глигоров не може да влијае на одржувањето на финалниот турнир. Македонија е доволно силна и способна да издржи еден таков настан. Ние знаеме истовремено и да се справиме со болката и да се грижиме за други, дури и кога имаме најтешки загуби.*

Најбитно е што ние бевме подготвени за финалето! Мотивацијата кај нашите спортски фактори, *борачите, спортските работници и публиката*, беше на највисоко ниво. Сите заедно беа „гладни“ за еден таков настан! Ние сме миролубив народ, вреден и борбен, а таа жилавост ја демонстриравме и во спортската арена, со соодветниот резултат.

Пожелно е во оваа пригода е да потсетам дека спортот е најуниверзалната благородна вештина, со која луѓето можат да се натпреваруваат во рамноправни услови, независно од тоа на колку голема држава или етничка заедница припаѓаат. Зашто го велем тоа? Ако на човекот прва љубов му е спортот, тој внатрешните психолошки превривања ќе ги претвора во миролубиви но витешки натпревари, каде победениот ќе му пружи рака и ќе му ја честита победата на победникот- тоа е тоа!

# КАКО ТАЈНО ГИ СНИМАВ БОРАЧИТЕ НА „ТЕДАШ“ ВО АНКАРА, ТУРЦИЈА



АНКАРА, ТУРЦИЈА

Стратешките побуди да се најде вистинското решение во подготовките за освојување на европската шампионска титула, го мотивираа немирниот но снаодлив и креативен дух на проф. д-р Ванчо Чифлиганец да тргне на пат долг 1145 километри во еден правец. На тоа патување бил придружуван од колегата инженер Бранко Литајковски од Рудникот „Бучим“, во овој случај во улога на камерман, од спортскиот новинар Ѓорѓи Водов, како и возачот Ристо Дафев.

Ванчо тргнал на тој далечен пат да ги сними сите борби од полуфиналниот меч што требало да се одржи во главниот град на Турција, Анкара, меѓу БК „Тедаш“ од Турција, и БК „ЦСК“, од Русија. Овој напорен ангажман на Чифлиганец, тренерите Насев, Ангелов и Шахмурадов го оцениле како непотребен, но кога ја виделе снимката во семејниот дом на Чифлиганец, со големо внимание ги проследиле настаните во Спортската арена на Анталија.

Преку стручните анализи што произлегле од проучувањето на индивидуалните настапи на турската екипа „Тедаш“, ги откриле и издвоиле сите позитивни и негативни боречки и стилски карактеристики на секој поединец. Во секој случај се покажа дека оваа мудра одлука придонесе да се искреира победничка стратегија која резултираше со победа на „Бучим-Јака“ во финалниот меч со „Тедаш“.





# ЕВРОПСКО КЛУПСКО ФИНАЛЕ ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ

## БК „БУЧИМ-ЈАКА“ - РАДОВИШ, МАКЕДОНИЈА БК „ТЕДАШ“ - АНКАРА, ТУРЦИЈА

**Радовиш, Македонија** (28.10.1995)

Пред шестилјадна публика во СРЦ во Радовиш, и уште двеилјадна публика која остана пред спортската сала, да ги следи натпреварите на видео бим, започнаа финалните борби меѓу финалистите борачи од Македонија и Турција.

СРЦ во Радовиш, беше претесен да ги собере сите љубители на спортот, кои од цела Македонија и од регионот дојдоа во Радовиш да присуствуваат на големото европско финале. Сите Македонци беа водени од една желба за победа, свесни дека моментот е сега или никогаш, но и исправени пред дилемата: *Дали македонските шампионски борачи ќе успеат да ги победат турските шампиони, од кои половината беа во бугарската боречка репрезентација, а другата половина беа борачи од турската државна репрезентација*?За многумина од турските борачи кои требаше да се појават на борилиштето во Радовиш, се знаеше дека се повеќекратни европски, светски и олимписки носители на медали. Се посочуваше дека шампионатот може да биде како борбата помеѓу „Давид и Голијат“. Дури и најголемите оптимисти, поддржувачи на македонските борачи, не можеа да најдат аргументи со кои би си дале сигурност дека Македонија ќе успее да го победи турскиот шампион во финалето, имајќи ги во предвид вековните факти дека Турците го имаат борењето во своите гени. Турските борачи дојдоа во Радовиш, помалку и арогантно, самобендисано и убедени дека ќе победат. Во нивниот тим беше и Махмуд Демир трикратен светски шампион, олимпиец, гранитен борач-спортист, речиси непобеден во тој период. Ниту во еден момент турските борачи, не помислија дека може и да загубат и да не бидат европски шампиони во 1995 година.

## ФОТО ФРАГМЕНТИ ОД НАТПРЕВАРОТ ОДРЖАН ВО РАДОВИШ МЕЃУ БОРАЧКИТЕ КЛУБОВИ „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД МАКЕДОНИЈА И „ТЕДАШ“ ОД ТУРЦИЈА

















КАКО ДА СЕ ОСВОИ ЗЛАТНИОТ ПЕХАР? БОРАЧКИТЕ СТРАТЕЗИ, ОДЛЕВО: ЉУПЧО САМОНИКОВ, НАСЕ НАСЕВ И ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ

Финалето започна на 28.10.1995 година во Радовиш, помеѓу екипите на БК „Бучим-Јака“ од Радовиш и БК „Тедаш“ од Турција. Почетокот беше закажан за 19:30 часот со претходно богата културно-забавна програма. Мечот се одржа во СРЦ во Радовиш, во специјално преуредената сала, за еден несекојдневен спортски спектакл.

***Бучим-Јака*** (МКД) – ***Тедаш*** (ТУР) 5 – 5 (19 – 17)
28.10.1995 година
Спортска сала: Шампионче, Радовиш
Судии: Тодор Грудов (БУГ) и Плашкар Калмар (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| | **Тренер: Димчо Ангелов** | **Тренер: Јакуп Топуз** | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Тони Анчев | Ерхан Јурдакул | 2 – 1 | 3 – 1 |
| 52 кг. | Николчо Калајџиев | Метин Топаташ | 2 – 7 | 1 – 3 |
| 57 кг. | Тони Танчев | Исмаил Зурначи | 3 – 6 | 1 – 3 |
| 62 кг. | Васе Спасов | Исмаил Фаикоглу | 1 – 7 | 1 – 3 |
| 68 кг. | Трајче Димков | Санли Јуксел | 0 – 3 | 0 – 3 |
| 74 кг. | Валери Верхушин | Мурат Атмаџа | 3 – 0 | 3 – 0 |
| 82 кг. | Гари Модосјан | Сабахатин Озтурк | 6 – 0 | 3 – 0 |
| 90 кг. | Аслан Хагуров | Ибрахим Алтан | 6 – 0 | 3 – 0 |
| 100 кг. | Јури Голубовски | Али Кајали | 3 – 2 | 3 – 1 |
| 130 кг. | Данчо Вучков | Демир Махмут | 2 – 8 | 1 – 3 |

Загреаната атмосфера во гледалиштето како да експлодира уште на самиот почеток, кога дури по продолжението во една рамноправна борба Тони Анчев (48 кг.) за нијанса беше подобар од Ерхан Јурдакул, извојувајќи ја првата победа со 2-1 на поени. Со тоа БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, Македонија ги освои првите три поени, а БК „Тедаш“ - Анкара, Турција освои еден поен.

Силниот турски противник, со четирите последователни победи, атмосферата во арената ја претвори речиси во театарска. Загубија Николчо Калајџиев (52 кг.) против Метин Топаташ (вицешампион на последните две ЕП). Со оваа победа на турскиот шампион резултатот меѓу национаалните шампиони се изедначи на 4-4.

Следеше третата борба на 57 кг. на Тони Танчев против Исмаил Зурначи (победник на Светскиот куп во Будимпешта) кој борбата ја загуби 6-2 на поени. Со завршувањето на третата борба турскиот шампион „Тедаш“ од Анкара поведе со 8-5, што беше значаен мотив за турските шампиони.

Четвртата борба на 62 гк. беше меѓу Васе Спасов и Исмаил Фаикоглу (трет на ЕП во Франкфурт) кои водеа витешка борба. На крајот







ТРАЈЧЕ ДИМКОВ ВО БОРБАТА СО САНЛИ УКСЕЛ БЕШЕ ИНФЕРИОРЕН ОСТАНУВАЈЌИ БЕЗ ОСВОЕН МЕДАЛ



ВАЛЕРИЈ ВЕРХУШИН ЕДЕН ОД ГОЛЕМИТЕ РУСКИ АДУТИ ВО ТИМОТ НА „ЈАКА“ - РАДОВИШ ИЗВОЈУВА ПОБЕДА ВО БОРБАТА СО БОРАЧОТ МУРАТ АТМАЏА НА „ТЕДАШ“ ОД ТУРЦИЈА

Вуле! Вуле! Ти си нашата круна, нашиот златен медал на Европскиот шампионски куп - нека ти е со среќа!

Честитки до Соколов, Анчев, Калајџиев, Танчев, Спасов, Димков, Верхушин, Модосјан, Хагуров, Голубовски, Вучков и тренерот Ангелов! Вие сте вистинските мајстори на борењето и заслужено станавте првиот европски клупски шампион од Македонија

Им благодарам на сите љубители на борачкиот спорт:

- на пет-шест - илјадната публика што ја потресе Спортската сала со нивното бодрење на нашите нови европски шампиони, освојувачите на златната европска круна за 1995 година.

Благодарам пред сè, на еминентниот и повеќекратен шампион на Турција, клубот „Тедаш“ кој го покажа својот врвен борачки сјај, во натпреварот со радовишкиот клуб „Бучим-Јака“.

За среќа, и на наша голема радост, нијансите одлучуваа во нашата заслужена победа! Тоа беше тешка, но многу драгоцена победа, неизвесна до последните секунди во секој поединечен меч!

Но, до таа победа немаше да дојдеме ако ја немавме на располагање мудроста надградена со претходно проучените индивидуални способности и мани на секој борач од противничката екипа.

Ви благодарам на сите, ви благодарам Вам, на **МОЌНАТА**, на **УРНЕБЕСНАТА ПУБЛИКА**, што ги бодревте до последниот здив нашите борачи, победниците во спортот кој е стар колку човечкиот род. Според тоа по овие денешни случувања, си земам за право нашата држава да ја именувам со зборовите **ЗЛАТНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**.

Ви благодарам, *Ванчо Чифлиѓанец*











ДИМЧО АНГЕЛОВ,
ПРВИОТ ТРЕНЕР НА БК„БУЧИМ-ЈАКА“

Васе Спасов изгуби со 7-1 на поени. По завршувањето на четвртата борба турскиот шампион „Тедаш“ поведе со убедливи 11-6 на поени против македонскиот шампион „Бучим-Јака“.

По нив загуби и Трајче Димков (68 кг.) кој беше инфериорен во дуелот со европскиот вицешампион Санли Јуксел, останувајќи без бод.

По овие пет борби гостите поведоа со 13-6 на поени.

Предноста на гостите беше висока, но немаше разочарување кај македонскиот шампион „Бучим-Јака“ од Радовиш и публиката кои веруваа до последен момент дека е можен пресврт и да се заврши со победа.

Следеа мечевите на големите адути на радовишани, односно настапите на „рускиот квартет“. Валериј Верхушин (74 кг), Гари Модосјан (82 кг), Аслан Хагуров (90 кг), Јури Голубовски (100 кг) и нашиот ветеран, потврден македонски шампион Данчо Вучков (130 кг). Валериј Верхушин се бореше со турскиот репрезентативец Мурат Атмаџа, кој го совлада убедливо 3-0 на поени. Публиката повторно беше на нозе и еуфорично навиваше Македонија... Македонија... Надежта за победа на македонскиот повеќекратен шампион „Бучим-Јака“ - Радовиш растеше. Разликата се намали на 13-9. Голем подвиг оствари Гари Модосјан (82 кг), кој со извонредна борба 6-0 на поени го совлада светскиот и европски првак Селахатин Озтурк, испраќајки го во соблекувалната без освоен поен. Со победата на Гари Модосјаан резултатот речиси се изедначи на 12-13 во корист на турскиот шампион. Расположението на публиката се подигна до точка на вриење. Се тресеше целата спортска сала. Сите беа на нозе!

Се биеше тешка и неизвесна битка, дали „Бучим-Јака“ ќе направи пресврт и ќе поведе?

Стапи на сцена гранитниот Аслан Хагуров во дуелот со Алтан Ибрахим. Публиката еуфорично спортски навиваше, со надеж Хагуров да победи и македонскиот шампион да поведе. Хагуров настапи, ги







ЦЕНО ЦЕНОВ,
ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ЕВРОПСКАТА
БОРАЧКА
ФЕДЕРАЦИЈА
МУ ГО ПРЕДАВА
ПОБЕДНИЧКИОТ
ПЕХАР
НА ВАНЧО
ЧИФЛИГАНЕЦ



НЕ ИЗОСТАНА
НИ НАЈГЛАСНА
ВЕСЕЛБА
ПО ПОВОД
НЕЗАБОРАВНИОТ
НАСТАН



ТИМОТ НА „БУЧИМ-ЈАКА“ ПРЕД ГОЛЕМОТО ФИНАЛЕ ЗА ЕВРОПСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОН ВО 1995 ГОДИНА, СТОЈАТ ОДЛЕВО: ДИМЧО АНГЕЛОВ, ВАСЕ СПАСОВ, Д-Р РОБЕРТ ВЕЛКОВ, ГАРИ МОДОСЈАН, АСЛАН ХАГУРОВ, ДАНЧО ВУЧКОВ И ЈУРИ ГОЛУБОВСКИ КЛЕЧАТ ОДЛЕВО: ТОНИ АНЧЕВ, ТОНИ ТАНЧЕВ, НИКОЛЧО КАЛАЏИЕВ, ТРАЈЧЕ ДИМКОВ, ВАЛЕРИЈ ВЕРХУШИН И СЛАВЧО ИЛИЕВ



„БУЧИМ-ЈАКА“
ЕВРОПСКИ
ШАМПИОН
1995 ГОДИНА




ЧИФЛИГАНЕЦ
ВО ПОБЕДНИЧКА
ЕУФОРИЈА
НЕ ЗАБЕЛЕЖА
ДЕКА
ЌЕРКАТА
ЕВАНГЕЛИНА
САКА ПРВА
ДА МУ
ЧЕСТИТА,
ТУКУ ТОЈ ВО СКОК
СЕ НАЈДЕ
МЕЃУ БОРАЧИТЕ
ПРВ ДА ИМ
ЧЕСТИТА
ЗА ОСВОЕНАТА
ЕВРОПСКА
ШАМПИОНСКА
ТИТУЛАТА







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
СО ЗАСЛУЖЕНИОТ
ШАМПИОНСКИ
ПЕХАР,
1995 ГОДИНА



ЗАЕДНИЧКА ФОТОГРАФИЈА НА ШАМПИОНСКИТЕ БОРАЧИ НА ТИМОТ „БУЧИМ-ЈАКА“ И ДЕЛ ОД УПРАВАТА НА КЛУБОТ



ОДЛЕВО: БРАНКО АТАНАСОВ, ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, СТОЈМИР КОСТАДИНОВ И СЛОБОДАН СТОЈАНОВ

надмина очекувањата, со атрактивна лавовска борба убедливо го победи турскиот репрезентативец Ибрахим со 6-0 на поени и со тоа освои три нови поени за македонскиот шампион. По оваа борба „Бучим-Јака“ за прв пат поведе со 15-13. Со овој резултат не само што се врати надежта, туку се повеќе се насетуваше дека може да се победи.

Атмосферата во арената дојде до кулминација во крајно неизвесниот дуел меѓу Јури Голубовски и Али Кајали кој имаше освоено брон-







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО ЗАСИЛУВАЊАТА ОД РУСИЈА, БОРАЧИТЕ: ВАЛЕРИЈ ВЕРХУШИН, ЈУРИЈ ГОЛУБОВСКИ, ГАРИ МОДОСЈАН И ДИРЕКТОРОТ НА КЛУБОТ ВЛАТКО ГАВРИЛОВ



ПРВИОТ ЧОВЕК НА ФБСМ ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ КРЕНАТ НА РАЦЕТЕ ОД ОДУШЕВЕНАТА ПУБЛИКА ЌЕ ИЗВИКА: *СЕ ОСТВАРИ МОЈОТ СОН! ОВА Е ГОЛЕМА ПОБЕДА! ЗА РАДОВИШ, ЗА НАВИВАЧИТЕ И ЗА ЦЕЛАТА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА!*

зен медал на ОИ во Барселона. Али Кајали беше репрезентативец и на Р. Бугарија, а воедно и претходен европски шампион. Противник за респект, од кого познавачите на борењето очекуваа сигурна победа. Јури Голубовски ги изненади љубителите на спортот и противникот, кого заслужено го победи во тешка и неизвесна витешка борба со 3-2 на поени. Со оваа победа на Голубовски се освоија нови три поени за клубот. „Бучим-Јака“ поведе со 18-14 на поени. Делириум во публиката. Борачите и

ВО МИГОВИТЕ
КОГА БЕШЕ
ОСВОЕНА
ТИТУЛАТА
ЕВРОПСКИ
КЛУБСКИ ШАМПИОН,
ЗА „БУЧИМ-ЈАКА“
ОД РАДОВИШ,
ЧИФЛИГАНЕЦ
НЕ ЗАБОРАВИ ДА
И СЕ ЗАБЛАГОДАРИ
НА ВЕРНАТА
РАДОВИШКА
НАВИВАЧКА ГРУПА
„ЛЕБАРИ“
И НА
МНОГУБРОЈНАТА
ПУБЛИКА








ЛЕВО,
ЗЛАТНИОТ
ПЕХАР
ВО РАЦЕТЕ
НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА МАКЕДОНСКАТА
БОРАЧКА
ФЕДЕРАЦИЈА
ВАНЧО
ЧИФЛИГАНЕЦ



БУДНО
И ПОД
СИЛЕН СТЕРС
СЕ СЛЕДАТ
БОРБИТЕ,
КОЈ ЌЕ БИДЕ
НОВИОТ
ЕВРОПСКИ
КЛУПСКИ
ШАМПИОН

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ЕВРОПСКАТА
БОРАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
ЦЕНО ЦЕНОВ,
ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СВЕТСКАТА
БОРАЧКА
ФЕДЕРАЦИЈА
ЈАНОШ БИРО
И
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ



БОРАЧОТ ДАНЧО ВУЧКОВ ВО ПРЕСУДНИТЕ МИГОВИ НА БОРБАТА УСПЕАЛ ДА ГИ СЛУШНЕ ГРОМОГЛАСНИТЕ ПОРАКИ НА ЧИФЛИГАНЕЦ *ДАНЧО ИЗДРЖИ, ПО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ЌЕ БИДЕШ И ТИ СЛАВЕН!*

публиката не беа свесни што ги чекаше во последната борба. Стапува на сцена големиот борач на турскиот шампион кој е двоструки светски шампион и олимписки победник Махмут Демир, од кој се очекуваше сигурен триумф, да победи со туш, со тоа освојувајќи 5 поени, или да победи со 10 поени разлика и со тоа да освои 4 поени за својата екипа „Тедаш“. Доколку победеше на поени и освоеше 4 поени, резултатот ќе беше 18-18 и бидејќи се converted бореа во гости, автоматски ќе беа победници.

Како и секогаш во спортот се е можено и непредвидливо и се случи чудо. Борбата помеѓу Данчо Вучков и Махмут Демир, беше борба за европска шампионска титула. Во тие моменти тешко беше да се биде во кожата на борачите, на публиката и на спортските работници од двете екипи.

Часот на одлуката дојде. Во арената се појави ветеранот и легендата на радовишкото борење Данчо Вучков (130 кг), чија основна







ШАМПИОНСКИОТ ТИМ БК„БУЧИМ-ЈАКА“ СО ДЕЛ ОД УПРАВАТА НА КЛУБОТ

цел беше против светскиот и европски првак Махмут Демир (подоцна, во 1996 и олимписки шампион) да извлече поен, или да не загуби со туш или технички туш. Од френетичното бодрење во салата настана вистински пекол! Борбата се развлекуваше бидејќи светскиот шампион Махмут Демир беше супериорен, но Данчо Вучков знаејќи го неговиот влог за освојување на еден поен, кој беше одлучувачки за освојување на европската шампионска титула, се бореше многу мудро, рационално и тактички. Со големо искуство и мудрост, Вучков го дочека истекот на петте минути, поразен од Махмут Демир со резултат 8-2 на поени. Со тоа БК „Бучим-Јака“ освои еден, а „Тедаш“ три поени. Со оваа победа меѓу турскиот и македонскиот шампион заврши со резултат 19-17. Со тоа, во една рамноправна, тешка и неизвесна витешка борба, БК „Бучим-Јака“ од Радовиш, Македонија стана клупски европски шампион во борење - слободен стил.

Вучков и останатите македонски борачи - шампиони, заедно со Чифлиганец, со кренати раце се најдоа на рамениците на гледачите, што беше само увод во општа веселба за големиот триумф, кој во градот на борењето се прославуваше до мугрите од новиот ден.

Победничкиот трофеј и златните медали што ги освои екипата на „Бучим-Јака“ од Радовиш, новиот Европски шампион во борење – слободен стил, ги доделија Михаил Биро - потпретседател на ФИЛА и Цено Ценов, претседател на Европската борачка федерација.

Еуфоричното славје по освојувањето на шампионската титула од СРЦ „25 Мај“, веднаш по мечот беше пренесено во фоајето на зградата на фирмата „Голдмак“. Големиот триумф едноставно мораше да се „попрска“ со шампањско а актерите на големото златно финале постојано примаа честитки во триумфална атмосфера, со прегратки, бакнежи и со солзи радосници.

Потпретседателот на ФИЛА Михаил Биро не го криеше задоволството од виденото: *Ваков град, ваква земја Македонија, ваква публика, во еден ваков спектакл, заслужуваат да имаат европски шампион. Организацијата, текот на борбите, дуелот воопшто заслужуваат високи оценки. Сѐ во целост е достојно за едно големо финале, според мене, на светско рамниште. Македонија во Сејди, Трстена, Шоров и др. има големи имиња во борењето, традицијата продолжува, сега има и големи клубови.*

Меѓу најсреќните секако беше еден од творците на клубот и овој успех, претседателот на СБСМ, проф. д-р Ванчо Чифлиганец: *Се оствари мојот сон. Ова е голема победа,како за Радовиш, за неговите граѓани, така и за целата држава. Поголем подарок за македонскиот спорт годинава сметам дека нема.*

Данчо Вучков: *сите борачи беа свесни што значи оваа можност: да се биде или да не се биде европски шампион. Јас бев клучниот борач кој мораше да освои барем еден поен, за да бидеме европски шампиони. Успеав благодарение на бодрењето на публиката. Последно што помнам беше дека претседателот Ванчо Чифлиганец трча околу арената и ми вика:, Данчо издржи, по Гоце Делчев ќе бидеш и ти славен. И тоа ме подигна да издржам до крај.*

Димче Ангелов, тренерот на БК „Бучим-Јака“ истакна: *пред нас беше голем предизвик. Заслужено сме на врвот на Европа. Патот до него беше мошне трнлив, но честитки за сите борачи кои го дадоа својот максимум.*





Својата среќа за овој успех не ја криеше и директорот на МОК, Насе Насев: *Голем момент за македонското борење, воопшто за македонскиот спорт. Блесокот на „Бучим-Јака“, јас лично го очекував 20 години, бидејќи тогаш не успеав тоа да го доживеам со „Спартак“ кој исто така се бореше во финалето на КЕШ. Турците беа поголем противник, но сметам дека беа тактички надмудрени.*

Без сомнение најуспешен борач на „Бучим-Јака“ во циклусот на КЕШ беше рускиот интернационалец Валери Верхушин, кој и во оваа средба го најави, на некој начин, почетокот на следниот, поголем успех.

По освојувањето на европската титула „Бучим-Јака“ повторно тргна по нови походи. Кон крајот на 1995 година во Радовиш пристигна грузискиот стратег Владимир Мествиришвили кој работеше со сите возрасти категории во клубот, почнувајќи од пионерите па сѐ до првиот тим. Па така, следната 1996 година е уште побогата на резултатски план. На европското првенство во Будимпешта кое беше и квалификација за Олимписките игри во Атланта - САД, членот на БК „Бучим-Јака“, Валери Верхушин го освои бронзениот медал и избори учество на Олимписките игри.

Од почетокот на 1996 година борачите на „Бучим“ се впуштија во остварување норма за Олимиските игри во Атланта. Борачите Влатко Соколов, Валери Верхушин, Васе Спасов и Гари Модосјан беа во поход на нормите.

На европското првенство во Будимшпешта што беше последен филтер пред Олимпијадата, Валери Верхушин го освои третото место и заедно со Влатко Соколов исполнија норма за Олимписките игри во Атланта 1996 година.

Најголем трагичар беше Гари Модосјан, на кого иако беше на европското првенство во Будимпешта, не му беше дадена можност да настапи, поради протестот од страна на Руската федерација, која стравуваше од нашиот борач, па така сонот за Олимписките игри згасна за Модосјан.





## *Мотивот Глигоров*

И додека македонските спортисти, моите радовишки спортски херои, како испотен рудар се мачеа да го *откопаат златото* и да ја внесат Македонија во Европа, некои мрачни сили се обидоа со варварски средства да пролеат крв. Кога на 3 октомври 1995 година експлодираше она „Ами-осум“ на улица Македонија, си помислив: „Ванчо, ова е обид за атентат над претседателот Глигоров, но и обид за атентат на независна Македонија“. Интимно, тоа беше можеби и најтешкиот момент во мојот приватен живот, зашто претседателот Глигоров беше чест гостин во „Бучим“ и се гордееше со неговите успеси, неколкупати јавно изјавувајќи дека е тоа **ЗЛАТОТО, ГОРДОСТА НА МАКЕДОНИЈА**. Дваесет и пет дена борачите тренираа, се бореа и се молеа за животот на својот претседател, до 28 октомври, кога дојде денот на големата одлука. Тој ден се издигнаа над ситуацијата како Феникс над пепелта. Нема борач кој пред освојувањето на европската клупска титула на Бучим во борење слободен стил не помисли: „Се борам за животот и здравјето на мојот претседател, Киро Глигоров“! За тоа знам од некои наслушнати муабети меѓу борачите, меѓу рударите но и од публиката. Со поглед се разбиравме дека имаме еден борач повеќе, невидлив на душекот – нашиот претседател, кому радоста што Македонија е европски шампион му беше потребна повеќе од секој лек, за да закрепне!

**ЕДИНСТВО**

Кога денес се сеќавам на големиот спортски успех, сè повеќе сфаќам дека тој немаше да биде можен ако не се изборив за цврсто единство. Со поделени сили, никаде, ни во политиката, ни во стопанството, а најмалку во спортот – нема ни „У“ од успех. Затоа, на еден граѓански собир во Радовиш, во октомври 1994 година, изговорив, залагајќи се за **ЕДИНСТВО НА ГРАЃАНИТЕ**:

„Зар смееме да си дозволиме ваква анемичност во градот и општината Радовиш, зар веќе не потрошивме години во празно партиско надмудрување, зар не поминавме 2 години во најголема малограѓанштина (со чест на исклучоците) со партиски самофалби и надмудрувања, а го заборавивме градот, улиците, реката, училиштата, центарот, културата, спортот. Затоа, да бидеме сега принципиелни, да оставиме разумот да одлучи, во името на граѓаните на Радовиш, во името на 17.000 граѓани – да им оставиме ним да одлучат дали овој град ќе се помести од мртва точка... А како ќе оди напред кога се двоиме по партии, по улици и слично?“

Истово можам да го потпишам и како спортски говор: поучен од тажната судбина на рударскиот фудбалскиот клуб, за кој веќе нешто кажав, а кој пропадна само затоа што се создаде непотребен и нездрав ривалитет меѓу нас и „Плачковица“, си ветив дека секогаш и секаде ќе работам *на обединување на способните*, без разлика во какви лични односи сум со нив, зашто нема колективен успех без **СПОСОБНИ** луѓе, и тоа обединети. Така беше не само кога бев пратеник, туку и кога бев директор на Бучим; на Колегиумот на кој бев реизбран за директор (со само еден воздржан глас), реков: „Треба свеста, моралот да надвладее. Емотивните гледања на Трајко, Петко – не смеат да бидат во прв план. Колегиумот, се разбира, е должен да каже што мисли и за што се произнесува. И не треба да сме блиски за да работиме заедно за општо добро. Јас мора да кажам, со некои од овие соработници што сега ме поддржуваат никогаш и не сме биле блиски, дури сме биле и на спротивна страна, во конфилктни состојби поради струката, често и конкуренти. Но, морам да кажам – токму затоа нивната поддршка ми значи многу! За понатамошното ангажирање и организирање на колективот - со целосен респект еден кон друг. Јас знаев дека ако не се пријавам за директор, некои од нив ќе се пријавеа сами, и со целосен респект кон нив, велам – со право ќе се јавеа. Тоа се квалитетни луѓе.“

Кога решивме „Бучим“ да стане европски и светски шампион во борење, останав на истата филозофија: да се обединиме без разлика на тоа дали се сакаме или не. И реков: ми требаат **ТОЈ! ТОЈ!** и **ТОЈ!** Некои од луѓето што ги ангажиравме беа и наши дотогашни лути спортски ривали, некои дури и непријатели. Но сите заедно застанавме зад сонот за шампионските титули. И затоа и заедно, мудро и рационално, им го обезедивме најдоброто на борачите. Најдобри тренери, дури и од странство, најдобри услови за тренинг, работни места за борачите.



*Ванчо Чифлиганец на прием кај претседателот*
*на Република Македонија господин Киро Глигоров*
*по атентатот, кога „Бучим-Јака“ ја освои*
*ПРВАТА КЛУПСКА ЕВРОПСКА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА*

*Претседателе не постои сила*
*што може да ја скрши Македонија!*

ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ТОГАШНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГОСПОДИН КИРО ГЛИГОРОВ
СО ОСВОЕНИОТ ПЕХАР ОД ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО

## XX МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ 1996

15 – 16
јуни
РАДОВИШ

XX Традиционален Меѓународен турнир „Македонски бисер“ се одржа во Радовиш од 15 до 16 јуни 1996 година, во новата Спортска сала „25 Мај“. На турнирот учествуваа 89 борачи од 9 земји.

Министерката за образование и физичка култура, Софија Тодорова свечено го отвори турнирот. Јубилејот беше удостоен со присуство на првиот човек на светското борење, претседателот на ФИЛА, Милан Ерцеган, претседателот на Европската борачка организација Цено Ценов, а специјален гостин беше Лари Чекетано, член на Организацискиот одбор на Олимписките игри во Атланта и претседател на Борачката федерација на САД.



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО ДРУШТВО СО СОФИЈА ТОДОРОВА, ТОГАШНА МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ФИЗИЧКА КУЛТУРА КОЈА СВЕЧЕНО ГО ОТВОРИ ТУРНИРОТ XX „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“, 1996 ВО РАДОВИШ





### Почесен одбор

Претседател – Тито Петковски
Директор – Кирчо Сусинов
Милан Ерцеган
Цено Ценов
Љупчо Самоников
Васил Тупурковски
Љупчо Захариев
Насе Насев
Шабан Сејди
Софија Тодорова
Таки Циков
Милош Вучидолов
Данчо Шутурков
Вања Битољану
Петар Панчевски
Зоран Михајлов

### Организациски одбор

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец
Влатко Гаврилов
Слободан Стојанов
Бранко Атанасов
Тимчо Дамбов
Миле Коровин
Коста Поцков
Кирил Тунџев
Ѓорги Атанасов
Васил Ристов
Благој Трајанов
Павлина Стефанова
Димчо Ангелов
Гоце Трајанов
Данчо Вучков
Лидија Лукарева
Благој Јованов
Ристо Јанев
Мите Стоименов
Митко Самохин
Илија Трајанов
Живко Гоцев
Ѓерчо Конзулов
Душко Чамински
Фоти Ѓатовски
Ванчо Коцев
Мите Баков
Влатко Лозналиев

### Земји учеснички

Македонија
Романија
Белорусија
Бугарија
Албанија
Русија
Унгарија
Казахстан
Југославија
Грузија

### Судии

Контролор - Бранислав Симиќ – *Југославија*
Делегат - Јозеф Бала – *Унгарија*
Илија Трајанов
Ангеле Апчевски
Кирил Тунџев
Љупчо Јанев
Димитар Колев
Стојан Колев
Нешрет Лиманов
Јован Монев
Симеон Шутев
Јане Секуловски
Тодор Матов – *Бугарија*
Едисон Тратал – *Албанија*
Флашнер Калмар – *Унгарија*



ВЛАТКО СОКОЛОВ ВО АКЦИЈА, МОМЕНТ ОД ДВОМЕЧОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРОТИВ РУСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И ГАРИ МОДОСЈАН ВО ДРУШТВО СО ПРВИОТ ЧОВЕК НА СВЕТСКОТО БОРЕЊЕ МИЛАН ЕРЦЕГАН НА ТУРНИРОТ XX МАКЕДОНСКИ БИСЕР ВО РАДОВИШ

## Репрезентација на Македонија

Тренери: Шабан Сејди, Зоран Шоров, Ристо Дарлев

| | |
|---|---|
| 48 кг. | Влатко Соколов, Коце Ефремов |
| 52 кг. | Маријан Наумов, Дејан Величковски |
| 57 кг. | Горан Трајков, Николчо Калајџиев, Оливер Буровски |
| 62 кг. | Владо Лазаров, Сашко Лазаров |
| 68 кг. | Васе Спасов |
| 74 кг. | Валери Верхушин, Златко Димов, Горан Костадинов, Јонче Ивановски, Мухамед Џони |
| 82 кг. | Али Демири, Амет Осман |
| 90 кг. | Гари Модосјан, Лазар Коцев |
| 100 кг. | Маријан Лазаров |
| 130 кг. | Трајан Ангелов |





## Генерален пласман

| 48 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Влатко Соколов | Македонија |
| 2. Алехор Абдулаев | Русија |
| 3. Ѓорги Кординеану | Романија |
| 4. Кире Пеев | Бугарија |

| 52 кг. 8 учесници | |
|---|---|
| 1. Козукет Отдзуган | Русија |
| 2. Магаметрасу Даибов | Русија |
| 3. Константин Кординеану | Романија |
| 4. Тибор Драган | Унгарија |

| 57 кг. 8 учесници | |
|---|---|
| 1. Аруел Цимпос | Романија |
| 2. Гасам Џамалов | Русија |
| 3. Јурак Сењок | Белорусија |
| 4. Николчо Калајџиев | Македонија |

| 62 кг. 10 учесници | |
|---|---|
| 1. Серафим Брзаков | Бугарија |
| 2. Живко Стојанов | Бугарија |
| 3. Великан Алахвердиев | Русија |
| 4. Вецислав Сењок | Белорусија |

| 68 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Васе Спасов | Македонија |
| 2. Красимир Велев | Бугарија |
| 3. Лајош Фазекош | Унгарија |
| 4. Золтан Мраз | Унгарија |

| 74 кг. 10 учесници | |
|---|---|
| 1. Пламен Паскалев | Бугарија |
| 2. Мирослав Гочев | Бугарија |
| 3. Адам Берекет | Русија |
| 4. Горан Костадинов | Македонија |

| 82 кг. 8 учесници | |
|---|---|
| 1. Николај Гица | Романија |
| 2. Али Демири | Македонија |
| 3. Пламен Пенев | Бугарија |
| 4. Ѓорги Ѓокшелидзе | Грузија |

| 90 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Гари Модосјан | Македонија |
| 2. Павел Вједоренко | Казакстан |
| 3. Калојан Баев | Бугарија |
| 4. Лазар Коцев | Македонија |

| 100 кг. 5 учесници | |
|---|---|
| 1. Аслан Хагуров | Русија |
| 2. Красимир Кочев | Бугарија |
| 3. Владимир Уваров | Русија |
| 4. Маријан Лазаров | Македонија |

| 130 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Олекс Корпјаков | Русија |
| 2. Трајан Ангелов | Македонија |



ВАСЕ СПАСОВ

Трофеј Македонски бисер:
*Васе Спасов* (Македонија)

Најуспешен странски борач:
*Серафим Брзаков* (Бугарија)

Најдобар борач:
*Гари Модосјан* (Македонија)

Најдобар домашен борач:
*Влатко Соколов* (Македонија)

Најдобар техничар:
*Козукет Одзуѓан* (Русија)



ШАБАН ТРСТЕНА




ВАЛЕРИ ВЕРХУШИН



ВЛАТКО СОКОЛОВ



ОЛИМПИСКИОТ СТАДИОН ВО АТЛАНТА ЗА ВРЕМЕ Н АОТВОРАЊЕТО НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО 1996 ГОДИНА

## „БУЧИМ-ЈАКА“ ПРВПАТ НА ОЛИМПИСКИ ИГРИ

На Олимписките игри во Атланта (1996) борачката делегација ја сочинуваа: претседателот на СБСМ Ванчо Чифлиганец, директорот на МОК Насе Насев, тренерот Шабан Сејди и тројцата борачи со исполнети олимписки норми Влатко Соколов (48 кг), Шабан Трстена (57 кг) и Валери Верхушин (74 кг).

Влатко Соколов во првото коло се сретна со Реиленов од Молдавија, од кого загуби со 10-0, во второто коло се сретна со Хозе Гонзалес Рестрепо од Колумбија и победи со технички туш, а во третото коло се сретна со Романецот Георге Кординеану и беше поразен со 7-3, па со тоа го заврши настапот на Олимписките игри и се пласира на 11-тото место.

Шабан Трстена беше нај блиску до освојување медал на Олимписките игри во Атланта извојуваајќи пет убедливи победи борејќи се со врвни светски борачи. На овие ОИ најголема неправда



се случи против Македонија кога настапи нашиот поранешен олимписки шампион Шабан Трстена на кого судиите неправедно му ја одзедоа сигурната заслужена победа, поради што не се пласираше во полуфиналните борби. Иако македонската делегација поднесе жалба, истата не беше прифатена. Каде што има сила - нема правда. Стануваше збор за борачи од големи влијателни држави. Во овој случај Македонија и планетарниот шампион Трстена беа неправедно оштетени. Трстена остана без неговиот трет олимписки медал.

Валери Верхушин извојува две победи. Во првото коло го победи Рој Озлин од Австралија со 15-7, а во второто коло го победи Борис Будаев од Узбекистан со туш. Во третото коло се сретна со Пламен Паскалев од Бугарија, при што загуби со 10-0. Загуби и во четвртото коло против Ота Тахуја од Јапонија со 7-0, така што на крајот на Олимписките игри се пласира на 10-тото место во конечниот пласман.

# 6

# Светски клупски шампиони во борење, злато за „Бучим-Јака“ и за Радовиш, Македонија



*Од името на Федерацијата на борачките спортови на Македонија, како вршител на функцијата Претседател, и од мое лично име чувствувам потреба да им се заблагодарам на сите оние што се вградија себеси во изминатите децении и придонесоа македонското борење да се воздигне на светскиот пиедестал - создавајќи услови БК „Бучим-Јака“ од Радовиш да го освои Светскиот куп во клупско борење - слободен стил во 1996 година, а 93 борачи низ годините наназад да се закитат со индивидуални олимписки, европски, медитерански, балкански, армиски, универзитетски, републички, како и многу други престижни трофеи.*

*Но, би сакал да потсетам на традициите и пред сè на наследените искуства и содржини подложни на исконскиот начин на опстојување во перманентната борба за опстанок која отсекогаш ги челичела жителите на Македонија и континуирано го јакнела нивниот нескротлив дух!*

*Нашето минато но и сечие минато не може да опстане без иднината, затоа, Ние сме должни да ги предочиме вистинските траги на нашето постоење. Ова што денес го доживуваме нè обврзува да ги сочуваме и објаснуваме стекнатите искуства и пред сè да го посадиме и третираме како свое семе она што е поврзано со нашите најдлабоки корени.*

*Во овие славни моменти како круна на сето тоа што досега е постигнато најмногу прилега мојата честа изрека:*

*КАКО КАМЕНОТ*
*ШТО ТЕЖИ НА СВОЕТО МЕСТО,*
*ТАКА И ЧОВЕКОТ ТЕЖИ*
*СО СВОИТЕ ДЕЛА.*





ФАЌАЧОТ НА КРСТ, ДОНАЦИЈА НА „АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ“ ЗА ГРАДОТ ОХРИД, МАКЕДОНСКИОТ ЕРУСАЛИМ

## КОЛКУ Е ГОЛЕМА МАКЕДОНИЈА?

Отсекогаш сум верувал дека нема големи и мали држави, големи и мали народи, туку само луѓе со големо и мало срце, а тоа најдобро се гледа во спортот. Доволно е еден човек со големо срце да победи во некој спорт, и со тоа неговото големо срце станува знак и за неговиот народ. По неговиот успех, сите и за неговиот народ ќе кажат дека е народ со големо срце. Тоа го направивме и ние со борачите од Радовиш. По победите над големите метрополи Будимпешта, Неапол, Анкара, Москва, Атина, Токио, Лаос и Вашингтон, му докажавме на светот дека сме народ со големо срце.

Јас гостопримливо ги дочекав светските континентални шампиони и домаќински им покажав дека Македонија не е мала држава.

Кога репрезентациите на САД, Јапонија и Африка слетаа на Скопскиот аеродром, им кажав на возачите на автобусите Ристо Дафев и Гоце Ефтимов да ги возат, но не директно за Радовиш, туку преку Тетово, Кичево, Охрид, Битола, Прилеп, Кавадарци, Неготино... што подолго, толку подобро. Ем да ги видат убавините на Македонија (прекрасното Охридско Езеро, конзулскиот град Битола, Марковите кули крај Прилеп, соколите над Плетвар и нашите планини, питомите лозја на Кавадарци), ем да се возат подолго, за да помислат дека Македонија и не е толку мала земја. И дека Радовиш е далеку. Тоа имаше психолошки ефект врз нив. Тие не знаеја дека кружиме, туку мислеа дека Радовиш е којзнае каде далеку, и дека ако во толку оддалечен град, на крајот на светот, Македонците имаат толку силна екипа... тогаш какви ли им се екипите во главниот град? Едноставно, сакав да не помислат дека ако сме мали, а тие големи, ќе нè прегазат. Така и беше. Долгото „екскурзиско“ возење, природните убавини, сместувањето во убави хотелски услови, преполната сала со публика – ги стаписа. Ете, тој мал грев на душа го носам, ако е грев, зашто е направен за моите борачи и мојата татковина Македонија. Ми текнуваа такви работи, како ова со возењето. Еднаш, во основно училиште, на прашањето зошто носам опинци (а носев зашто бев сиромашен) реков дека е тоа нова мода во Европа, и другиот ден две богати деца влегоа во училницата со опинци! Мораш да се шегуваш додека крваво работиш, ако сакаш опинците да ги смениш за шампионска титула...










## СВЕТСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОНАТ 1996

Предложената иницијатива од страна на претседателот на СБСМ проф. д-р Ванчо Чифлиганец, на седницата на Европската борачка организација (CELA) во Будимпешта 1993 година, се потврди на Конгресот на ФИЛА, за време на одржувањето на Олимписките игри во Атланта-Америка 1996 г.

Конгресниот пленум, составен од претседатели на сите државни федерации во борење во светот, едногласно одлучи: по повод 100 години од одржувањето на првата Олимпијада на Олимп, Грција во 1896 година, да се организира Првиот интерконтинентален куп во 1996 година, а домаќин да биде Македонија, со БК „Бучим-Јака" од Радовиш, како актуелен европски клупски шампион за 1995 година. Се дозна дека во Радовиш ќе учествуваат континенталните шампиони на: Америка БК „Дејвид Шулц", на Азија, „Нихон" на Јапонија, и на Африка „Риверс" - Нигерија. На Конгресот на ФИЛА во Атланта, претседателот Милан Ерцеган, истакна дека: учесниците на Првиот интерконтинентален куп 1996 г. во Радовиш - Македонија ќе бидат: срдечно пречекани, организацијата ќе биде беспрекорна, на највисоко ниво, а натпреварите ќе се одвиваат во спортска и позитивна натпреварувачка атмосфера. Тој став го поткрепил со искуството стекнато при одржувањето на сите натпревари во рамки на Европскиот клупски шампионат во 1995 година.

По конгресот на ФИЛА, на организираниот коктел во Атланта, многумина од присутните, претседатели на државните федерации на земјите во светот, кои гласале за Македонија да е домаќин на Интерконтинеталниот куп во клупско борење, слободен стил, во Радовиш, му приоѓале на Претседателот на СБСМ, Ванчо Чифлиганец со прашања: каде е Македонија, која е таа држава, ...? Чифлиганец, како да е професор по историја и географија (а не доктор по геолошки науки), трпеливо им одговарал на нивните прашања, потенцирајќи дека: Македонија е библиска земја, со миројубив народ, кој потекнува од Александар Велики, држава која се осамостојува во 1990 година, по демократското раздружување од СФР Југославија со референдумското изјаснување. Им одговарал, тогаш, дека на картата на светот се наоѓа под уставното име Република Македонија.

Чифлиганец се сеќава: „...не можам да заборавам, кога во Атланта ми приоѓаа претседателите на континенталните клупски шампиони на Интерконтиненталниот куп во Радовиш, и ми изразуваа убеденост дека токму тие ќе се победници и освојувачи на купот. Претставниците на шампионските клубовите на: Американците, Азијците, Африканците, ќе се борат во Македонија, како на неутрален терен, и ќе ја победат и Европа, притоа заборавајќи дека јас сум претставник на Европскиот клупски шампион БК „Бучим-Јака" - Радовиш.

Се сеќавам, ми пријде и претседателот на Американската борачка федерација велејќи: господине Чифлиганец се радувам што ќе дојдеме кај Вас во Македонија, бидејќи таму ќе ја освоиме првата клупска титула од интерконтиненталниот куп. Зошто нам само тој пехар ни недосасува во витрините". На што Чифлигенец се сеќава дека, само срдечно се насмевнал, и рекол: убеден сум дека во Македонија ќе победи најдобриот, а во чии витрини ќе стои пехарот, ќе видиме после натпреварите во Радовиш.



НАЈВИСОКОТО ПРИЗНАНИЕ ДОДЕЛЕНО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА FILA МИЛАН ЕРЦЕГАН, ЗА ОДЛИЧНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СВЕТСКИОТ ТУРНИР ВО БОРЕЊЕ ОДРЖАН ВО РАДОВИШ, 1996 ГОДИНА, МУ БЕШЕ ДОДЕЛЕНА НА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ

**ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА МИЛАН ЕРЦЕГАН на отворањето на Светското првенство во борење слободен стил, Радовиш, 1996 година**

Госпоѓо министерке за образование и спорт, господине претседател Чифлиганец, господине претседател Сусинов, господине претседател на Европскиот комитет Ценов, дами и господа, пријатели на спортот

Денес, присуствуваме на еден исклучителен спортски настан на првата Интерконтинентална средба на која борачите ќе се борат за Интерконтиненталниот куп. Република Македонија и Радовиш, им укажаа гостопримство на пријателите од далечните Азија и Јапонија, на Америка и на Африка, континентот од каде доаѓа најсилната екипа Нигерија.

Ги поздравувам сите учесници, ги поздравувам претставниците на печатот радиото и телевизијата, коишто толку верно ги следат сите спортски настани.

Овој Интерконтинентален куп не би бил каков што е сега да не е присутна верната публика којашто толку компетентно ги следи сите натпревари.

Драги пријатели на спортот, секој настан има свој развоен процес, а за да се организира еден ваков настан на Интерконтинентален куп потребно е многу време. Оваа теза ја демантираа „Бучим“ и Радовиш бидејќи со прескокнувањето на организацискиот термин се уфрлија директно во неговата финална реализација.

Само со силната, упорна и одважна идеја на претседателот на Борачката федерација на Македонија, господинот Чифлиганец и неговите соработници се реализира овој Интерконтинентален куп. Ова е КУП на упорноста, силата и волјата на господинот Чифлиганец и неговите соработници, господинот Насев и другите соработници од Радовиш и од самата федерација.

Ова величествено спортско остварување, во кое екипата „Бучим“ од Радовиш ја презентираше Европа, оваа генерација треба да го доживее како свое дело. Бидејќи сè уште се живи и оние коишто го започнале основањето на Борачката федерација на Македонија, и оние коишто го започнале основањето на борачкиот спорт во Македонија - денес, Тие се горди бидејќи помладите следбеници ги реализирале нивните желби и копнежи.

Само да се потсетиме на Павле Дамјанов, на Љупчо Самоников, на Нико Апчевски - на првите борачи: Рамадан, Арслан, Рамиз, Салиовски и многу други бројни носители на титули што се овде, Сејди, Трстена... многу се за да ги набројам сите...

Драги пријатели, господине Чифлиганец со соработниците, Вам ви благодарам затоа што со Интерконтиненталниов куп ја збогативте историјата на Меѓународната борачка федерација (FILA) и толку достоинствено го одбележавте стогодишниов јубилеј на олимпиското борење.

Восхитен! Восхитен сум од вашата упорност!

Господине претседателе Чифлиганец, Насе Насев и други ценети соработници, со вашиот предлог на Европската конференција во Будимпешта сè што изгледаше како да е сон денес стана јаве.

Само храбрите ја пишуваат историјата и ги остваруваат големите дела!

Го почитувам Вашето дело и Ви благодарам.

Го прогласувам за отворен овој Интерконтинентален куп!

Дозволете ми по повод стогодишнината од олимпиското борење на госпоѓата министерка да и врачам една книга ИСТОРИЈА НА БОРЕЊЕТО, која е со значење не само за сто години туку за борењето низ вековите.

Господине Чифлиганец, сакам Вам да ви врачам една посебна диплома по повод стоте години на Олимпиското борење и специјална златна значка.

Ви благодарам и среќно!



*Обраќање на Ванчо Чифлиганец, претседател на СБСМ*

*Почитувани граѓани, почитувани гости, почитувани спортисти и спортски работници. пријатно е чувството да се обратам пред сите граѓани на Радовиш, во општината, граѓаните на Република Македонија и љубителите на спортот од сите националности.*

*Чест ми е што сме домаќини на Интерконтиненталниот куп во борење, слободен стил, па сакам да ве поздравам со геслото што симболизира слобода, мир, другарство и напредок, а тоа е поздравот:*

***• Здраво! • Здраво! • Здраво!***

*Почитувани љубители на спортот, пред сè навивачката група „Лебари“, пријатно е задоволството да ја застапуваме Европа во светот, а тоа не е само наша обврска, туку наша и ваша голема одговорност.*

*На почитуваните спортисти и спортски работници кои поминаа 10-15 илјади километри да се натпреваруваат во нашиот град, во нашата држава, сакам да им кажам дека за сите нас тоа е голема почит и чест. Затоа верувам дека сите свои знаења и искуства денес и утре тие ќе ги покажат и:*

***• нека победи спортот • спортското срце • и најдобриот!***

*А вие љубители на спортот знаете да ги поздравите:*

***• добрите • подобрите • и најдобрите!***

# ПРВ ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП ВО БОРЕЊЕ - СЛОБОДЕН СТИЛ

## РАДОВИШ, ШАМПИОНСКИ ГРАД „БУЧИМ-ЈАКА“, МАКЕДОНИЈА СВЕТСКИ ШАМПИОНИ ВО БОРЕЊЕ – 1996

9 – 10 ноември РАДОВИШ

FILA

На Олимписките игри во Атланта 1996 година, на Конгресот на ФИЛА беше едногласно донесена одлука за одржување на првиот Интерконтинентален светски куп на кој учествуваа шампионите на Европа, Америка, Африка и Азија.

Екипата на „Бучим-Јака“ се подготвуваше во Банско-Струмица. Во поглед на составот на екипата, радовишани ги најавуваа оние имиња со кои беше освоен европскиот трон, но во последен




РАДОВИШ, 1996 ГОДИНА, СПОРТСКА САЛА „25 МАЈ“, ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА БОРБИТЕ ВО БОРЕЊЕ ЗА СВЕТСКАТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА







ПОВТОРНО ТОЈ ТЕМПЕРАМЕНТЕН ДУХ НА ВАНЧО: НЕ САМО ДА ГИ ПОДДРЖИ СВОИТЕ БОРАЧИ ТУКУ И ДА СЕ ВТУРНЕ ЗА ПОБЕДА ВО ПЕКОЛЕН НАВИВАЧКИ ОГАН, АКО Е ПОТРЕБНО!

ПОФАЛБИ, ЧЕСТИТКИ И ОДУШЕВЕНОСТ ОД НАЈВИСОКИТЕ ГОСТИ ВО ПУБЛИКАТА ЗА ПОБЕДНИЦИТЕ И ОСВОЈУВАЊЕТО НА НАЈПРЕСТИЖНАТА СВЕТСКА КРУНА

момент, само ден пред официјалното мерење, нашиот шампион на општо изненадување, ги соопшти своите нови адути. Тренерот Димче Ангелов и претседателот Ванчо Чифлиганец информираа дека во тимот, наместо милениците на радовишката публика, Модосјан, Верхушин, Ибрагимов, Голубовски и Хагуров ќе се појави нов квартет на руски борачи: Куртанидзе, Жилцов, Агаев, Ликов и двајца бугарски репрезентативци: Миленов и Пенев, кои заедно со Соколов, Калајџиев, Танчев, Спасов, Костадинов и Димков ќе се борат за првата светска титула во борење - слободен стил.

Посебно оптимистички беа расположени и шампионите на Африка, „Лагос“ од Нигерија предводени од тренерот од Бугарија, Стојне Панов, кој посакуваше финале со домашната екипа. Во нигерскиот тим имаше квалитет, почнувајќи од Азјеа Џексон, повеќекратен шампион на Африка, па се до Виктор Кодеј, учесник на три олимпијади и шестопласиран од последната олимпијада во Атланта.

Џим Дејвис, тренерот на шампионот на Америка и тимот на „Дејвид Шулц“ од Северна Каролина (САД), во своите изјави соопшти дека негови адути се Кери Колат и Џони Кертис, со кои се надеваше на успех, иако недоволното познавање на противниците му создаваше неизвесност.

Тренерот на шампионот од Америка Џим Дејвис пред новинарите истакна дека во витрините ги имаат сите светски титули, им недостасува само првата клупска светска шампионска титула и беа оптимисти дека победувајќи ги Европа, Африка и Азија, ним ќе им припадне.

Најголема енигма претставуваше шампионот на Азија, екипата „Нихон“ од Токио (Јапонија). Гостите пристигнаа ден - два пред официјалното мерење.

По пристигнувањето на Скопскиот аеродром, гостите беа срдечно пречекани и прошетани во повеќе градови низ Р. Македонија, да ги видат нејзините убавини. Кога пристигнуваа шампионите на континентите Америка, Африка и Азија на аеродромот во Скопје, домаќините наместо да ги донесат директно во Радовиш (100 км) гостољубиво им ги покажаа убавините на Македонија, почнувајќи од Скопје, преку Тетово, Битола, Охрид, Ресен, Кавадарци, Неготино за да на крајот пристигнат во градот домаќин - Радовиш. По поминати десетина часови беше организиран спортски раскошен ручек во балканскот Ерусалим - Охрид. Покрај нивната спортска одговорна





улога, спортистите беа одушевени од знаменитостите, убавините и од гостопримството на нашата библиска замја - Македонија.

Официјалното мерење беше на осми ноември (петок), како и ждребувањето на екипите. На деветти ноември (сабота) во утринските часови почнаа елиминационите борби. Самиот ждреб беше наклонет така да двете најсилни екипи европскиот шампион „Бучим-Јака“ и американскиот шампион „Дејвид Шулц“ се сретнат во финалето. Поаѓајки од тоа дека Европскиот континент го претставуваше европскиот шампион „Бучим-Јака“ од Македнија, беше голема одговорност да се претстаавува големата спортска Европа.

Во првото коло „Бучим-Јака“ настапи многу внимателно и се сретна со екипата „Нихон“ од Јапонија, при што нашиот шампион победи со 8-2 или 30-6 на поени. За „Бучим-Јака“ победите ги изборија Соколов, Калајџиев, Спасов, Димов, Пенев, Ликов, Куртанидзе и Жилцов, додека поразени беа Танев и Костадинов. Во вториот натпревар од првото коло „Дејвид Шулц“ од САД го совлада „Риверс“ од Нигерија со резултат 7-3 или на поени 26-14.

**Резултати**

1 коло. 09.11.1996

Дејвид Шулц (САД) – Риверс Лагос (Нигерија) 26 – 14 (7 – 3)
Нихон (Јапонија) – Бучим-Јака (Македонија) 6 – 30 (2 – 8)

***Дејвид Шулц*** (САД) – ***Риверс Лаѓос*** (Нигерија) 7 – 3 (26 – 14)
09.11.1996 година (1 коло)
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| Тренер: Џим Дејвис | | Тренер: Стојне Панов | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Канамти Соломон | Јакоб Исак | туш | 0 – 4 |
| 52 кг. | Бурки Тајри | Џое Озити | 10 – 7 | 3 – 1 |
| 57 кг. | Дон Рејес | Тебе Доргу | 8 – 9 | 1 – 3 |
| 62 кг. | Кери Колат | Фред Џеси | 8 – 4 | 3 – 1 |
| 68 кг. | Брајан Долф | Џон Обе | туш | 4 – 0 |
| 74 кг. | Шон Бормет | Синивие Болтик | туш | 4 – 0 |
| 82 кг. | Рико Кијапарели | Окпору Енекпедекумох | 8 – 10 | 1 – 3 |
| 90 кг. | Џони Кертис | Виктор Кодеи | 6 – 1 | 3 – 1 |
| 100 кг. | Ден Троуп | Бошади Дагере | 4 – 2 | 3 – 1 |
| 130 кг. | Стив Нил | Кенет Нортори | туш | 4 – 0 |


ДИМЧЕ АНГЕЛОВ


АСЛАН ХАГУРОВ



КЕРИ КОЛАТ


ВИКТОР КОДЕЈ






МОМЕНТ ОД НЕПОВТОРЛИВИТЕ МИГОВИ КОГА СЕ ПОДГРЕВАШЕ ОГНЕНИОТ ТЕМПЕРАМЕНТ НА ВАНЧО ЗА ДА ПРЕМИНЕ ВО ГРОМОГЛАСЕН ТАТНЕЖ *МАКЕДОНИЈА! МАКЕДОНИЈА! МАКЕДОНИЈА!* НА ПАТ СМЕ КОН СВЕТСКАТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА

***Нихон*** (ЈАП) – ***Бучим-Јака*** (МКД) 2 – 8 (6 – 30)
09.11.1996 година
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| **Тренер:** | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
|---|---|---|---|
| 48 кг. Такахиро Јошида | Влатко Соколов | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 52 кг. Хироши Хома | Николчо Калајџиев | 0 – 7 | 0 – 3 |
| 57 кг. Томохори Умекаба | Роберт Танев | 5 – 2 | 3 – 1 |
| 62 кг. Иги Сато | Васе Спасов | туш | 0 – 4 |
| 68 кг. Ито Катсујоши | Горан Костадинов | 5 – 0 | 3 – 0 |
| 74 кг. Асуши Омори | Златко Димов | 0 – 5 | 0 – 3 |
| 82 кг. Шини Акамеда | Пламен Пенев | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 90 кг. Хироја Такада | Андреј Ликов | 0 – 8 | 0 – 3 |
| 100 кг. Кјуџи Татсури | Елдар Куртанидзе | 0 – 10 | 0– 4 |
| 130 кг. Шимицу Јошимицу | Генадиј Жилцов | туш | 0 – 4 |

Во попладневните часови се одржа и свеченото отворање на кое присуствуваа и претседателот на Македонија, г-динот Киро Глигоров и претседателот на Светската боречка федерација FILA, г-динот Милан Ерцеган и г-динот Цено Ценов претседател на Европската боречка федерација, како и целиот политички врв на Македонија.

Борбите за освојување на првата светска шампионска титула во борење - слободен стил беа проследени од шестилјадна еуфорична и громогласна публика.



ВАСЕ СПАСОВ ВО АКЦИЈА ПРОТИВ ФРЕД ЦЕСИ ОД НИГЕРИЈА





По свеченото отворање се одржа и второто коло, во кое „Бучим-Јака“ го совлада „Риверс“ од Нигерија со резултат 9-1 или на поени 33-6. Победи постигнаа Соколов, Калајџиев, Танчев, Спасов, Костадинов, Миленов, Пенев, Куртанидзе и Жилцов, додека единствен што загуби беше Андреј Ликов од трократниот олимпиец Виктор Кодеј. Од друга страна, „Дејвид Шулц“ во мечот со „Нихон“ од Јапонија победи со 9-1 или на поени 33-6.

2 коло, 09.11.1996 год.
Дејвид Шулц (САД) – Нихон (Јапонија) 34 – 7 (9 – 1)
Ривер Лагос (Нигерија) – Бучим-Јака (Македонија) 6 – 31 (1 – 9)

***Нихон*** (ЈАП) – ***Дејвид*** Шулц (САД) 1 – 9(6 – 33)
09.11.1996 година (2 коло)
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| **Тренер:** | **Тренер: Џим Дејвис** | | |
|---|---|---|---|
| 48 кг. Такахиро Јошида | Канамти Соломон | 8 – 6 | 3 – 1 |
| 52 кг. Хироши Хома | Бурки Тајри | 0 – 7 | 0 – 3 |
| 57 кг. Томохори Умекаба | Дон Рејес | 5 – 7 | 1 – 3 |
| 62 кг. Иги Сато | Кери Колат | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 68 кг. Ито Катсујоши | Брајан Долф | 2 – 7 | 1 – 3 |
| 74 кг. Асуши Омори | Шон Бормет | 0 – 5 | 0 – 3 |
| 82 кг. Шини Акамеда | Рико Кијапарели | 2 – 12 | 1 – 4 |
| 90 кг. Хироја Такада | Џони Кертис | 0 – 10 | 0 – 3 |
| 100 кг. Кјуџи Татсури | Ден Троуп | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 130 кг. Шимицу Јошимицу | Стив Нил | туш | 0 – 4 |

***Риверс*** (НИГ) – ***Бучим-Јака*** (МКД) 1 – 9 (6 – 31)
09.11.1996 година
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| **Тренер: Стојне Панов** | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
|---|---|---|---|
| 48 кг. Јакуб Исак | Влатко Соколов | 2 – 6 | 1 – 3 |
| 52 кг. Џое Озити | Николчо Калајџиев | туш | 0 – 4 |
| 57 кг. Тебе Доргу | Тони Танчев | 2 – 3 | 1 – 3 |
| 62 кг. Фред Џеси | Васе Спасов | туш | 0 – 4 |
| 68 кг. Џон Обе | Горан Костадинов | 4 – 6 | 1 – 3 |
| 74 кг. Синивие Болтик | Севин Миленов | 0 – 5 | 0 – 3 |
| 82 кг. Окпору Енекпедекумох | Пламен Пенев | 0 – 7 | 0 – 3 |
| 90 кг. Виктор Кодеи | Андреј Ликов | 3 – 0 | 3 – 0 |
| 100 кг. Бошади Дагере | Елдар Куртанидзе | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 130 кг. Кенет Нотори | Генадиј Жилцов | туш | 0 – 4 |

# СВЕТСКО КЛУПСКО ФИНАЛЕ ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ

## БК „БУЧИМ-ЈАКА“ - ЕВРОПА „ДЕЈВИД ШУЛЦ“ - АМЕРИКА

**Радовиш, Македонија (10.11.1996)**

По одиграни две кола екипите на „Бучим-Јака“ и „Дејвид Шулц“ останаа непоразени и се пласираа во финалето, додека екипите на „Риверс Лагос“ од Нигерија и „Нихон“ од Јапонија се бореа за 3-4 место.

На 10 ноември (недела) почнаа финалните борби. Во мечот за третото место победи екипата на „Риверс“ од Нигерија со резултат 9-1 или на поени 34-5, со што се пласира на трето место, додека екипата на „Нихон“ од Јапонија се пласира на четвртото место.

Пред интонирањето на химните на Америка и на Македонија, во салата влегуваат првиот претседател на Р. Македонија г-динот Киро Глигоров, претседателот на Светската борачка организација г-дин Милан Ерцеган, претседателот Европскаата на Европската борачка организација г-динот Цено Ценов, претседателот на Собранието на Р. Македонија г-динот Тито Петковски, придружуваани од претседателот на СБСМ г-динот Ванчо Чифлиганец. Веднаш по молкот извици *Киро! Киро! Киро!* Тоа беше голем мотив за борачите, да настапат пред првите луѓе на државата, пред првите луѓе на светската борачка организација и пред шестилјадната публика во спортскиот храм. *Македонијо! Ќе бидеш или не прв клупски светски шампион во борење - слободен стил?* Во тие моменти „Бучим-Јака“ Радовиш се бореше за Европа и за Македонија, ставајќи едно гранитно камче во мозаикот на светскиот спорт, а се надградуваше државнотворноста на Македонија и на нејзиниот вреден, чесен и мирољубив народ. Од трибините грмеше песната *А бре македонче...* и *Македонија!... Македонија!...*



ТОНИ ТАНЧЕВ ВО АКЦИЈА





Во мечот за прво место, во екипата на „Бучим-Јака“ настапија: Влатко Соколов, Николчо Калајџиев, Тони Танчев, Васе Спасов, Горан Костадинов, Пламен Пенев, Мурат Агаев, Севин Миленов, Елдар Куртанидзе и Генадиј Жилцов.

Само што започнаа борбите а шестилјадната публика веќе беше на нозе. Додека се водеше првата борба меѓу Соколов и Соломон *претседателот Киро Глигоров му вели на Чифлиганец: Ванчо, успех е да бидеме и втори во светот. Не! Претседателе, Вас и македонскиот народ ни атентатот не нè скрши, заслужуваме да бидеме први клупски светски шампиони во борење - слободен стил.* Претседателот беше вчудоневиден, а неговата насмевка го предвиде успехот.

Борбата на Влатко Соколов до 48 кг. против Соломон започна фуриозно, за само 57 секунди освои дури 11 поени и со технички туш ги освои првите четири поени за својата екипа. Подобар вовед во големиот триумф не можеше да се посака. Веднаш потоа следуваше нова победа, а творец беше рускиот интернационалец во редовите на радовишани, Генадиј Жилцов, во категоријата 130 кг. Во тешка борба го совлада Стив Нил со 5-4 на поени. Гледачите едоставно не можеа да здивнат од возбодувањата и радоста што им ја подарија нивните миленици.

3 коло. 10.11.1996 год.
Риверс Лагос (Нигерија) – Нихон (Јапонија) 34 – 5 (1 – 9)
Дејвид Шулц (САД) – Бучим-Јака (Македонија) 15 – 28 (3 – 7)

***Нихон*** (ЈАП) – ***Риверс Лаḡос*** (Нигерија) 1 – 9(5 – 34)
10.11.1996 година (3 коло)
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| **Тренер:** | | **Тренер:Стојне Панов** | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Такахиро Јошида | Јакоб Исак | 8 – 6 | 3 – 1 |
| 52 кг. | Хироши Хома | Џое Озити | 0 – 5 | 0 – 3 |
| 57 кг. | Томохори Умекаба | Тебе Доргу | 4 – 7 | 1 – 3 |
| 62 кг. | Иги Сато | Фред Џеси | туш | 0 – 4 |
| 68 кг. | Ито Катсујоши | Џон Обе | 1 – 5 | 1 – 3 |
| 74 кг. | Асуши Омори | Синивие Болтик | 0 – 6 | 0 – 3 |
| 82 кг. | Шини Акамеда | Окпору Енекпедекумох | 0 – 11 | 0 – 4 |
| 90 кг. | Хироја Такада | Виктор Кодеи | туш | 0 – 4 |
| 100 кг. | Кјуџи Татсури | Бошади Дагере | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 130 кг. | Шимицу Јошимицу | Кенет Нотори | туш | 0 – 4 |

Натпревар: *ДА СЕ БИДЕ ИЛИ НЕ* прв клупски светски шампион во борење - слободен стил. Дали актуелниот европскиот шампион „Бучим-Јака“ ќе ја одбрани спортската чест на Европа пред светот? Излегуваат финалистите. Спортскиот гигант „Дејвид Шулц“ од Америка и гранитниот шампион „Бучим-Јака“ од Европа. Во салата молк. Се очекуваше мечот на столетието, за паметење.

***Дејвид Шулц*** (САД) – ***Бучим-Јака*** (МКД) 3 – 7 (15 – 28)
10.11.1996 година
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Дарко Нишовиќ (ЈУГ) и Иван Круј (УНГ)
Делегат: Бранислав Симиќ (ЈУГ)

| Тренер: Џим Дејвис | | Тренер:Димчо Ангелов | | |
|---|---|---|---|---|
| 48 кг. | Канамти Соломон | Влатко Соколов | туш | 0 – 4 |
| 52 кг. | Бурки Тајри | Николчо Калаџиев | 5 – 10 | 1 – 3 |
| 57 кг. | Дон Рејес | Тони Танчев | 2 – 8 | 1 – 3 |
| 62 кг. | Кери Колат | Васе Спасов | 8 – 1 | 3 – 1 |
| 68 кг. | Брајан Долф | Горан Костадинов | 12 – 2 | 4 – 1 |
| 74 кг. | Шон Бормет | Севин Миленов | 5 – 6 | 1 – 3 |
| 82 кг. | Рико Кијапарели | Магомед Агаев | 9 – 11 | 1 – 3 |
| 90 кг. | Џони Кертис | Пламен Пенев | 5 – 4 | 3 – 1 |
| 100 кг. | Ден Троуп | Елдар Куртанидзе | туш | 0 – 4 |
| 130 кг. | Стив Нил | Генадиј Жилцов | 4 – 5 | 1 –3 |

Следуваше победа на Николчо Калаџиев против Бурк Тајри во категоријата 52 кг. а веднаш потоа победа и на засилувањето од Грузија, Куртанидзе, кој ефектно, со туш го совлада Ден Троуп. Петтата победа едноподруго ја извојува Тони Танчев против Дон Рејес. Успешната серија на радовишани ја прекина Џони Кертис, носител на бронзен медал од ОИ во Барселона, кој на две секунди пред истекот на времето освои решавачки поен и го совлада засилувањето од Бугарија, Пламен Пенев. Втората победа за гостите ја извојува Брајан Долф против Горан Костадинов, но неизвесноста околу конечниот победник ја разреши вториот бугарски интернационалец во редовите на радовишани, Севин Миленов, во категоријата 74 кг. кој по голема борба го совлада Шон Бормет. До крајот останаа уште две борби. Русинот Агаев, новото име во редовите на нашиот шампион, го совлада Рико Кијапарели на поени 11-8, додека Васе Спасов до 62 кг. беше инфериорен против Кери Колат и загуби на поени 8-1, но тоа ни малку не можеше да ја спречи големата радост во салата, која подоцна спонтано се прошири и надвор од неа, низ улиците на сега веќе светскиот шампионски град на борењето, кој можеше да се гордее со својот миленик. БК „Бучим-Јака“ беше новиот екипен светски клупски шампион, оправдувајќи ја довербата на спортска Европа. Борачите заслужено го подигнаа светскиот шампионски пехар, борејќи се до последниот атом енергија, последната капка пот.



БРАЈАН ДОЛФ ОД ТИМОТ НА САД „ДЕЈВИД ШУЛЦ“, ЈА ИЗВОЈУВА СВОЈАТА ВТОРА ПОБЕДА ВО БОРБАТА ПРОТИВ НАШИОТ ПРЕТСТАВНИК ГОРАН КОСТАДИНОВ





## „БУЧИМ-ЈАКА“ Е ПРВИОТ СВЕТСКИ КЛУПСКИ ШАМПИОН ВО БОРЕЊЕ - СЛОБОДЕН СТИЛ!

## Делириум во публиката МАКЕДОНИЈА ... МАКЕДОНИЈА ... ЕВРОПА ... ЕВРОПА ... !!!

Во Македонскиот град Радовиш со 17 000 жители беа победени големите светски метрополи: Неапол - Италија, Будимпешта - Унгарија, Анкара - Турција, Москва - Русија (еден натпревар), Лаос - Нигерија, Токио - Јапонија, Вашингтон - Америка, и Атина - Грција. Со тие победи влеговме во европското и во светското семејство.

**Конечна табела**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Бучим-Јака | Македонија (Европа) | 3 | 3 | 0 | 0 | 89 – 27 | 6 |
| 2. | Дејвид Шулц | Пенсилванија (САД) | 3 | 2 | 0 | 1 | 75 – 49 | 4 |
| 3. | Риверс Лагос | Нигерија (Африка) | 3 | 1 | 0 | 2 | 54 – 62 | 2 |
| 4. | Нихон | Јапонија (Азија) | 3 | 0 | 0 | 3 | 18 – 98 | 0 |

СО ПРЕПЛЕТЕНИ ДЛАНКИ БОРАЧИТЕ ДАНЧО ВУЧКОВ И ТОНИ ТАНЧЕВ ЦВРСТО ГО ДРЖАТ ШАМПИОНСКИОТ ПЕХАР ЗА ОСВОЕНОТО ПРВО МЕСТО










ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА FILA МИЛАН ЕРЦЕГАН ГО ВРАЧУВА ПЕХАРОТ ЗА ОСВОЕНО ВТОРО МЕСТО НА ЦИМ ДЕЈВИС, ТРЕНЕР НА КЛУБОТ „ДЕЈВИД ШУЛЦ“ ОД САД



ПЕХАРОТ ЗА ОСВОЕНО ТРЕТО МЕСТО ВО РАЦЕТЕ НА БОРАЧКИОТ КЛУБ „РИВЕРС ЛАГОС“ ОД НИГЕРИЈА

*Република Македонија, Киро Глигоров и новите светски шампиони го примија победничкиот пехар на Светската борачка федерација (FILA).*

*Нашиот шампион стана нова ѕвезда на спортскиот планетариум. Оваа титула сигурно ќе остане запишана со златни букви во историјата на македонскиот спорт.*

*Успехот на „Бучим-Јака“ претставува круна на напорите на сите борачки ентузијасти во Македонија, тоа е успех и на целокупниот македонски спорт и претставува силен поттик за нашите спортисти на сите меѓународни натпреварувања!*



ДИМЧО АНГЕЛОВ, КАПИТЕНОТ НА ШАМПИОНСКИОТ ТИМ „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ, ГО ПРИМА ПЕХАРОТ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГОСПОДИНОТ КИРО ГЛИГОРОВ, 1996

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО ПРЕГРАТКИ СО НАВИВАЧИТЕ



УРНЕБЕСНАТА АТМОСФЕРА МЕЃУ НАВИВАЧИТЕ НА „БУЧИМ-ЈАКА“, 1996 ГОДИНА









ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО СПАСЕ ДИМИТРОВ, ДИРЕКТОР НА ПОВРШИНСКИ КОП НА „БУЧИМ“ И СО ПЕХАРОТ ОД ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛНИОТ КУП, 1996 ГОДИНА

БОРАЧИТЕ НА ТИМОТ „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ, СВЕТСКИ ШАМПИОНИ ВО БОРЕЊЕ







ЗАЕДНИЧКА СНИМКА НА ДЕЛ ОД УЧЕСНИЦИТЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СВЕТСКАТА БОРЕЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА МИЛАН ЕРЦЕГАН



ТОНИ ТАНЧЕВ
И
ДОН РЕЈЕС ОД САД
ПРЕД
ФИНАЛНИТЕ БОРБИ



ШАМПИОНСКИОТ
ПЕХАР
ВО РАЦЕТЕ
НА КИРО
СУСИНОВ
И
СЛОБОДАН
СТОЈАНОВ

СПОРТСКАТА САЛА
„25 МАЈ“ ВО РАДОВИШ,
БЕШЕ ТЕСНА
ДА ГО ИЗДРЖИ
ТОЈ УРНЕБЕСЕН НАБОЈ
НА ШЕСТИЛЈАДНАТА
ВЖЕШТЕНА
РАДОВИШКА ПУБЛИКА
КОЈА СПОНТАНО ЗБЛИЖЕНА
ВО ЕДНОДУШЕН ТРАНС
ЦЕЛОСНО ГО
ИСПОЛНУВАШЕ
ПРОСТОРОТ
СО ГРОМОГЛАСНИ
ПОРАКИ:
*САКАМЕ ПОБЕДА!*
*ПОБЕДА!*
*ПОБЕДА!*
*НАПРЕД МАКЕДОНИЈА!*
*МАКЕДОНИЈА!*
*МАКЕДОНИЈА!*






ЧУДЕСНАТА РАДОВИШКА И МАКЕДОНСКА ПУБЛИКА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛНИОТ КУП ВО БОРЕЊЕ НА КОЈ „БУЧИМ-ЈАКА“ СТАНА СВЕТСКИ ШАМПИОН, 1996 ГОДИНА

ЗНАМИЊАТА
НА FILA
И НА
ЗЕМЈИТЕ
УЧЕСНИЧКИ
НА ТУРНИРОТ:
АМЕРИКА,
НИГЕРИЈА,
ЈАПОНИЈА
И
МАКЕДОНИЈА






ПРЕТСТАВУВАЊЕ
НА ТИМОВИТЕ
НА
„БУЧИМ-ЈАКА“
ОД МАКЕДОНИЈА
И НА
„ДЕЈВИД ШУЛЦ“
ОД САД
ПРЕД ПОЧЕТОКОТ
НА ФИНАЛНИОТ
НАТПРЕВАР
ЗА ОСВОЈУВАЊЕ
НА ПРВАТА
СВЕТСКА
КЛУПСКА
ШАМПИОНСКА
ТИТУЛА
ВО БОРЕЊЕ

БК „БУЧИМ-ЈАКА“ МАКЕДОНИЈА




БК „ДЕЈВИД ШУЛЦ“ СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ




БК „НИХОН“ ОД ТОКИО, ЈАПОНИЈА




БК „РИВЕРС“ НИГЕРИЈА



ВЛАТКО СОКОЛОВ
ВО АКЦИЈА
ПРОТИВ
КАНАМТИ СОЛОМОН



НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ
ВО ЗАФАТ СО
ЏОЕ ОЗИТИ







КЕРИ КОЛАТ
И ВАСЕ СПАСОВ
ВО КЛИНЧ



ПОБЕДА НА
КЕРИ КОЛАТ
ПРОТИВ
ВАСЕ СПАСОВ



ПОЧЕТОК
НА БОРБАТА
ПОМЕЃУ
РИКО КИАПАРЕЛИ
И
МАМЕТ АГАЕВ



РИКО КИАПАРЕЛИ
И
МАМЕТ АГАЕВ





*МЕЛНИЦА*
НА
МАМЕТ АГАЕВ
ПРОТИВ
РИКО КИАПАРЕЛИ



ШОН БОРМЕТ
ВО ТУШ
ПОЗИЦИЈА
ПРОТИВ
СЕВИН МИЛЕНОВ



СЕВИН МИЛЕНОВ
ДО ОСВОЈУВАЊЕ
НА БОД
ПРОТИВ
ШОН БОРМЕТ



ДЕН ТРОУП
ВО ТУШ
ПОЗИЦИЈА
ПРОТИВ
ЕЛДАР КУРТАНИДЗЕ





ГЕНАДИЈ ЖИЛЦОВ
ВО АКЦИЈА
ПРОТИВ
СТИВ НИЛ




ТЕШКА БОРБА
НА ГЕНАДИЈ ЖИЛЦОВ
ПРОТИВ
СТИВ НИЛ






НАСЛОВНАТА СТРАНИЦА НА СПОРТСКИОТ МАГАЗИН *СКОК* ГО ОВЕКОВЕКУВА НАЈЗНАЧАЈНИОТ МИГ, КОГА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КИРО ГЛИГОРОВ ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА БОРАЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, МУ ГО ВРАЧУВА ЗЛАТНИОТ ШАМПИОНСКИ ПЕХАР НА ТРЕНЕРОТ НА „БУЧИМ-ЈАКА", ДИМЧО АНГЕЛОВ







ОСВОЕНИОТ ПЕХАР НА СВЕТСКИОТ ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП ВО 1996 ГОДИНА ВО РАДОВИШ ШЕТАШЕ ОД РАЦЕ НА РАЦЕ МЕЃУ ПРИСУТНИТЕ БОРАЧИ: ЖИЛЦОВ, КУРТАНИДЗЕ, ПЕНЕВ, ЛИКОВ, КАКО И ДЕЛ ОД ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВАТА НА КЛУБОТ И СУДИЈАТА КИРО ТУНЧЕВ



МАЖОРЕТКИТЕ ГИ ПОДДРЖУВААТ СПОРТИСТИТЕ




ПЕХАРОТ НА БУЧИМСКИТЕ СВЕТСКИ ШАМПИОНИ ВО ПРИДРУЖБА НА ДОКТОРОТ НА СВЕТСКИТЕ ШАМПИОНИ РОБЕРТ ВЕЛКОВСКИ, СТИГНА И ВО РАЦЕТЕ НА НАЈМЛАДИТЕ РАДОВИШКИ НАВИВАЧИ



ПО ТРИУМФАЛНИОТ КРАЈ, ВАНЧО ЕДИНСТВЕНО И НАЈСЕНЗИБИЛНО МОЖЕШЕ ДА ЈА СПОДЕЛИ РАДОСТА НИЗ ВАЛЦЕРОТ СО СВОЈАТА СОПРУГА ДАНКА КАКО НАДОМЕСТ ЗА ЧЕСТИТЕ ОТСУСТВА ОД СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ





ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
СО МУЗИЧАРИТЕ,
А МУЗИЧКАТА
ЕКИПА СО
ШАМПИОНСКИОТ
ПЕХАР



ПЕХАРОТ ВО РАЦЕТЕ НА ВРЕДНИТЕ РАДОВИШКИ КУЛИНАРИ
КОИ СЕ ГРИЖЕА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ХРАНАТА НА МНОГУБРОЈНИТЕ ЕКИПИ И БОРАЧИ



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
И КОСТА СУСИНОВ

НАЈБЛИСКИТЕ
СОРАБОТНИЦИ
НА ВАНЧО
ЧИФЛИГАНЕЦ
(ВО СРЕДИНАТА),
ОДЛЕВО:
ВЛАТКО ГАВРИЛОВ,
ДРАГИ АРСОВСКИ
(НЕГОВ ПРВ
ГЕНЕРАЛЕН
ДИРЕКТОР),
СЛОБОДАН СТОЈАНОВ
И
КОСТА ПОЦКОВ



РАДОСТ
ЗА ОСВОЕНОТО
ВТОРО МЕСТО,
АМЕРИКАНСКИОТ
ТРЕНЕР
СО ПОДИГНАТ
ПЕХАР В РАЦЕ





ЧЕСТИТКИ ЗА ОСВОЕНОТО ТРЕТО МЕСТО
НА АФРИКАНСКИОТ ШАМПИОН ОД НИГЕРИЈА




ВИСОКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ДРЖАВАТА ЗАЕДНО СО ЕВРОПСКИТЕ И СВЕТСКИ ШАМПИОНИ, ТИМОТ НА „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ И ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ КОЈ ЗАСЛУЖЕНО ГИ ДОЖИВЕА НАЈГОЛЕМИТЕ УСПЕСИ НА НЕГОВИОТ КЛУБ

**Димчо Ангелов – тренер на Бучим:** *по овој голем успех, воопшто не жалам што цели 24 години од својот живот посветив на борењето. Светската титула мислам ја освоивме сосема заслужено. Посебно сум среќен што токму во последниот, решавачки меч, се сретнавме со одличните борачи од САД. Поведени од нашите верни навивачи, извојувавме голема победа. На крајот морам да им честитам на сите наши борачи кои дадоа сè од себе да се забележи оваа историска победа, не само за нашиот клуб туку и за македонскиот спорт воопшто.*



ДИМЧО АНГЕЛОВ





**Николчо Калајџиев – наш репрезентативец, кој извојува три мошне значајни победи за неговиот клуб:** *по конечната победа над Американците немам зборови за да го опишам моето задоволство. Едноставно тоа треба да се доживее. Посебно сум задоволен од мојот учинок. Имав три меча, извојував исто толку победи, и покрај тоа што немавме никакви информации за противникот.*



НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ

**Џон Кертис – борач на Дејвид Шулц (САД):** *титулата им припаднa на домаќините и тоа сосема заслужено. Во овој момент тие беа најподготвени, но и најмногу ја посакуваа светската круна. Што се однесува до мене, јас сум задоволен од учинокот. Извојував три победи. Од краткиот престој во вашата земја и Радовиш, ќе понесам извонредни впечатоци но се надевам дека ова нема да биде мое прво и единствено доаѓање во Македонија.*



ЏОН КЕРТИС

**Кирчо Сусинов – претседател на БК Бучим:** *со оваа историска победа Радовиш стана и светски град на борењето. Нашиот храм на борењето и овој пат беше претесен да ги прими сите оние на кои овој спорт им е во крвта, а чие бодрење и огромна желба за успех ги понесе и нашите борачи. Освојувањето на светската титула е наша награда за граѓаните на овој град, кои несебично го помагаа клубот, посебно рудникот „Бучим“ на чело со генералниот директор проф. д-р Ванчо Чифлиганец.*



КИРЧО СУСИНОВ



Д-р Чифлиганец направи голема афирмација на клупското борење и на Македонија како држава. Со организирањето на клупското европско првенство и светскиот клупски шампионат во борење, на кој „Бучим-Јака“ од Радовиш стана светски шампион, македонските граѓани беа опседнати со гордост и силно национално чувство од импозантната организација на манифестациите и постигнатите големи резултати.

Тогаш Радовиш беше центарот на светот, за сите големи јавни личности од Македонија и од странство и за највисоките личности во борачката фела од светот.

Насе Насев

Претседателот на светската борачка федерација, Милан Ерцеган, ги сподели зборовите на претседателот на Европската борачка федерација Цено Ценов, кој одушевен од атмосферата во преполната спортска сала „25 мај“ и навивачките урнебесни извици Македонија! Македонија! Македонија!, пред целата македонска јавност, за медиумите изјави: ова е најголемата македонштина што сум ја видел и доживеал досега, а не сум можел ни да замислам дека постои и е потврдена со навивањето и шампионскиот резултат. Подобар начин да се оддолжите на државата Република Македонија не постои, Ви благодарам на сите победи - вие заслужувате таков успех!

Спортот е единствената човекова категорија во која се спојуваат и доаѓаат до израз витешката борба, достоинството и правдољубието, секому според постигнатото!

Цено Ценов

Успесите се резултат на фактот што во Македонија од дамнина се негувало борењето, и се издигнало во најтрофеен македонски спорт. Верувам дека македонското борење со освоените олимписки, европски, балкански медали од свои борачи, но и со освоената клупска европска титула во 1995 и светската шампионска титула во 1996 година го сврти вниманието на целата светска борачка јавност.

Горди сме што од мала држава како Македонија во светското борење со златни букви се запишале: БК „Бучим-Јака“, Шабан Трстена, Шабан Сејди, Зоран Шоров, Магомед Ибрагимов, и уште стотици други борачи.

Горди сме што за UWW Македонија била, е и ќе остане гостопримлив домаќин и организатор на значајни спортски натпреварувања.

м-р Ненад Лаловиќ
UWW претседател

Успеавме да бидеме шампиони во спортот кој е постар од државите - борењето! Докажавме дека Република Македонија реално постои како држава а нацијата нѝ е шампионска.

Во Радовиш останаа туширани и положени на плеќи шампионските земји од четири континенти - Америка, Азија, Африка и Европа.

Ако сакам правда за сите, тогаш мислам и за правдата на мојот народ, а како ќе се борам за мојот народ ако не изгорам во љубов прво за него!

Само кога мојот народ, по макотрпна патриотска борба станува светски признаен, нека биде тоа и преку оваа спортска титула - јас можам, како припадник на еден светски познат народ да ги сакам и другите народи. Ако не сум вистински признаен, нема да ги сакам другите народи, туку само ќе им се восхитувам како на нешто повредно од мене, а тоа не е слобода - туку ропство!

проф. д-р Ванчо Чифлиганец

# РЕКОА ЗА ЕВРОПСКИОТ И СВЕТСКИОТ КЛУПСКИ ШАМПИОН „БУЧИМ-ЈАКА“ И ЗА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ



**ДАНО ВУЧКОВ**
борач во БК „Бучим-Јака“

Горд сум што сум борач од Радовиш, европски 1995 и светски шампион 1996 г. Живеам во градот на борењето, со публика која ја полнеше спортската сала до последно место. Она што мене и на другите ни остави впечаток е дека радовишката публика го познава борењето, знае и правилно суди, ги наградува со аплауз дури и противничките борачи ако покажат добра техника, и зафат.

Се оствари сонот на Ванчо Чифлиганец, кој првпат го запознав како борач на првенство во Скопје, кога двајцата бевме средношколци.Тогаш двајцата освоивме први места во своите категории, по што како награда не однесоа на турнир во Плевен - Бугарија. Подоцна, кога го слушав Чифлиганец како со жар зборува дека од нас борачите и од БК „Бучим-Јака“ ќе направи европски и светски шампиони, не ми се фаќаше верба. Познавајќи го борењето во Европа и во светот, но ете станавме Шампиони на светот во клупско борење слободен стил. Чифлиганец е заслужен за тоа, бидејќи тој го сака борењето, знаеше кој со кого во која категорија може да победи, така нè распоредуваше, знаеше како, нè направи тим кој победува, направи европски и светски шампион од клубот.

Сепак најрадосен сум кога ќе се сетам дека ги победивме во европското финале Турците кои тогаш беа навистина силна екипа. Тие беа двократен европски првак, со половина бугарска репрезентација во нивните редови, а мојот противник во тешка категорија до 130 кг. беше Махмут Демири, олимпиец, трократен светски, повеќекратен европски шампион, многу тежок противник, а едниот бод што го освоив во таа борба, и што не ме тушира, беше одлучувачки во севкупниот пласман и нè направи европски шампиони. Не знам од каде ми дојде тогаш таа сила, со волјата од публиката, со навивањето од Ванчо Чифлиганец, едно расположение се создааде, освоив еден бод, издржав, не ме тушираше, и победивме. Извојуваме голема титула за Радовиш и за Македонија.







**ТОНИ ТАНЧЕВ**
борач во БК „Бучим-Јака“

Во 1991 година, кога проф. д-р Ванчо Чифлиганец дојде на чело на борачкиот клуб „Бучим“ и како генерален директор на рудникот за бакар и злато „Бучим“, целосно сè вложи за развој на клубот и борачите. Речиси 6-7 години трениравме професионално. Професорот Чифлиганец кога ме повика да се вратам од Германија, ми кажа ти Тони можеш да ги намалиш килограмите, јас мислев дека тоа е невозможно, но со дисциплина, со професионално тренирање сè беше можно. Намалив 16 килограми и се борев во категорија на 57 кг. Без да се вложи, без добра управа, нема добри резултати. Во тоа време со помош на Чифлиганец, со негова идеја, се одеше преку него и ние како борачи, како спортисти бевме вистински професионалци. Замислете во финалето кога се боревме, тоа сега е незамисливо, во хотелот каде што спиевме, во ходниците, имаше пред секоја врата обезбедување, имаше дисциплина. Станува збор за строг режим, а тој ни ги донесе големите успеси, да станеме европски и светски клупски шампиони. Можам да кажам дека многу тренираме, но зневеме и дека во финалните борби ќе се бориме со велесили во светското борење. Но, кога почнаа борбите видовме дека можеме, се бодревме меѓу себе, тука беше и публиката која еуфорично нè поддржуваше и кога станавме прваци бевме презадоволни.

Борби кои секогаш ќе ги паметам се таа со борачот, Бела Наџ од Унгарија, која ни овозможи влез во финалето на Европското првенство, и секако борбата со Турчинот во Радовиш во финалето на европското првенство. Првата со Бела Наџ, беше победничка, а другата ја изгубив од Турчинот.

Можам да кажам дека клучната борба беше во Радовиш, тука ги победивме Унгарците и добивме голема сила, и ние борачите и управата на клубот. Кога отидовме на реванш во Будимпешта, тие беа комплетно нова репрезентација, не беа истиот состав од тој со кој се боревме претходно во Радовиш, ги имаа земено сите најдобри репрезентативци што постојат, но за среќа ние пак ги победивме. Тогаш имаше големо славје и во Будимпешта и во Радовиш кога се вративме, после тој успех не чекаше финалето со Турците и си рековме што ќе биде-неке биде. Паметам една случка. Кога заврши мерењето со Турците и во хотелот „Панорама" отидовме на ручек, ние седевме на една маса, а турската екипа позади нас, на друга маса. Се сеќавам проф. д-р Ванчо Чифлиганец му кажа на турскиот претседател на клубот, што ја водеше екипата: „Ние денес ќе станеме еврпски прваци!", на што Турчинот одговори: „Не, немате шанси да станете шампиони!". На тоа Чифлиганец уште еднаш извика: „Не, денеска НИЕ ќе станеме европски прваци!". И тоа се случи.

Таа борба со Турчинот, кај мене предизвика чувства на големо разочарување, иако имав голема желба да победам. Но, сепак, се борев со борач од светска класа. Иако загубив, заедно со другите борачи и публиката ги бодревме нашите. Како поминуваа борбите така ни се враќаше надежта да бидеме европски шампиони. Особено кога настапија Русите, Валериј кога победи, почна да се враќа надежта. Еуфоријата беше најсилна кога дојде последната борба на Данчо Вучков на 120 килограми, јасно беше дека тој не смее да загуби со туш, за Турчинот да не земе 5 поени, важно беше Вучков да земе еден поен. Кога Данчо успеа, во салата настана општ хаос, колку имаше публика во салата толку имаше и надвор. Публиката ќе експлодираше од радост, сите се симнаа на душекот, имаше големо, големо славје. Не можевме да поверуваме што се случи, што направивме. И самите Турци по завршувањето на финалните борби не веруваа. Гледано од денешен аспект, можам да кажам дека желбата, идејата, волјата на проф. д-р Ванчо Чифлиганец беше толку заразна, што нè зарази не само нас борачите, туку цел





град, цела држава. А успеавме да ги постигнеме тие неповторливи успеси прво со дисциплина и огромната желба. Ако не дадовме се од себе, ако немавме дисциплина, сè ќе беше залудно. Чифлиганец даде сè од себе, ние борачите дадовме сè од себе, сите услови што постоеја ги имавме, немаше борач што не тренираше по два – трипати во денот, тоа беше време на вистински професионализам во спортот. Така прават големите држави како Турција, Русија, Америка, Бугарија, вложуваат во спортот. Тоа денес кај нас го нема. Јас не верувам дека во наредните 100 години ќе се повторат успесите од 1995 година кога станавме европски клупски шампиони и во 1996 година кога станавме светски клупски шампиони. Притисок нормално имаше кај секој борач, пред толку публика, но дадовме максимум, мислам дека сите борачи дадовме максимум, задоволството на крајот беше преголемо, сè што зацрта Управата - исполнивме. Се боревме за спортски резултати, а со тоа и за афирмација на македонската држава.



**НИКОЛЧО КАЛАЏИЕВ**
борач во БК „Бучим-Јака"

Станавме светски шампиони со упорност, работа и дисциплина, со руска школа и врвни услови, а благодарение на визијата и вложувањето во нас од страна на раководството на клубот и спонзорите. Ванчо Чифлиганец беше идеологот со визија, упорност и стратегија како да го оствариме успехот. Кога ни беше тешко, кога се намалуваа повеќе килограми за кратко време, кога се случуваа повреди ... тој беше со нас и ни помагаше. Знаеше да воспостави врска со секој спортист не како директор,туку како родител, на еден особен начин. Тој веруваше во нас, а ние возраќавме со максимална борбеност до последен атом енергија на струњачата, дури и се надминувавме себе си и своите можности. Бевме убава целина, тим, со јака волја за успех и тој не

изостана. Јас ги скршив: двете клучни коски, скочниот зглоб и едната рака во борбите, но иако болката си е болка, се заборава кога ќе се искачиш на победничкиот трон. Но кога денес ќе ме здоболи раката на промена на време или од замор, не дозволува да заборавам дека: кога во Кочани, на борба со противник од „Спартак-Евросвет“ ја скршив раката, Чифлиганец, дотрча до мене, со солзи во очи и праша: што се случи?

Сепак најголем впечаток од тој период ми остави борбата во Будимпешта кога победив младински вицешампион на Европа и ми потекоа солзи радосници, а цела сала викаше: Македонија, Македонија. Имено и сега се ежам, кога се сеќавам на тие натпревари. Тоа беа адреналински чувства кои треба да се доживеат. Имаш огромна одговорност, мотивиран си да победиш, а противниците силни. Мислам дека успехот кој го постигнавме ние може да се повтори, доколку сите придонесеме.



**ТРАЈЧЕ ДИМКОВ**
борач во БК „Балканец“
и во БК „Бучим-Јака“

Сеќавајќи се на своето учество како борач на БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, Трајче Димков истакнува дека за него европскиот и светски клупски шампионат 1995-1996 година е неповторливо искуство. Остварување на сонот на секој спортист, особено ако се има предвид дека потекнува од семејство на успешни пеливани и борачи (Ристо Таков, Димче Саздовски...) од Штип, со матичен клуб „Балканец“.

Излегувањето во јавноста на Ванчо Чифлиганец во 1990 г. со идеи, кои на Димков и другите борачи им се чинеле чудни, и вчудоневидувачки: ... дека БК „Бучим-Јака“ од Радовиш ќе биде европски и светски шампион, го охрабриле да го надмине ривалството на штипјани и радовишани, и да се придружи на тимот, како засилување за шампионатите. Тој истакнува дека: со верба, сериозност, посветеност од





сите, приказната успеала. Затоа што буквално целиот град Радовиш, заедно со Чифлиганец како носител на целиот тој проект од идеја до реализација, биле вклучени, и во тие години живееле за борењето.

Димков истакнува дека било пеколно тешко, кога: тренерите, раководството на иницијатива на Ванчо Чифлиганец, одлучиле тој и уште неколку борачи да симнат килограми, и да преминат 2 категории пониско. Димков од 76 кг. се симнал на 68 кг. Васе Спасов од 74 кг на 64 кг, Тони Анчев од 59 кг на 48 кг. Николчо Калајџиев од 60 кг. на 54 кг. Буквално не јаделе, само пиеле по малку вода, лимон, витамини за освежување, со тренинзи, сауна, под буден надзор на лекари. Не знам на што живеевме тие денови, спиевме во Радовиш во Хотелот „Панорама“ во целосна изолираност од јавноста, тренираве, во руска школа и дисциплина, волјата ни беше голема. Ванчо Чифлиганец и сè е можно. Тој нè мотивираше. Нè познаваше, затоа со право се мешаше и во стручната тренерска работа, со тоа што ја кажуваше стратегијата, кој борач, на која категорија со кој противник може посигурно да победи, што се покажа како оправдано. По сè што се правеше, знаевме дека се случува нешто големо. Знаевме дека таа наша жртва ќе придонесе да победиме и да станеме шампиони на Европа и светот, тоа и се случи.




**ТОНИ АНЧЕВ**
борач во БК „Бучим-Јака“

Го сакам спортот, а со борење се занимавамод моите 15 години. Прво тренирав фудбал, а потоа се насочив на борењето. Мојот прв клуб беше БК „Бучим“ и таму останав до крај. Првиот мој успех беше на 20 години во 1987 година кога се борев на европско за младинци и бев петти. Позначаен настап имав во 1991 година на Европско првенство во Германија кога нашиот борач Зоран Шоров освои трето место. Потоа се редеа и други

успеси на македонски бисери, на државни првенства, на медитерански натпревари во Грција, на светско во Бугарија. Освоив многу медали. Но, најголемиот успех беше одржувањето на Европскиот и на Интерконтинеталниот светски куп во борење во Радовиш. И ден денес сум благодарен на проф. д-р Ванчо Чифлиганец, што успеа да се одржи европското првенство, што сите работници во „Бучим" застанаа зад нас, имавме поддршка од сите граѓани во Радовиш, од цела Општина. Луѓето нè бодреа, навиваа, живееја со нас и со борењето. Сите го сакаа борењето, а ние како борачи ги уживавме сите услови што ни ги создаде Чифлиганец. Имавме поддршка од целиот менаџерски тим на „Бучим". Трениравме напорно, имавме врвни тренери, лекари, сè што му треба на еден спортист, да се посвети само на борењето. Кога БК „Бучим" стана македонски државен шампион тоа ни овозможи да учествуваме на Европскиот клупски шампионат во борење слободен стил, тоа дополнително нè мотивираше, уште повеќе да тренираме, кога веќе се знаеше дека ќе се одржи во Радовиш, целиот град живеевме за тоа првенство. Има многу борби што ќе ги паметам, особено тие пред финалето на Европското, со Италија, со Унгарија, во сите тие борби извојував победа. Но најслатка беше победата во Радовиш, во финалето со Турчинот. Тоа беше борба од која многу се очекуваше и која ни даде голем мотив и надеж дека можеме да станеме европски прваци. Цел Радовиш беше на нозе и гледаа што ќе направам. Таа прва борба како да беше пресудна и беше иницијална каписла за шампионскиот успех. Иако Турчинот водеше на почетокот 1-0, со продолжетоци од 8 минути, со огромна поддршка од публиката, во последните 20 секунди го завртев турчинот со познатиот борачки зафат ауфрајзер и направив пресврт во резултатот, јас го победив. И сега кога ја гледам таа борба не ми се верува, се восхитувам, се радувам како сум успеал. Турчинот беше европски првак за младинци, а изгуби од мене. Првата победа создаде еуфорија во публиката, потоа другите наши борачи изгубија на поени, па Русите победија и станавме европски шампиони. После дојде и светското, но сакам да кажам само една работа: дека без проф. д-р Ванчо Чифлиганец ништо од ова немаше да се случи. Неговата визија, желба, идеја нè однесоа на врвот, успеси со кои го промовиравме борењето, го промовиравме Радовиш како одличен домаќин, ја промовиравме Македонија, успеси кои тешко дека ќе се повторат.







**ВАСЕ СПАСОВ**
борач во БК „Бучим-Јака"

Тренирам и го сакам борењето уште од мали нозе, учествував на многу натпревари сè до средното училиште, по што заминав во Германија. По иницијатива на проф. д-р Ванчо Чифлиганец 7-8 борачи се вративме да се бориме за „Бучим" за да го засилиме клубот. Тој беше организатор, упорен, со визија, а нас, седуммина или осуммина борачи кои се вративме од Германија на негова иницијатива нè вработи во „Бучим". Упорно тренираме, се боревме и дома и на натпревари надвор од нашата земја, тренираме со други репрезентации. Само во Радовиш ако тренираме немаше да постигнеме светски резултати. Мајсторката во Скопје во 1993 година, кога „Бучим-Јака" стана по трет пат државен шампион на Македонија, ни ги промени надежите, и ни го отвори патот за учество на Европското клупско првенство, а потоа и на Светското клупско првенство. Никој не веруваше дека „Бучим-Јака" ќе ги освои овие шампионски врвови, но професорот Чифлиганец и ние борачите веруваме дека можеме. Секој си го знаеше своето место, својата цел, со кој борач-противник ќе се бори и што треба да постигне, а засилувањето со руските борачи беше многу значајно за освојување на шампионските титули. Се сеќавам кога доаѓаа во Радовиш да се борат европските борачи од Италија, Унгарија, Јапонија, Америка, Турција, Грција, Русија, поради многубројната публика и во салата и надвор од неа, се прашуваа како е можно на натпревари за борење да има толку народ што навива, мислеа дека толкава публика може да има само на фудбалски натпревари. И италијанската и унгарската екипа го потценија нашиот капацитет и беа сигурни дека ќе нè победат, но се случи спротивното, ги победивме и едните и другите. И ден денес ми одѕвонува гласот на проф. д-р Ванчо Чифлиганец кога ме праша дали ќе го победам Унгарецот, кој беше трети на европското првенство за младинци. Дадов сè од себе, со добра акција, добри

зафати, го победив и придонесов да бидеме први во групата. Од таа победа знаевме само дека одиме напред кон нови победи, немаше назад. И Турците кога дојдоа во Радовиш во финалето мислеа дека ќе нè прегазат. Но, нас секој поен ни беше вреден, еден поен ни значеше многу, еден поен ни ја донесе победата за Европскиот пехар. Ние самите бевме во делириум, како и публиката. Во Радовиш борењето беше спорт број еден, сите живеевме за борењето, публиката беше образована за борењето, нè познаваа нас борачите, сите потези, кога се дава поен, кога се тушира, кога се аплаудира, па дури и ако згрешеа судиите, ги исправаа.

За светското првенство исто така имаше неверување дека ќе го повториме успехот од европското. Напорно и упорно тренираме, со поголемо засилување. Претседателот на СБСМ, Чифлиганец сè што ќе замислеше, оствaрувaше, тој ги донесе најдобрите светски борачи да се борат за „Бучим-Јака“- од Радовиш, за Македонија, за нашата држава која по осамостојувањето се бореше за свое место под сонцето. Но, едно ќе кажам: без професорот, директорот на „Бучим“, претседател на Боречката федерација на Македонија немаше да постигнеме светски успеси. Како човек кој е дел од боречката управа и денес, посакувам повторно да постигнеме успеси, за младите да ја почувствуваат таа желба за победа, за освојување, патриотско чувство дека се борат за нашата Македонија.



**ВЛАДО ЛАЗАРОВ**
борач и актуелен претседател на БК „Бучим-Јака“

Владо Лазаров се сеќава дека успехот на борачите од БК „Бучим-Јака“ Радовиш започнува во далечната 1991 година, со подготовки за освојување на државниот шампионат, во август кога биле на подготовки во „Славија Интекс“ во Софија а потоа и на Плачковица, на кои ги испратил Ванчо Чифлиганец, како што Лазаров вели: со мали мудрости од Чифлиганец, да се скриени од очите на јавноста, во





спортски карантин, и максимално насочени на тренинзите. Тогаш од Германија се вратиле осуммина борачи, и го зајакнале клубот: Васе Спасов, Тони Анчев, Тони Танчев, Ванчо Спасов, Станоја и Илија Ристови и други, а следните години, борачи и тренери од Русија и Бугарија.

Најрадосно сè сеќава на својата прва победа против искусниот борач од Кочани, Драган Ѓорѓиев, со 4-0, победа со која придонел БК „Бучим-Јака“ - Радовиш да го совлада БК „Спартак-Евросвет“ од Кочани во *мајсторката* со која станал македонски шампион за 1993 година и се пласирал за учество на Европското првенство.



**ВЛАТКО СОКОЛОВ**
борач во БК „Бучим-Јака“

Во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век, борењето беше спорт број еден не само во Радовиш, туку во цела Македонија. По постигнатите резултати и ден денес е така. Од секое првенство носевме медали. Тоа беа државни првенства на кадети, на пионери, на јуниори, на младинци. Се борев во поранешна Југославија и станав балкански шампион во салата во Радовиш. Имав голема желба да се борам на Европското и на Светското првенство, да дадам максимум што можам. Проф. д-р Ванчо Чифлиганец создаде екипа од соништата, од најдобрите домашни и странски борачи и неговата замисла, желба се оствари. Тоа беше страшна екипа- победничка боречка екипа. Паметам сè во детали од тие борби, ја паметам од првата до последната борба. Најтешка борба за мене беше таа во Унгарија, кога специјално за мене донесоа борач да ме победи, кој два месеца претходно освои трето место во Европа. Ама во тоа не успеа. Иако во текот на борбата го истегнав мускулот, издржав до крај, длабоко во себе имав верба, волја и го победив. Сите борачи, цела екипа верувавме дека ќе се бориме во финалето. Тие години проф. д-р Ванчо Чифлиганец вложи многу во спортот, во борењето и затоа имаше резултати, затоа станавме европски клупски и светски клупски шампиони.

Имавме една сала, а многу спортови и спортисти, денес имаме многу сали, а нема спортисти. Спортот не е само духовно задоволство, тој е и промоција на државата. Ние во тоа успеавме во 1995 и 1996 година да покажеме дека во Македонија има силни луѓе, со спортски, но и патриотски дух, луѓе кои ја сакаат својата држава и беа спремни да се борат и да дадат сè од себе. Во тоа време имавме квалитетно борење, квалитетни млади луѓе кои сакаа да тренираат по цел ден, да живеат за спорт. Ние треба да бидеме пример за денешните млади генерации, како успешни борачи кои сме освоиле европска и светска клупска шампионска титула, јас бев и балкански шампион, бев втор во свет, олимпсики учесник. Јас сум оптимист дека државата ќе увиди дека треба многу да вложи во спортот. Јас не можам да бидам добар спортист, ако не вложам труд, ако напорно не тренирам, нема резултати, ама таков труд денес младите да вложат треба државата да создаде услови, финансиски да ги поддржи спортистите, бидејќи само со резултати ќе ја афирмираме нашата држава, ќе се интонира нашата химна, знамето ќе се крева. Тоа е за мене патриотизам!

Сакам да изразам благодарност до БК „Бучим-Јака" - Радовиш и на нејзиниот голем визионер проф.д-р Ванчо Чифлиганец, што сум вграден како борач, како учесник кој придонел во освојувањето на првата европска и првата светска клупска шампионска титула во борење слободен стил. Тој успех без БК „Бучим-Јака" од Радовиш и без Чифлиганец немаше да се оствари.



**ШАБАН ТРСТЕНА**
борач во БК „Бучим-Јака"

Јас првпат почнав да се занимавам со борење во 1977 г. по иницијатива на брат ми, Муарем Трстена кој го откри мојот талент. Тој тогаш беше првак на Југославија во борење, и ми ги покажа првите борачки зафати во малата сала „Партизан" во Скопје, таму почнувавме сите со тренинзи. Бев сиромашно дете, но имав сон: да бидам како Мухамед Али. Знаев дека за да се оствари тој мој сон, не може тоа да се случи „со спиење" или со зборување. Големите соништа се остваруваат со многу: труд, работа, дисциплина, пот, откажувања, жртви ... на патот до успехот.

Мене тоа ми појде од рака, тренирав напорно и во годините кои следуваа станав најтрофеен борач во Југославија и во Македонија со 19 освоени медали од: медитерански игри, балканијади, европски, светски првенства и олимпијади, имам 700 победи. Сакав да бидам како Мухамед Али бидејќи тој имаше 60 победи, двапати одбрани светска титула на првенство. Тоа ми изгледаше толку недостижно и големо, а јас во мојата натпреварувачка кариера го надминав мојот идол Мухамед Али.

Јас и мојот другар Ванчо Чифлиганец докажавме дека соништата се остваруваат, и на сиромашни деца, од мали држави. Кина има милијарда и пол жители. Индија е исто така огромна држава, со неколку милијарди жители, голема нација, најголема во свет, но нема постигнато успеси какви што има постигнато Македонија со два милиона народ, во светското борење. Тие уште немаат олимписки шампион, а Македонија има 5 олимписки медали од осамостојувањето а заедно со периодот кога бевме во СФРЈ Македонија има вкупно 12 медали освоено во борење на олимпијади.

Чуда направивме, и ние и другите борачи како: Зоран Шоров, Шабан Сејди, Киро Ристов, Ристо Дарлев и многу други пред и после нас, македонски медалисти, освојувавме медали поединечно за Македонија. Ние не се збогативме, но бевме водени од голема желба да победуваме за Македонија, и ја испишавме големата успешна историја на македонското борење.



**ЗОРАН ШОРОВ**
борач во БК „Бучим-Јака“

Во 1991-1992 кога дојде до промена на системот, среќа за борачите беше што во тоа време директор на рудникот „Бучим“ и на БК „Бучим“ беше проф. д-р Ванчо Чифлиганец, човек што многу го сака спортот, а „Бучим“ беше моќна организација. Чифлиганец беше човек од борењето, од дете спортувал, се натпреварувал. Сите негови идеи, голема желба, да му помогне на клубот, да го издигне до таму каде што го издигна, го направи европски и светски клупски шампион. Со тоа БК „Бучим“ и Чифлиганец испишаа светска историја, за БК „Бучим-Јака“, за градот Радовиш, испишаа историја за Македонија. Сè што направи Чифлиганец за борењето, сè беше добро, дај боже да имаме повеќе такви луѓе кои сакаат и се борат со цело срце и душа да оствариме резултати, успеси, бидејќи така ја афирмираме државата во светот.

Првпат дојдов во допир со борењето во 1971 година во БК „Балканец“ од Штип. По освојувањето на првата титула на пионерското првенство во Скопје, се навлеков на борењето, бев четирикратен државен првак во пионерска конкуренција, па бев младински првак на Македонија и член на младинската репрезентација. Мојот прв меѓународен успех беше на турнирот „Стефан Караџа“ во Бугарија, на кој освоив трето место и бев прогласен за најмлад борач на турнирот. Бев дел и од репрезентацијата на Југославија и учествував на многу меѓународни шампионати. Во 1977 година учествував на Светското првенство во Лас Вегас и освоив шесто место, после станав и балкански првак. Во осумдесетите години почнав да се борам во сениорска конкуренција на големи шампионати. Во 1987 година бев втор на Европското првенство, што беше огромен успех. Учествував и на Олимпијадите во Лос Анџелес 1984 година и 1988 година во Сеул. Во 1991 и 1992 година бев трет во Европа, таа година учествував и на олимпијада и тоа беше мојот последен





настап за репрезентацијата. Тогаш ја завршив спортската кариера како борач, кој во поединечните натпревари постигна најголеми успеси. Потоа продолжив да им помагам на клубовите, а во тоа време посебно силен беше клубот „Бучим-Јака“ од Радовиш. Во спортот бевме големи ривали, едноставно секој сакаше да победи, но после натпреварите бевме најдобри пријатели и до ден денес се дружиме. БК „Бучим-Јака“ стана голема сила со сериозна работа од страна на проф. д-р Ванчо Чифлиганец, направи одличен тим со одлични борачи, кои беа добро стимулирани и кои сериозно си ја сфатија работата. И на крајот сето тоа вроди со плод. Европската и светската шампионска титула до ден денеска е неповторлив резултат. Ги победија спортските велесили во борење, Турција, Америка, а претходно и Италија, Унгарија. Локомотивата на целиот тим беше проф. д-р Ванчо Чифлиганец.



**КОСТА ПОЦКОВ**
борач, менаџер во „Бучим“ долги години дел од раководството на БК „Бучим-Јака“

Јас бев првиот младински шампион во борење од Радовиш, Македонија, во Југославија, во 1963 година. Борењето го имав во моите вени, од најрана детска возраст, и страста кон борењето и спортот не ме напушти до денес. Како студенти во Белград, со Ванчо Чифлиганец, Слободан Стојанов и Коле Атанасов, замислувавме: кога ќе дипломираме, ќе се вработиме да создадеме професионални услови за борење во Радовиш и да си ги испробаме силите, до каде може да стигнеме, во европското и светско борење. Тоа и го направивме. Како инженери, директори и раководен кадар во Рудникот „Бучим“ создадовме предуслови, ги вложивме нашите способности и во Радовиш ги победивме најдобрите, станувајќи европски и светски шампиони во клупско борење слободен стил. Горд сум што успеавме, студентските мечти да ги реализираме,

обединувајќи ги сите да нè поддржат, и да направиме „неможното да стане можно“.

Посакувам ова да биде водилка за сегашните и идни генерации, да направат што е во нивна моќ, да дадат максимум од себе, да го повторат успехот на радовишките борачи, во било кој македонски спорт.



**НИКОЛА АТАНАСОВ**
заменик директор
на „Бучим“ повеќе години,
претседател на клубот
и дел од раководството
на БК „Бучим-Јака“,

Ние сме другари со Ванчо Чифлиганец, од 1965 година кога ми стана соученик, и од тогаш, до денес, се дружиме.

Тој од дете беше: амбициозен, итар, мудар и упорен. Кога ќе наумеше нешто, немаше сила која ќе го спречеше замисленото и да го реализира, колку и да изгледаше неверојатно, и недостижно на прв поглед. Тоа беше негова карактерна особина во сите сфери на живеење: спорт, образование, бизнис, семејство, кариера, филантропија... Значи отсекогаш Ванчо знаел да ги изменаџира работите. По мое, без Чифлиганец немаше да се оствари „златната деценија“ на Рудникот „Бучим“ 1989-1999 во која тој беше негов генерален директор. Јас и другите, негови заменици и раководители на производниот процес, заедно ги остварувавме неговите менаџерски стратегии во работењето на рудникот, но и спонзорирањето на спортот и помагањето на локалната заедница, градот и селата во Радовиш. Бучим од загубар, со најниска содржина на бакар во рудата, стана рудник со 10 позитивни завршни сметки, кој несебично инвестираше во подобри производни услови, нова рударска опрема, ги стипендираше рударите да го зголемат своето образование, да се усовршуваат тие и нивните деца, спонзорираше: борење, фудбал, ракомет, кошарка ...

Тој, како генерален директор, на стручните колегиуми во Бучим, секогаш велеше: ... без рудникот нема ни задоволни рудари, ни спорт, ни





спонзорирање, затоа Ве молам, колеги, да го зголемиме: производството, економичноста и рентабилноста на работењето. Да направиме сè, да работиме поуспешно, за добро на сите, и на македонската економија. Ние бучимските менаџери во деведесеттите години од минатиот век, заедно го остварувавме тоа, и направивме, година по година Бучим да станува поуспешна компанија, со ресурси да креираме успеси на сите полиња, па и спортот и борењето.

Јас како познавач на спортот мислам дека моментот во кој Ванчо се надмина себе е одлуката Данчо Вучков да се бори со Махмуд Демир во европското Финале. Стратегијата за борењето јас, Ванчо, Слободан и Коста ја мечтаевме уште од студенстките денови во Белград.

Горд сум што колегиумот на „Бучим“ и Чифлиганец ми ја дадоа едногласно довербата, како претсеадател да го водам БК „Бучим-Јака“ - Радовиш. До тогаш БК „Бучим-Јака“ постојано беше втор во Македонија. Мислам дека беше клуб со најмногу втори места, но со Бучим како спонзор и новата клупска стратегија, таа година, за првпат радовишките борачи, станаа македонски клупски шампиони, а тоа беше мотив плус да се насочиме кон остварување на уште поголеми успеси во европското и светско борење. Така почна походот за остварување на сонииштата за европска и светска шампионска титула.



**СЛОБОДАН СТОЈАНОВ**
заменик генерален
директор во „Бучим“
и претседател на
БК „Бучим-Јака“,
во шампионските години

Како колега на Ванчо Чифлиганец со заеднички соништа од студентски денови во Белград, кога ќе можеме, да придонесеме за подобри услови за тренинг на борачите и подобри успеси. Кога Ванчо го избраа за генерален директор на Рудникот „Бучим“ а мене за негов заменик,1989-1999, почнавме да ја реализираме нашата цел.

Како што бев задолжен да го водам производниот процес во рудникот, така бев именуван да го водам и борачкиот клуб, како негов претседател. Започнавме максимално да се ангажираме. Најпрво како инженери, од производството, научени на почитување: стандарди, ред и дисциплина во работењето, истото го пренесовме и во управувањето со борачкиот клуб, чиј главен спонзор стана Рудникот „Бучим“ и Тутунскиот комбинат „Јака“ поради што и го преименувавме во БК „Бучим-Јака“ - Радовиш. Следно што се направи беше: создавање услови во спортската сала за тренирање, со нејзино реновирање, враќање на борачите од странство повторно во клубот, ангажирање на нови борачи, тренери, лекари и подигнување на организацијата и дисциплината на тренирање и режим на живот на борачите на највисоко професионално ниво.

Се сеќавам кога на еден колегиум Ванчо рече: ... колеги имам визија, знам како да го направиме БК „Бучим“ шампион на Македонија, Европа, светот и пошироко. Го прашав: Ванчо каде пошироко? Во вселената, ми одговори со смеење.

Но вистина клубот почна постепено но континуирано да напредува, и се вивна во „вселената“. Освоивме последователно 10 шампионати на Македонија. Станавме европски и светски шампиони. Нашите борачи освојуваа медали на поединечните кои до ден напреварувања во Европа и на олимпијади. Постигнавме успеси за македонското борење и спорт кој до ден денес останаа ненадминати. Се надевам дека тоа ќе го сторат идните генерации.



**ЃОРЃИ АНДРЕЕВ**
директор на рудникот „Дамјан“ - Радовиш, долги години во раководството на БК „Бучим-Јака“

Од кога паметам за себе сум голем ентузијаст, и поддржувач на борењето и спортот во родниот Радовиш. Како студент на машински факултет во Скопје постојано одев на сите натпревари, кога борачите на БК „Рудар“ - Радовиш, се бореа во Скопје и страствено навивав. Таа страст не ме напушти до денес.





Кога се вработив во Рудникот „Дамјан“ во Радовиш, во кој станав и директор подоцна, можев и го спонзорирав борачкиот клуб. Неколку години бев избран за негов претседател, го водев најдобро што знаев и умеев, но мора да потенцирам дека Клубот се препороди кога генерален спонзор на клубот, стана Бучим. Под нивно раководство и со визионерството на Ванчо Чифлиганец, со неговите фанатизам, упорност, енергичност... се остварија *неговите луди идеи* ...

Имено се сеќавам: ... тој не собра сите стопанственици, функционери, раководители и сите кои бевме некој фактор во Радовиш, на ручек во „Голд Мак“. Пред сите, во свој монолог ја кажа причината: ... дека сме тука сите, да му помогнеме да ја реализира целта БК „Бучим-Јака“ - Радовиш да стане европски клупски шампион. Тој истакна дека е задоволен од дотогашните успеси на борачите но има: визија, идеја, финансиска моќ, да постигнат европски и светски успех. Сите молчевме, начелно се изјаснивме за поддршка, но во себе верувавме дека *тоа е неможно*.

Јас бидејќи бев близок со него, и бев член во претседателството на клубот, по завршувањето на ручекот, го повикав на страна, и го прашав ... Ванчо ти да не си луд, ова твоја „налудничава“ идеја, како мислиш да ја оствариш? Тој само ме погледна и рече: ... Ѓорѓи, јас имам стратегија како, од Вас барам само да ме поддржите и да помогнете, заедно ќе го оствариме тоа, а и многу повеќе.

Јас паметам, останав вчудоневиден, но воден од неговиот сјај во очите, само помислив, кога толку верува дека можеме, колку и да ми изгледа „налудничаво“, по лудо би било да не го поддржиме. Така Чифлиганец не обедини околу својата „сулуда идеја“. Сите се заложивме, помогнавме. Радовиш тие години живеше во „позитивна треска“ за успех на борењето, и успехот не изостана. Станавме европски, а подоцна и светски шампиони. „Лудоста“ на Ванчо ги искачи Радовиш и Македонија на тронот на Европа и светот, предодреден за најдобрите, за шамионите. Докажавме дека храбрите, вредните, визионерите, истрајните стратези, ги следи среќа и успехот е загарантиран. Радосен сум што, од оваа дистанца гледано, застанавме зад него, и докажавме дека ништо не е неостварливо, доколу заеднички се работи на остварување на иста возвишена цел.



**ЖИВКО ГОЦЕВ**
инженер во рудникот „Бучим“

Гледано од оваа временска дистанца можам да кажам дека: Ванчо Чифлиганец е креаторот на идејата но и двигателот кој, мене и сите нè вовлече во приказната БК „Бучим-Јака“ - Радовиш, европски и светски шампион во клупско борење слободен стил. Јас никогаш не сум бил спортист, а до деведесеттите години, како и многумина други, не го сметав борењето за спорт. Фудбал, кошарка, ракомет, беше актуелно. Борењето го ставав заедно со шах, по спортската рубрика, која се емитуваше на вести. Но како соработник на Ванчо Чифлиганец, кога стана генерален директор на Рудникот „Бучим“, во 1989 г. а јас бев раководител на флотација и на техничко комерцијалниот сектор, бев заразен со борачката треска, како и сите жители на Радовиш во деведесеттите години. Јас се будев и заспивав со мислата што тој ден сум направил, од она што сум можел, и што сум бил задолжен да направам, особено кога беа шампионатите, со цел, сè да биде беспрекорно организирано во спортската сала и надвор од неа, за безбедност на осумилјадната публика која доаѓаше да ги бодри борачите од цела Македонија и регионот, но и за беспрекорно гостопримство на учесниците и борачите од европските и светските метрополи, додека престојуваа во Радовиш. Ванчо знаеше да ги мобилизира сите, не само стручниот колегиум и бучимци, туку буквално сите-целата македонска јавност, не само од општината. Тоа му успеваше бидејки, тој работи 24 часа, и непријателите ги мотивира, ги прави пријатели. Сè за што се зафатил, тој сè направил, бидејки е вреден, стручен, визионер и харизматичен, со непресушна желба, да создава. Од денар прави три. Во тоа време тој го издигна животниот стандард во Радовиш на повисоко ниво, поголем и од Штип и од Струмица. Ги искористи финансиските прилики за подобар живот и повисок стандард на бучимци и на радовишани, но и за остварување на





најголемите успеси на борењето како спорт во: Македонија, Европа, светот и пошироко, како што во една прилика истакна и тоа остана интересна анегдота од тој период.

Морам да признаам дека кај мене, и кај други поединци, во почетокот постоеше сомневање, дали сме способни ние да оствариме големи успеси, имајки предвид дека тогаш беа турбулентни години, Македонија беше штотуку осамостоена држава, имавме ембарго, војни во соседството, многу потешкотии. Но Ванчо Чифлиганец знаеше да нè вклучи сите, умееше да обезбедува ресурси, беше визионер, храбар, ентузијастичен и успеавме. Ќе речеме денес нема успех оти многу нешто ни фали, најмногу финансии. Тој велеше не е сè во парите, но успеваше умешно да обезбедува и финансии, мотивираше спонзори од Радовиш и од Балканот и кога дојдовме да учествуваме на европскиот, а подоцна и светскиот шампионат можеше да се обезбедат сите потребни ресурси, сè да помине во најдобар ред, онака како доликува на добри домакини.

Горд сум што постигнавме успех, во тешки времиња за Македонија, кога ние носителите на функции во Бучим и Ванчо имавме по околу три, четириесет години, бевме релативно млади, но и ентузијасти дека заедно можеме, што се потврди со освоените шампионски титули и подем на Рудникот „Бучим“. Белки нашиот пример ќе ги мотивира идните генерации, да не ги гледаат потешкотиите, туку да ја гледаат пред себе само целта која ќе си ја поставата, и ќе направат се, непоколебливо, истата да ја остварат. Тоа беше нашиот, нека биде и нивни рецепт за успех.



**НАСЕ НАСЕВ**
поранешен селектор

Имам многу радосни доживувања со Ванчо Чифлиганец. Со својата креативност и љубов кон борењето - импресионира. Ванчо има решение за сите проблеми во спортот. Мудар е и пред да донесе некоја одлука, добро раз-

мислува. Македонија треба да биде горда што има еден ваков гениј. Му благодарам за сѐ што стори за македонското борење, за неговата афирмација. Македонија постигна големи поединечни резултати на врвни европски, светски и олимписки наатпревари. Со освојувањето на првата европска и светска клупска шампионска титула на „Бучим-Јака" Радовиш, Македонија се запиша со големи букви во светската спортска карта.



**ЗОРАН МИХАЈЛОВ**
новинар

Ја имав таа чест да вршам директни ТВ преноси од двата најзначајни спортски настани во нашата држава, од финалните турнири за европски и светски првак. Знам дека со борачите, рамо до рамо, се бореше и Ванчо. Секогаш ќе се сеќавам на таа убава атмосфера во Радовиш. „Бучим", со Чифлиганец ги постигна најголемите резултати во Македонија. Горд сум што бев учесник како новинар и како познавач на борењето во постигнувањето на најголемите поединечни и клупски резултати преку БК „Бучим-Јака" Радовиш, што ги постигна Македонија во светски размери.







**Проф. д-р**
**ТОДОР СЕРАФИМОВСКИ**

На Рударско-геолошкиот факултет со Ванчо бевме колеги, како професори. Беше ценет и од колегите, но и од студентите. Еден е од најдобрите познавачи, експерт по рудните богатства на Македонија... Тој не само што ја познава оваа област, туку е и одличен стопанственик, менаџер и спортски работник. Во него се собрани сите квалитети од овие дејности и затоа е успешен. Беше борбен на студиите на рударско-геолошкиот факултет, во науката, во образованието, во менаџирањето, во политиката, но тоа не му беше доволно и успеа неговиот клуб „Бучим-Јака" да биде прв европски и светски клупски шампион. Човек со големо срце и душа.



**ТОНИ СТЕФАНОВ - БОКИ**
навивач на „Фаланга"
од Штип

Тоа што го направи за Радовиш и Македонија Ванчо Чифлиганец, досега никој друг не успеал. Ние, фановите, му должиме благодарност, бидејќи со негова помош првпат патував со авион, јас и моите другари, во Италија и Унгарија, да ги бодриме борачите на „Бучим". Сметам дека многу му помогнавме на „Бучим" - на финалните турнири да стане европски и светски првак, во Радовиш. Ние го сакаме „Балканец", преку него Чифлиганец нѐ запозна, но со „Бучим" од срце навиваме и за Македонија. Никогаш нема да ги заборавам згодите и незгодите, но и нашето коректно навивање во странство, за што добивме комплименти од домаќините.



**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ**
поранешен претседател
на Македонски олимписки
комитет

Борењето е еден од најуспешните спортови во Македонија. Како во ниеден друг спорт, македонските борачи ја претставуваа својата земја на најпрестижен начин, освојувајќи бројни трофеи.

Македонија, во изминатите децении, благодарение на харизматичните личности како Ванчо Чифлиганец, е етаблирана како своевидна велесила во овој спорт.

Со вонвременска визија и ретка човекова пожртвуваност, таквите личности како во случајов Ванчо, придонесоа македонските борачи да освојуваат олимписки медали и постигнуваат врвни резултати на светските, меѓународните и домашните клупски шампионати. Освојувањето на вакви престижни трофеи кои потекнуваат од најдрагоцените желби и соништа единствено во македонското борење се претворија во јаве.

Благодарение на ваквите успешни потфати, борењето како базичен спорт во државава генерациски создаде и вклучи врвни спортисти, а со тоа овозможи млади луѓе да се занимаваат со оваа благородна вештина.

Низ клубовите и училиштата во земјава, борењето придонесе да се родат стручњаци и врвни спортисти што ги памети светот.

Македонскиот спорт со борењето постигна еден автентичен идентитет. Како и порано, така и во иднина, постојат сите услови за негово понатамошно развивање. Борењето ќе остане спортско поле на коешто нашите спортисти достоинствено ќе ја пренесуваат славата на својата земја.







**ЦЕНО ЦЕНОВ**, Р. Бугарија,
некогашен претседател
на *ЦЕЛА*

Со Ванчо се познаваме многу години. Сè уште ми е во сеќавање финалниот турнир за титулата светски првак во Радовиш. Во својата кариера не сум видел таква атмосфера. Сè беше величествено: и борбите и однесувањето на публиката. Сметам дека токму на тој турнир Чифлиганец покажа колку го сака борењето, колку ја сака Македонија. Заслужено „Бучим“ стана *светски шампион*, а заедно со него и Ванчо. Во мојот живот секогаш ќе се сеќавам на овој турнир, кој покажа дека Македонија има квалитет за големи постигања. Затоа, на последното Европско првенство за млади во Скопје, на Ванчо му доделив златна плакета за неговиот придонес кон борењето. Тој треба да остане во овој спорт. Такви спортски работници ни се потребни, ако сакаме борењето да оди по нагорна линија. Морам да кажам дека Ванчо е и голем патриот, за Македонија. Резултатите на Бучим се запишани во историјата на ФИЛА и ЦЕЛА.

Ова е најголемата македонштина што сум ја видел, а не сум можел досега ни да замислам дека постои, потврдена со навивање и шампионски резултат. Подобар начин да се оддолжите на државата Република Македонија не постои. Ви благодарам за сите победи - Вие заслуживте ваков светски успех.



ВАНЧО СО ПЕХАРОТ ЗА ЕВРОПСКИ ШАМПИОН ВО БОРЕЊЕ, 1995 ГОДИНА



ЧИФЛИГАНЕЦ ЈА ОСВОЈУВА ПАЛАТАТА ХОФБУРГ ВО ВИЕНА, АВСТРИЈА, 2012 ГОДИНА

## КАКО ПОТОА УШТЕ ЕДНАШ СТАНАВ ЕВРОПСКИ И СВЕТСКИ ШАМПИОН НО ПОДОЦНА И ВО БИЗНИСОТ

Подоцна уште еднаш станав и европски и светски шампион, со помала екипа, екипата на „Адора“. На 17 декември 2012 година, во смокинг, во виенската кралска палата Hofburg, Австрија, наместо спортски пехар, ја подигнав статуетката – светска награда за најдобар менаџер за 2012 година, и најдобро претпријатие. Мојата екипа беше мојот градежен бренд, „Адора инженеринг“. И таа приказна тргна како и приказната за борењето: немав никакви услови да бидам светски шампион. Имав пет години и околу себе имав само кал од дворот во кој татко ми печеше тули. По цели денови правев куќички од кал во дворот. По една за сите: за мама Ванѓа и тате Илија, за сестра ми Бранка, за брат ми Ѓорѓи, за сестрите Стојка и Павлина и на крајот, за мене, Ванчо Чифлиганец. Татко ми Илија се лутеше, зашто дворот му требаше за правење тули.

Во таа игра кога се играв европски шампион во градење, ставав и стапчиња што личеа на бандери, и оптегнував конци, како жици на бандерите. Така низ игра воведував струја. Во Раклиш струја дојде по десет години. Соседите ѕиркаа љубопитно и не сфаќаа што правам. И јас не знаев тогаш што правам. Многу години подоцна сфатив дека во таа кал имало невидливи европски и светски шампионски титули...

## КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ – 1997

13 септември
РАДОВИШ

Македонскиот, европски и светски првак, „Бучим-Јака“, во нов поход кон уште една европска клупска титула во 1997 година, имаше блескаво издание уште на стартот на КЕШ.

На 13 септември македонскиот претставник во вистински спектакл, на кој веќе навикна радовишката публика, пред околу 5000 гледачи, успеа да го потврди својот рејтинг и високото реноме. Борачите на „Бучим“ извонредно подготвени ги надминаа своите противници и се чини дека веќе во првиот меч во Радовиш ја заверија визата за второто коло на ова реномирано европско натпреварување.

Според новите правила на КЕШ за првпат имаше два круга на борби, а слободно можеме да истакнеме дека нашите борачи поддржани и бодрени од своите симпатизери веќе во првиот покажаа високо знаење и умешност.



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА БОРАЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ГО ОТВОРА НАТПРЕВАРОТ МЕЃУ „БУЧИМ-ЈАКА“ (МКД) И „АТЛАС“ (ГРЦ)





Уште на самиот старт македонскиот репрезентативец Влатко Соколов со туш во првата минута го совлада својот противник Јоргос Кусис, а Шабан Трстена во втората борба само потврди дека ова ќе биде уште една сјајна победа на радовишани: со технички туш го совлада Анестис Каракасис. Владо Лазаров, најмладиот во тимот на нашиот шампион, со неполни 19 години успеа да ја крене публиката на нозе во дуелот со Кесанидис. По големата борба која траеше осум минути, се избори за 2-2 за во продолжението со мало невнимание да изгуби еден бод, со што „Атлас“ ја освои и првата победа.

***Бучим-Јака*** (МКД) – ***Атлас*** (ГРЦ) 15 – 1 (58 – 5)
13.09.1997 година
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Љупчо Јанев(МКД) и Теодорис Преворалакис (ГРЦ)
Делегат: Десмунд Етијен (ШВА)

| Тренер: Димчо Ангелов | | Тренер: Тесколидис | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Влатко Соколов | Јоргос Кусис | туш | 4 – 0 |
| 58 кг. | Шабан Трстена | Анестис Каракасис | туш | 4 – 0 |
| 63 кг. | Владо Лазаров | Константинос Кесанидис | 2 – 2 | 3 – 1 |
| 69 кг. | Васе Спасов | Михалис Каракасис | 12 – 2 | 4 – 1 |
| 76 кг. | Валери Верхушин | Николас Сидиропулос | туш | 4 – 0 |
| 85 кг. | Магомед Ибрагимов | Алексис Александридис | туш | 4 – 0 |
| 97 кг. | Гари Модосјан | Хараламбос Калцидис | 7 – 0 | 3 – 0 |
| 125 кг. | Генадиј Жилцов | Ефтахиос Топалидис | туш | 4 – 0 |

| Тренер: Димчо Ангелов | | Тренер: Тесколидис | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Влатко Соколов | Јоргос Кусис | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 58 кг. | Шабан Трстена | Анестис Каракасис | туш | 4 – 0 |
| 63 кг. | Владо Лазаров | Константинос Кесанидис | 5 – 6 | 1 – 3 |
| 69 кг. | Васе Спасов | Михалис Каракасис | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 76 кг. | Валери Верхушин | Николас Сидиропулос | туш | 4 – 0 |
| 85 кг. | Магомед Ибрагимов | Димитриос Тупалидис | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 97 кг. | Гари Модосјан | Хараламбос Калцидис | 66 | 4 – 0 |
| 125 кг. | Генадиј Жилцов | Ефтахиос Топалидис | 8 – 0 | 3 – 0 |

Миленикот на радовишани Васе Спасов со технички туш го надмудри Михалис Каракасис а Валери Верхушин и Магомед Ибрагимов на задоволство на сите присутни во салата покажаа дека се врвни мајстори на душекот, во дуелите против Сидиропулос и Александридис. Жилцов само стави точка на првиот дел од оваа прекрасна спортска вечер.



СПОРТСКАТА САЛА „25 МАЈ“ ВО РАДОВИШ: БОРАЧИТЕ НА „БУЧИМ-ЈАКА“ ИЗЛЕГУВААТ НА ТЕРЕНОТ ПРЕД ПЕТИЛЈАДНА ПУБЛИКА

Во вториот круг, според развојот на настаните, беше сосема исто на душекот. Вредно е да се истакне дека Трстена успеа да го тушира својот противник за само 36 секунди, што беше и најдобра борба. До крајот сè течеше според очекувањето и радовишани во целост го оправдаа епитетот фаворит.

Во Радовиш повторно се празнуваше до утринските часови. На задоволството му немаше крај, а посебно што е совладан тимот на „Атлас“ од Атина. Еден од творците на тимот на „Бучим-Јака“, тогашниот претседател на Сојузот на борачките







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО БОРАЧИТЕ НА „БУЧИМ-ЈАКА“: ВЛАТКО СОКОЛОВ, ВАЛЕРИ ВЕРХУШИН, МАГОМЕД ИБРАГИМОВ И СЛАВЕ ИЛИЕВ

спортови на Македонија д-р. Ванчо Чифлиганец беше меѓу најсреќните:

*Сметам дека на еден европски и светски шампион кога се натпреварува на својот душек не треба воопшто да му биде проблем за да стигне до триумф. Но, искрено, и самиот не очекував вакво нешто. Атињаните ги надминавме во сè. Ако мене ме прашувате, „Бучим-Јака“ веќе размислува за второто коло, каде со сите изгледи ќе се сретне со екипа на Московски „Динамо“, каде што настапуваат дури четворица светски шампиони.*

ВАСЕ СПАСОВ
ПРЕД МЕЧОТ
СО
МИХАЛИС АРАКАСИС






И ПУБЛИКАТА
Е НА СВОИТЕ
„РАБОТНИ“
МЕСТА

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
ТЕМПЕРАМЕНТНО
И ОХРАБРУВАЧКИ
ГО ПОДИГА
АДРЕНАЛИНОТ
НА РАДОВИШАНИ
И НИВНИТЕ
БОРАЧИ






ЧЕСТИТКИ
ПО
ТРИУМФАЛНИТЕ
БОРБИ




ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО ТАКИ ЏИКОВ И СО КИРЧО СУСИНОВ, КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ, 1997 ГОДИНА



ЕКИПАТА НА „БУЧИМ-ЈАКА“, КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ, 1997 ГОДИНА







ОДЛЕВО: ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ, НАСЕ НАСЕВ И КИРЧО СУСИНОВ



НАЈВЕРНАТА МУЗИЧКА ПОДДРШКА НА БОРАЧИТЕ ВО РАДОВИШ

ТРЕНЕРОТ
НА БК „АТЛАС“
ТЕСКОЛИДИС
ПРИМА
ПРИГОДЕН
ПОДАРОК
ОД БК „БУЧИМ-ЈАКА“



ГЕНАДИЈ ЖИЛЦОВ
ЈА СЛАВИ
ПОБЕДАТА



По две седмици реваншот кој требаше да се одржи во Атина домаќините го префрлија во градот Ираклион, на островот Крит. По убедливата победа од првиот меч (58-5), „Бучим-Јака“ својата моќ ја потврди и во реваншот со грчкиот шампион и сосема заслужено избори пласман во вториот круг во кој за противник ќе го има „ЦСКА“ од Москва. Во Ираклион на Крит, „Бучим-Јака“ славеше победа со 56-5 на поени или 15-1 во борби.






ЕКИПАТА
НА „АТЛАС“
ОД ГРЦИЈА



ЕКИПАТА НА
„БУЧИМ-ЈАКА“
РАДОВИШ
СО МАЖОРЕТКИТЕ
НА КЛУБОТ

Во составот на „Бучим-Јака“, настапот на Роберт Танев, место Шабан Трстена, беше единствена измена во однос на првиот меч. И овојпат сите борачи во целост ја оправдаа довербата. Соколов, Лазаров, Спасов, Верхушин, Ибрагимов, Модосјан и Жилцов по двапати ги совладаа своите противници, а само Танев имаше половичен резултат.



РАДОВИШКАТА ПУБЛИКА
И
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
(НА СОСЕДНАТА СТРАНИЦА)
ВО ИСЧЕКУВАЊЕ ПОБЕДА
ОД НЕИЗВЕСНАТА БОРБА









*Проф. д-р Ванчо Чифлиганец, говори на отворањето на реванш натпреварот меѓу борачките екипи „Атлас“ од Грција и „Бучим-Јака“ од Македонија одржан во градот Ираклион, на островот Крит*





Почитувани љубители на борачкиот спорт на Република Грција, зар има поголемо задоволство од овој настан што ни претстои денес, настан во кој на борачкиот мегдан ќе се сретнат двата соседи - тимовите на Република Грција и на Република Македонија?!

Овој натпревар јас го доживувам како голема привилегија - како средба што ќе ги зближи нашите две нации - двата наши народи со посредство на борачите на Грција и на Македонија. Во една ваква пригода, кога станува збор за спортски настан не можам да го премолчам моето најголемо задоволство: дека, ние сме гости на Грција - на земјата којашто е основоположник на Олимписките игри, гости на Грција, која за неколку години (2004), ќе биде домаќин на Олимписките игри што ќе се одржат во Атина.

А сега, чест ми е да им дадеме можност да дојдат до израз борачите, кои нè собраа тука, и секако, чест ми е да им се обратам на искрените љубители на овој спорт:

- **НАВИВАЧИТЕ** да уживаат во привилегиите што ги нуди овој спорт и на
- **НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ** да се борат со јуначко срце до последниот здив!

Момци, сè најдобро!
БОРЕТЕ СЕ!









*Натпреварот во Ираклион, на островот Крит беше круна на сите победи што ги извојува БК „Бучим-Јака“ од Радовиш*

ГРАДОТ ИРАКЛИОН НАОСТРОВОТ КРИТ

Најнапред, им благодарам на сите спортисти и спортски работници, прво на оние кои во изминатите нешто повеќе од три децении придонесоа за успехот на борачкиот клуб „Рудар“ • „Партизан“ • „Јака“ • „Бучим-Јака“ • „Бучим“.

Победата во Крит на „Бучим-Јака“ од Радовиш против атинскиот клуб „Атлас“ е круна за сите спортисти, спортски работници и за сите придружни организациски служби. Македонците го постигнаа овој успех среде Грција, земјата што е основоположник на сите спортски натпреварувачки дисциплини, која во овој случај намерно ја избегна можноста натпреварот да се одржи во Атина! Заложбите на организаторот, чија цел беше да се избегне катастрофален пораз отидоа дотаму одржувањето на реванш натпреварот да се одржи на осамениот, но преубав остров Крит. Ние проценивме дека тоа беше потег на организатор кој е свесен дека има натпревар со еден борачки џин кој доаѓа од Радовиш како актуелен европски и светски шампион - клубот „Бучим-Јака“.

Мислам дека овој пораз ќе се памети не со години туку со децении, затоа што за Грците беше катастрофален! Во првиот меч во Радовиш: 58:5, а во вториот меч, на островот Крит 56:5. Ваков пораз во светската борачка јавност не се памети.

И, да не се заборави дека нашето барање на натпреварот да отпатуваат двесте навивачи на „Бучим-Јака“ беше одбиено. Сведоци сме и на тоа, дека на дел од членовите на нашата екипа им беа одземени дресовите на кои им стоеше името Македонија и беа принудени границата да ја поминат пеш. Сето тоа беше изведено со скриена намера за психолошко заплашување. Тогашниот европски и светскиот вицешампион Могамед Ибраги-





мов, а подоцна и медалист на ОИ во Атина 2000 година, нервозно им дофрли на грчките цариници: *цел свет сум го прошетал, но вакво понижување не сум доживеал.* И останаатите борачи инсистираа да се вратаат назад поради одземените дресови со името Македонија. Во тој момент Ванчо Чифлиганец донесе исправна одлука, *нема враќање, подобро е да ги победиме во срцето на Грција (Крит), отколку да се загуби со службен резултат. Немаше време за барање правда.* По преминот на границата, македонските борачи наместо во Атина беа однесени на далечниот Крит. Од Солун до Крит се патуваше со авион.

Со уште еден немил настан се соочија македонските борачи на Крит. Пред почетокот на борбите од грчка страна не беше дозволено да се интонира македонската химна. Скандал што не се памети во современиот европски и светски спорт. *Дури тогаш следуваа маките со борачите кои морав да ги убедам дека е подобро да ги победиме спортски отколку да се откажеме*. Но, токму затоа мотивацијата беше уште поголема за македонските борачи кои убедливо ја совладаа грчката екипа „Атлас" од Атина. После победата претставникот на грчкиот шампион „Атлас" од Атина арогантно ме нападна зашто во мојот говор често го споменував името Република Македонија. На тоа му одговорив *Македонија е шест години самостојна и мироољубива држава на вреден народ и по оваа победа ќе ја наречеме Златна Република Македонија.* Во тој момент на еднострано недоразбирање се вмешаа и претставниците на грчкиот шампион со што се смири состојбата. Да









не заборавиме, како домаќини сепак приредија еден спортски ручек за двете екипи. Делегатот на натпреварот Александар Попов од Москва - Русија за медиумите изјави *„Бучим-Јака", актуелниот македонски европски и светски шампион беше убедливо подобар. Со денешната победа над „Атлас" на Крит, покажаа дека се најдобра екипа во светот во борење - слободен стил.*

***Атлас*** (ГРЦ) – ***Бучим-Јака*** (МКД ) 1 – 15 (5 – 56)
27.09.1997 година
Спортска сала: Ираклион - Крит
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Теодорис Преворалакис (ГРЦ)
Делегат: Попов (Москва, РУС)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тренер: Тесколидис** | | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
| 54кг. | Табонидис | Влатко Соколов | 2 – 5 | 1 – 3 |
| 58 кг. | Анестис Каракасис | Роберт Танев | 0 – 3 | 0 – 3 |
| 63 кг. | Константинос Кесанидис | Владо Лазаров | туш | 0 – 4 |
| 69 кг. | Михалис Каракасис | Васе Спасов | туш | 0 – 4 |
| 76 кг. | Десколидис | Валери Верхушин | туш | 0 – 4 |
| 85 кг. | Алексис Александридис | Магомед Ибрагимов | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 97 кг. | Савидис | Гари Модосјан | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 125 кг. | Ефтахиос Топалидис | Генадиј Жилцов | 0 – 7 | 0 – 3 |
| **Тренер: Тесколидис** | | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
| 54кг. | Констанидис | Влатко Соколов | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 58 кг. | Анестис Каракасис | Роберт Танев | 11 – 2 | 3 – 1 |
| 63 кг. | Константинос Кесанидис | Владо Лазаров | 1 – 4 | 1 – 3 |
| 69 кг. | Михалис Каракасис | Васе Спасов | туш | 0 – 4 |
| 76 кг. | Десколидис | Валери Верхушин | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 85 кг. | Алексис Александридис | Магомед Ибрагимов | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 97 кг. | Савидис | Гарти Модосјан | туш | 0 – 4 |
| 125 кг. | Ефтахиос Топалидис | Генадиј Жилцов | 0 – 9 | 0 – 3 |





ИЗЈАВА ЗА МЕДИУМИТЕ НА ДЕЛЕГАТОТ АЛЕКСАНДАР ПОПОВ ОД МОСКВА, РУСИЈА




ЕКИПАТА НА „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ КОЈА НАСТАПИ ПРОИТВ „ЦСКА“ ОД МОСКВА ВО 1997 ГОДИНА

На 8 ноември 1997 година актуелниот европски и светски шампион, во второто коло од полуфиналето го доживеа првиот пораз на европската сцена. Во првиот меч од двомечот на гостувањето во Москва, „Бучим-Јака“ загуби од шампионот на Русија со 12-4 или на поени 45-18, резултат што даваше малку шанси за успех на реваншот закажан за 22 ноември во Радовиш.

Во дуелот со големиот противник, составен од борачи – носители на медали од европски и светски шампионати, „Бучим-Јака“ пружи достоен отпор, иако настапи ослабен, без Шабан Трстена и Гари Модосјан. Од вкупно 16-те борби во 8-те категории, нашите борачи само еден дуел загубија со класичен туш и еден без освоен поен. Инаку победите за нашиот шампион ги извојуваа Ибрагимов до 85 кг. и Куртанидзе до 97 кг., кои во двата наврати беа поуспешни од своите противници. На 22 ноември на реваншот во Радовиш, екипата на „Бучим-Јака“ достојно се прости од тронот на стариот континент. Во храмот на борењето, салата „25 Мај“ во Радовиш, понесени од петилјадната публика во реваншот од второто коло, радовишките борачи го совладаа шампионот на Русија, екипата на „ЦСКА“ од Москва со 33-30 на поени или 7-9 во борби. Сепак, ова не беше доволно за пласман во финалето на годишниот циклус натпревари од КЕШ, бидејќи моќниот состав на Московјани во првиот меч, како домаќини, славеа убедлива победа од 45-18 или (12-4 во борби). „Бучим-Јака“ ја пропушти можноста да ја одбрани европската титула.





***ЦСКА*** Москва (РУС) – ***Бучим-Јака*** (МКД ) 12 – 4 (45 – 18)
08.11.1997 година
Спортска сала: Москва
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Александар Попов (РУС)

| **Тренер: Андреј Селетски** | | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Вугар Оруџев | Влатко Соколов | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 58 кг. | Давид Погосјан | Маријан Наумов | 12 – 2 | 4 – 1 |
| 63 кг. | Магомед Азизов | Владо Лазаров | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 69 кг. | Великан Алахвердиев | Васе Спасов | 7 – 1 | 3 – 1 |
| 76 кг. | Буваисар Саитиев | Валери Верхушин | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 85 кг. | Аслан Санакоев | Магомед Ибрагимов | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 97 кг. | Сергеј Ковалевски | Елдар Куртанидзе | 0 – 10 | 0 – 4 |
| 125 кг. | Давид Мусулбес | Генадиј Жилцов | 5 – 0 | 3 – 0 |

| **Тренер: Андреј Селетски** | | **Тренер: Димчо Ангелов** | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Вугар Оруџев | Влатко Соколов | 11 – 1 | 4 – 1 |
| 58 кг. | Давид Погосјан | Маријан Наумов | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 63 кг. | Магомед Азизов | Владо Лазаров | 9 – 2 | 3 – 1 |
| 69 кг. | Великан Алахвердиев | Васе Спасов | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 76 кг. | Буваисар Саитиев | Валери Верхушин | 19 – 9 | 4 – 1 |
| 85 кг. | Аслан Санакоев | Магомед Ибрагимов | 1 – 7 | 1 – 3 |
| 97 кг. | Сергеј Ковалевски | Гарти Модосјан | 2 – 9 | 1 – 3 |
| 125 кг. | Давид Мусулбес | Генадиј Жилцов | 4 – 0 | 3 – 0 |

ЕКИПАТА НА „ЦСКА“ ОД МОСКВА ВО СПОРТСКАТА САЛА „25 МАЈ“ ВО РАДОВИШ, 1997 ГОДИНА



***Бучим-Јака*** (МКД) – ***ЦСКА*** Москва (РУС) 7 – 9 (33– 30)
22.11.1997 година
Спортска сала: 25 Мај, Радовиш
Судии: Кирил Тунџев (МКД) и Александар Попов (РУС)
Делегат: Иштван Ковач (УНГ)

| Тренер: Димчо Ангелов | | Тренер: Андреј Селетски | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Влатко Соколов | Вугар Оруџев | 2 – 6 | 1 – 3 |
| 58 кг. | Владо Лазаров | Мурат Рамазанов | 1 – 8 | 1 – 3 |
| 63 кг. | Сашо Лазаров | Магомед Азизов | 2 – 9 | 1 – 3 |
| 69 кг. | Васе Спасов | Арсен Гитинов | туш | 4 – 0 |
| 76 кг. | Валери Верхушин | Бууваисар Саитиев | 0 – 7 | 0 – 3 |
| 85 кг. | Магомед Ибрагимов | Пухаев | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 97 кг. | Елдар Куртанидзе | Татраков | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 125 кг. | Генадиј Жилцов | Давид Мусулбес | 6 – 3 | 3 – 1 |

| Тренер: Димчо Ангелов | | Тренер: Андреј Селетски | | |
|---|---|---|---|---|
| 54кг. | Влатко Соколов | Вугар Оруџев | 4 – 8 | 1 – 3 |
| 58 кг. | Владо Лазаров | Мурат Рамазанов | 5 – 3 | 3 – 1 |
| 63 кг. | Сашо Лазаров | Магомед Азизов | 1 – 8 | 1 – 3 |
| 69 кг. | Васе Спасов | Арсен Гитинов | 2 – 10 | 1 – 3 |
| 76 кг. | Валери Верхушин | Бууваисар Саитиев | туш | 0 – 4 |
| 85 кг. | Магомед Ибрагимов | Пухаев | 11 – 0 | 4 – 0 |
| 97 кг. | Елдар Куртанидзе | Татраков | 10 – 0 | 4 – 0 |
| 125 кг. | Генадиј Жилцов | Давид Мусулбес | 2 – 4 | 1 – 3 |



ВЛАДО ЛАЗАРОВ ИЗВОЈУВА ПОБЕДА ПРОТИВ МУРАТ РАМАЗАНОВ







ПРОФ. Д-Р ФАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО РАЗГОВОР СО ДЕЛ ОД БОРАЧИТЕ НА „ЦСКА“



ЕКИПАТА НА „ЦСКА“ ОД МОСКВА, 1997 ГОДИНА

МАРИЈАН НАУМОВ
(ВО СИН ДРЕС)
И ЕГОР ОКЛОПОВ
(ОД РУСИЈА)
НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО
1998 ГОДИНА
ВО РАДОВИШ




ВАСЕ СПАСОВ
ВО АКЦИЈА
ПРОТИВ
АРСЕН ГИТИОНИОВ






ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА *ФБСМ* ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО БОРАЧИТЕ ОД „БУЧИМ-ЈАКА“ ДАНЧО ВУЧКОВ И ЕЛДАР КУРТАНИДЗЕ







ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА *ФБСМ* ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО ТРИКРАТНИОТ НОСИТЕЛ НА ОЛИМПИСКИ МЕДАЛИ БУВАИСАР САИТИЕВ ОД РУСКАТА ЕКИПА „ЦСКА“ ОД МОСКВА

Во мечот, со право наречен „финале пред финалето“, од нашите борачи објективно не ни можеше да се очекува повеќе. И самата победа во реваншот е голем подвиг, бидејќи против себе имаа борачи, носители на олимписки, светски и европски медали, предводени од најдобриот светски борач, тогаш актуелниот олимписки и светски шампион Бувиасар Саитиев.

Најсилен впечаток во редовите на нашиот шампион оставија засилувањата од Азербејџан, Магомед Ибрагимов до 85 кг. а посебно Елдар Куртанидзе од Грузија, кои во двата нивни дуели ги декласираа своите противници Пухаев односно Татраков. Половичен успех имаше и Генадиј Жилцов до 125 кг. Младиот Владо Лазаров до 58 кг. извојува една голема победа против европскиот шампион Мурат Рамазанов. Исто така и македонскиот репрезентативец Васе Спасов до 69 кг. извојува една голена победа против светскиот младински првак Арсен Гитинов.

И покрај поразите, одличен впечаток остави и Влатко Соколов до 54 кг. против светскиот првак Вугар Оруџев. Неочекувано силен отпор на европскиот и светскиот првак Могамед Азизов му пружи и Сашко Лазаров до 63 кг. Без освоен поен остана ветеранот Валери Верхушин, но против олимпискиот и светскиот шампион Бувиасар Саитиев, тој не ни можеше да стори нешто повеќе. Сепак, за храброста и борбеноста беше награден со аплауз од публиката.

Со тоа заврши настапот на екипата на „Бучим-Јака“ во КЕШ. Нашите борачи не успеаја да го повторат успехот од пред две години кога се искачија на пиедесталот. Во борба за третото место нашиот клуб требаше да се пресмета со „Метро“ од Франција, но Французите го откажаа настапот, па така „Бучим-Јака“ го зазеде третото место во КЕШ.

Голем успех беше на БК „Бучим-Јака“ Радовиш што извојува една победа од двомечот против „ЦСК“ Москва, Русија, која стана нов клупски европски шампион за 1997 година.





## РАДОВИШ - МАКЕДОНИЈА, ЦЕНТАР НА СВЕТСКОТО БОРЕЊЕ

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ**
**25 – 28.06. 1998**
**Радовиш**



МАКЕДОНСКИТЕ ЈУНИОРСКИ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ И ДЕЛ ОД СТРУЧНИТЕ СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО РАДОВИШ, 1998 ГОДИНА

Во 1998 година, Радовиш беше пред нов предизвик. Во јуни месец се одржа Европското првенство за јуниори. Во присуство на повеќе илјади граѓани и гости од повеќе градови, претставниците од сите 24 држави учеснички, како и политички и спортски работници, во посебно свечен амбиент во СРЦ 25 Мај беше отворено Европското првенство во борење - слободен стил за јуниори.




СНИМКА ОД ОТВОРАЊЕТО НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ ВО РАДОВИШ, 1998 ГОДИНА

На првенството, покрај нашата селекција учество зедоа и: Австрија, Полска, Германија, Финска, Белорусија, Русија, Бугарија, Турција, Естонија, Унгарија, Шпанија, Грција, Азербејџан, Швајцарија, Италија, Ерменија, Латвија, Чешка, Словачка, Франција и Албанија.

Нашата селекција беше составена од: Суфијан Исмаили, Маријан Наумов, Ариф Синани, Владо Лазаров, Сашо Лазаров, Јонче Ивановски, Лазар Коцев, Мухамед Џони, Драган Митев и Ване Георгиев, предводени од тренерите Славе Илиев, Димче Ангелов, Трајче Димков и Зоран Шоров.







ЗАЕДНИЧКА СНИМКА НА СУДИИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ ВО РАДОВИШ, 1998 ГОДИНА

Во првиот ден македонските репрезентативци не се покажаа во вистинско светло. Од петмина борачи кои излегоа на душекот, четворица беа поразени, а беше извојувана една победа. Единствена победа имаше борачот на „Бучим-Јака“ Сашо Лазаров во категорија 65 кг., со победа над Ерменецот Мктчјан со туш уште во втората минута.

Лазар Коцев во категоријата 76 кг. беше победен на поени од Унгарецот Тамаш, Исмаили во 49 кг. со технички туш загуби од Бугаринот Денчев, Драган Митев 90 кг. со 4-0 на поени потклекна

## Генерален пласман

| 49 кг. 13 учесници | |
|---|---|
| 1. Соушраб Кизиев | Русија |
| 2. Ѓенадиј Тулбеа | Молдавија |
| 3. Самер Ахмедов | Азербејџан |
| 13.Суфијан Исмаили | Македонија |

| 56 кг. 18 учесници | |
|---|---|
| 1. Мартин Берберијан | Ерменија |
| 2. Отар Тушушвили | Грузија |
| 3. Вадим Драгоман | Молдавија |
| 16.Ариф Синани | Македонија |

| 65 кг. 21 учесници | |
|---|---|
| 1. Заур Ботаев | Русија |
| 2. Николај Паслар | Молдавија |
| 3. Сахид Мирзаев | Азербејџан |
| 7. Сашо Лазаров | Македонија |

| 76 кг. 14 учесници | |
|---|---|
| 1. Шамил Алиев | Русија |
| 2. Тамаш Кишш | Унгарија |
| 3. Алик Мусаев | Украина |
| 8. Лазар Коцев | Македонија |

| 90 кг. 12 учесници | |
|---|---|
| 1. Ѓорги Ѓокшелидзе | Русија |
| 2. Микаил Турашвили | Грузија |
| 3. Таскин Оескале | Турција |
| 11.Драган Митев | Македонија |

| 52 кг. 10 учесници | |
|---|---|
| 1. Егор Оклопов | Русија |
| 2. Севак Баккудан | Ерменија |
| 3. Маријан Наумов | Македонија |
| 4. Сергеј Бауман | Молдавија |

| 60 кг. 20 учесници | |
|---|---|
| 1. Мехмет Јозгат | Турција |
| 2. Истван Денчиќ | Унгарија |
| 3. Артуријан Мнатаскан | Грузија |
| 15.Владо Лазаров | Македонија |

| 70 кг. учесници | |
|---|---|
| 1. Фахретин Оезата | Турција |
| 2. Николаос Лоизидис | Грција |
| 3. Јонче Ивановски | Македонија |
| 4. Олег Кушир | Украина |

| 83 кг. 18 учесници | |
|---|---|
| 1. Алексеј Крупнијаков | Русија |
| 2. Тарас Данко | Украина |
| 3. Томази Гегешидзе | Грузија |
| 10.Мухамед Цони | Македонија |

| 115 кг. 15 учесници | |
|---|---|
| 1. Чапага Адишев | Русија |
| 2. Александар Модебадзе | Грузија |
| 3. Божидар Бојаџиев | Бугарија |
| 9. Ване Ѓоргиев | Македонија |



МАРИЈАН НАУМОВ ВО ДРУШТВО СО НАВИВАЧКИТЕ ОДЛЕВО: ЕВАНГЕЛИНА ЧИФЛИГАНЕЦ, ДРАГАНА ЧИФЛИГАНЕЦ И ДАНЧЕ ВАСИЌ







НА ПОБЕДНИЧКИОТ ТРОН ЗА ПРВОТО, ВТОРОТО И ЗА ТРЕТОТО МЕСТО

пред украинецот Вишар, а Синани (56 кг.) беше поразен од Ферат Сафет од Бугарија.

Во второто коло, првиот ден првенството заврши за Суфијан Исмаили (со вториот пораз од Јурген Шелгел со 4-1 на поени), додека Ариф Синани со 9-1 загуби од Марио Кох од Германија.

Во вториот ден Сашо Лазаров во второто коло загуби од Заур Ботаев од Русија, додека во третото и четвртото коло победи против Евгениј Злиев и Франсис Бушер од Франција.

Шанса за медал имаше најнадежниот наш борач Маријан Наумов во категоријата 52 кг. Тој во првото коло беше подобар од Фејз Ерхан од Бугарија на поени 3-0, додека во второто коло беше слободен.

ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО СВОЈСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФБСМ ГИ ЗАКИТУВА СО МЕДАЛИ ПОБЕДНИЦИТЕ НА ТУРНИРОТ *ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ*





МАРИЈАН НАУМОВ ГО ОСВОИ ТРЕТОТО МЕСТО НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ ВО РАДОВИШ

НА ФОТОСОТ Е ВО ДРУШТВО НА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ

ВАНЧО И НЕГОВИОТ СИН ДУШКО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО ПРЕГРАТКА СО БОРАЧОТ-МЕДАЛИСТ МАРИЈАН НАУМОВ





СВЕЧЕНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБЕДНИЦИТЕ ВО КАТЕГОРИЈА 65 КГ. НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ 1998 ГОДИНА, РАДОВИШ



МЛАДИНСКАТА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, 1998 ГОДИНА

Во својот прв настап Владо Лазаров до 60 кг. против Теодорис Кемеридис забележа победа, а пријатно изненади и Ване Георгиев до 115 кг. против Ерменецот Мамикон Анаја. Георгиев, како вистински мајстор ја водеше борбата и во последната минута успеа да забележи ефикасна победа со туш. По вториот ден на трибините се преселија уште двајца наши репрезентативци, Лазар Коцев и Мухамед Џони и им се приклучија на Ариф Синани и Суфијан Исмаили.

Во третиот ден останаа борачите за разврска на медалите. Владо Лазаров по првата победа претрпе уште два пораза со што го заврши првенството на 15-то место од 20 натпреварувачи.

Сашо Лазаров беше поразен од Финецот Јуси Нурмела и не се пласира во борба за медалите, но се најде на 7 место од 21 натпреврувач.

Во борба за медалите на Европското првенство, двајца наши борачи се најдоа на пиадесталот и освоија бронзени медали.

Маријан Наумов до бронзата стигна во третото коло, кога во борба за финалето загуби од Егор Оклопков од Русија, а во борбата за бронза го совлада претставникот на Молдавија Сергеј Лунг со 3-0 на поени. Во регуларниот тек борбата заврши на поени, а во продолжението со извонредниот зафат на младиот штипјанец бронзата заслужено се најде на неговите гради.

Нашето големо и пријатно изненадување беше Јонче Ивановски. Голем борец, со големо срце, а тоа го покажа и во последната борба за третото место, кога беше и најпотребно, во дуелот со Украинецот Олег Камшир, совладувајќи го со 4-1 на поени.







ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО ДРУШТВО СО ВЛАДО ЛАЗАРОВ

МИЛАН ЕРЦЕГАН: *РАДОВИШ, ГРАДОТ ОД ЗЕМЈАТА НА СОНЦЕТО МАКЕДОНИЈА СО МИРОЉУБИВ, ГОСТОПРИМЛИВ, ТАЛЕНТИРАН И ВРЕДЕН НАРОД И СО НАЈОБРАЗОВАНА СПОРТСКА ЕУФОРИЧНА НАВИВАЧКА ПУБЛИКА*







Завесата на XIII Европско првенство за јуниори во слободен стил беше спуштена, и иако нашите борачи не стигнаа до најблескавите одличја, македонското борење и градот Радовиш сепак веќе имаа златен медал.

Радовиш е мал град, во една мала земја која бара место под сонцето во многу сегменти на општественото живеење, па и во спортот, но е град со големо срце! Им честитам на луѓето од Организациониот одбор за сето она што го сторија оваа манифестација да мине во беспрекорен ред. Тие го заслужуваат *вистинскиот* златен медал, истакна на средбата со новинарите првиот човек на Светската боречка федерација (ФИЛА), г-динот Милан Ерцеган.

Неговото мислење го делеше и претседателот на Европската борачка асоцијација (ЦЕЛА), г-динот Цено Ценов кој не ги штедеше комплиментите, додавајќи дека кога ќе се спојат традицијата и младоста на една ваква манифестаија, а кон тоа има и врвна организација, не може, а да не се даде висока оценка.

Потпретседателот на ФИЛА, Рафаел Мартинети не го криеше своето задоволство од присуството во Радовиш, и она, што успеа да го забележи во својот нотес, е дека на ваков град и на ваква држава може само да им се позавиди, за сè она што е сторено.

*На ваков град и на ваква држава може само да им се позавиди*



РАФАЕЛ МАРТИНЕТИ

По завршувањето на 1998 година и бројните успеси на Радовишани, заврши цела една ера на клубот, во која „Бучим-Јака" стана европски, светски клупски шампион, беше седумкратен шампион на Македонија почнувајќи од 1991до 1998 година, и беше домаќин на три „Македонски бисери" во 1986, 1994 и 1996 година. Беше уште домаќин на една Балканијада во 1991 година, Интерконтинентален куп во 1996 година, и на Европското првенство за јуниори во слободен стил во 1998 година. Со почетокот на 1999 година, „Бучим-Јака" го загуби шампионскиот примат и следните неколу години приматот го имаше ривалот „Балканец" од Штип.



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ ВО ДРУШТВО СО НОВИНАРОТ БОШКО ТРПЕВСКИ



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ МУ ДОДЕЛУВА БЛАГОДАРНИЦА НА НОВИНАРОТ БОШКО ТРПЕВСКИ

ДЕЛ ОД РУДАРИТЕ НА РУДНИКОТ „БУЧИМ“ ЛАЗЕ, ЃОРГИ ЗАЈКОВ И ДРУГИ КОЛЕГИ



## XXIV МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ – 2000

13 – 15
јуни
РАДОВИШ

Но во 2000 година, во Радовиш повторно се организираше 24-от Меѓународен турнир „Македонски бисер“. И покрај бројните шпекулации по превирањето во „Бучим-Јака“, дека турнирот е под знак прашалник, сепак радовишани го покажаа своето високо реноме, како одлични организатори. На турнирот учествуваа 52 борачи од 7 држави. Квалитетот беше на солидно ниво поради престојното Европско првенство за јуниори, како и силниот турнир во Москва кој се одржуваше во исто време.

Најдобар впечаток остави борачот на БК „Бучим-Јака“, Магомед Ибрагимов кој едноставно збриша сè пред себе. И на крај беше избран за најдобар борач на турнирот.

За најдобар странски борач беше прогласен полјакот Гармулевич, додека за најдобар домашен борач Влатко Соколов.



МАГОМЕД ИБРАГИМОВ
ВО ЕДЕН ОД ОДЛУЧУВАЧКИТЕ
БОРАЧКИ ЗАФАТИ



МАРЕК ГАРМУЛЕВИЧ ОД ПОЛСКА, НАЈУСПЕШЕН СТРАНСКИ БОРАЧ



ВЛАТКО СОКОЛОВ ОД МАКЕДОНИЈА, НАЈДОБАР ДОМАШЕН БОРАЧ





| Земји учеснички | Судии |
|---|---|
| Македонија | Стојан Колев |
| Турција | Љупчо Јанев |
| Бугарија | Кирил Тунџев |
| Украина | Никола Цецев |
| Полска | Сане Арсов |
| Русија | Илија Трајанов |
| Италија | Нешрет Лиамнов |
| | Јован Монев |
| | Кирил Тунџев |
| | Јане Секуловски |

**Генерален пласман**

| | 54 кг. 4 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Влатко Соколов | Македонија |
| 2. | Горан Стојанов | Македонија |
| 3. | Иле Ѓоргиев | Македонија |
| 4. | Васе Тодоров | Македонија |

| | 58 кг. 5 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Анатолиј Гуидеа | Бугарија |
| 2. | Исмаил | Турција |
| 3. | Роберт Танев | Македонија |
| 4. | Коце Николов | Македонија |

| | 63 кг. 7 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Љуљзим Вренези | Македонија |
| 2. | Оразио Скафити | Италија |
| 3. | Владо Лазаров | Македонија |

| | 69 кг. 7 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Стефан Бонев | Бугарија |
| 2. | Петр Безенар | Украина |
| 3. | Мурат | Турција |

| | 76 кг. 9 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Мартин Јурецки | Полска |
| 2. | Шихамир Османов | Русија |
| 3. | Димитров | Бугарија |

| | 85 кг. 7 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Магомед Ибрагимов | Македонија |
| 2. | Михаил Станиславски | Полска |
| 3. | Осман Дуртубаев | Турција |

| | 97 кг. 5 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Мухамед Каји | Турција |
| 2. | Мухамед Мемеди | Македонија |
| 3. | Витек Максимилијан | Полска |

| | 125 кг. 7 учесници | |
|---|---|---|
| 1. | Марек Гармулевич | Полска |
| 2. | Божидар Бојаџиев | Бугарија |
| 3. | Красимир Кочев | Бугарија |

Трофеј Македонски бисер: *Маѓомед Ибраѓимов* (Македонија)
Најуспешен странски борач: *Марек Гармулевич* (Полска)
Најдобар домашен борач: *Влашко Соколов* (Македонија)

## XXVII ОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО СИДНЕЈ – 2000

По „Македонски бисер" следуваа Олимписките игри во Сиднеј, на кои настапи борачот на „Бучим-Јака", Магомед Ибрагимов заедно со Насер Гаџиханов, предводени од тренерот Ристо Дарлев.

Магомед Ибрагимов настапи во категоријата до 85 кг. и се најде во првата група. Во првото коло се сретна со Давид Бичинашвили од од украина кого го совлада со резултат 3-1, во второто коло се сретна со Каваи Татсуо од Јапонија кого го победи со туш, при резултат 6-5 за Ибрагимов. По двете кола во групата Ибрагимов беше прв и се пласира во четвртфиналето, каде се сретна со Чарлс Буртон од САД. Во израмнета борба која траеше 8 минути, Ибрагимов губеше со резултат 2-1 до самиот крај на борбата, за да во последните минути со еден одличен зафат освои 3 поени и да победи во овој меч.



ГЛЕТКА ОД ОТВОРАЊЕТО НА ОЛИПИСКИТЕ ИГРИ ВО СИДНЕЈ 2000 ГОДИНА




ЛОГОТО НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ



МАГОМЕД ИБРАГИМОВ, НАСЕР ГАЏИХАНОВ, РИСТО ДАРЛЕВ ВО СИДНЕЈ

Во полуфиналето се сретна со светскиот и европски шампион Адам Саитиев од Русија. Во возбудлива борба Ибрагимов загуби со резултат 3-0 и се пласира во малото финале, во борба за третото место.

Во борба за бронзениот медал Ибрагимов се сретна со иранецот Амир Реза Кадем кој беше третопласиран од последната Олимпијада во Атланта во 1996 година и каде за борбата за медалите извојува победа против Ибрагимов, но тогаш Ибрагимов настапуваше за Азербејџан. Следеше реванш на Ибрагимов за поразот од пред 4 години. Во возбудлива борба и резултат 1-1, при крајот Ибрагимов изведе извонреден зафат за 3 поени, со што стави крај на борбата и освои бронзен медал, за Македонија, за „Бучим-Јака".

По завршувањето на Олимписките игри, „Бучим-Јака" почнува да го губи сјајот кој го имаше пред неколку години, но се раѓаше нова генерација на борачи: Коце Николов беше трет, а Спасе Тодоров го освои второто место на Балканијадата во Пиреа-Грција (2000 година), додека Горан Атанасов и Александар Стојанов беа во составот на кадетската репрезентација на сите големи натпреварувања, кои беа предводени од тренерот Славе Илиев



МАКЕДОНСКИОТ ТИМ ВО СИДНЕЈ ВО 2000 ГОДИНА (МАГОМЕД ИБРАГИМОВ, НАСЕ НАСЕВ, НАСЕР ГАЏИХАНОВ И РИСТО ДАРЛЕВ)







ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБЕДНИЦИТЕ ВО КАТЕГОРИЈАТА 85 КГ. ВО БОРЕЊЕ СЛОБОДЕН СТИЛ НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО СИДНЕЈ ВО 2000 ГОДИНА

и тренерот од Бугарија Камен Пенев, поранешен репрезентативец. Во 2001 година за првпат после формирањето на Сојузот на борачки спортови не се одржа лига натпревари, поради политичката криза во државата.

Во 2002 година, Радовиш повторно е домаќин на XXVI „Македонски бисер" на кој учествуваат 40-на борачи. За најдобар борач беше избран Љуљзим Вренези, а најдобар странски борач Иван Тодоров од Бугарија. Најдобар пласман од борачите на „Бучим-Јака" имаше Мите Јованов, кој беше втор во категоријата 120 кг.

## XXVI МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ – 2002

7 – 9
јуни
РАДОВИШ

XXVI Традиционалниот Меѓународен турнир „Македонски бисер“ се одржа во Радовиш од 7 до 9 јуни 2002 година, во Спортската сала „25 Мај“. На турнирот учествуваа 39 борачи од 4 земји.



МАКЕДОНСКАТА СЕЛЕКЦИЈА НА *МАКЕДОНСКИ БИСЕР* 2002 ГОДИНА





### Почесен комитет

Аце Миленковски
Кирил Пендев
Валентина Ѓеоргиева
Ристе Кукутанов
Блажо Ристов
Стојан Лазаров
Вене Тасев
Ристо Мијалов
Аце Стевковски
Милчо Петров
Миле Коровин
Кирил Тунџев
Станој Ристов
Натка Ципушева
Гоце Трајков
Перо Ристов
Васе Манев
Андон Атанасов

### Организационен комитет

Јосиф Ангелов
Димче Хаџи Василев
Нојко Арсов
Димчо Манев
Трајче Атанасов
Душко Манев
Витан Костадинов
Љупчо Сарамандов
Евтим Михајлов
Бранко Ѓоргиев
Ристо Димитров
Љупчо Ципушев
Драги Ѓеоргиев
Мите Коцев
Ѓорги Гегов
Амди Асан
Марика Лукарева
Славе Ристов
Евтим Манев
Виолета Ристова
Лидија Лукарева
Славчо Илиев
Фоти Ѓатовски
Илија Трајанов
Ристо Свирков
Нешрет Лиманов
Лилјана Буова
Станој Петров

### Земји учеснички

Македонија
Југославија
Бугарија
Украина

### Судии

Делегат - Антонио Лагано (ИТА)
Љупчо Јанев
Кирил Тунџев
Никола Цецев
Сане Арсов
Илија Трајанов
Нешрет Лиамнов
Јован Монев
Кирил Тунџев
Чедо Николовски
Хамид Музафер – *Бугарија*
Владимир Свидиренко – *Украина*
Зоран Сингиќ – *Југославија*



ЉУЉЗИМ ВРЕНЕЗИ ВО АКЦИЈА

## Репрезентација на Македонија

**Тренери: Страшо Глигоров и Ристо Дарлев**

| | |
|---|---|
| 55 кг. | Горан Стојанов, Зоран Митев, Бесник Ејупи и Суфијан Исмаили |
| 60 кг. | Гордан Николов, Седат Бафтија, Октај Арифовски и Иле Ѓоргиев |
| 66 кг. | Љуљзим Врренези, Мики Тодоров, Ерѓул Мемедов и Васе Тодоров |
| 74 кг. | Љупчо Тасевски, Спасе Тодоров, Владо Лазаров, Славчо Тодоров и Виктор Богданов |
| 84 кг. | Цезаир Љатифи, Игор Томов, Кире Киревски и Кирчо Дамјанов |
| 96 кг. | Бобан Данов и Жарко Коцев |
| 125 кг. | Трајан Ангелов, Мите Јованов и Драган Митев |





## Генерален пласман

| 55 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Виктор Чумаков | Украина |
| 2. Суфијан Исмаили | Македонија |
| 3. Јулијан Христов | Бугарија |
| 4. Горан Стојанов | Македонија |

| 66 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Љуљзим Врренези | Македонија |
| 2. Коста Опалник | Украина |
| 3. Илијан Стефанов | Бугарија |
| 4. Мики Тодоров | Македонија |

| 84 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Андриј Вишар | Украина |
| 2. Ахмед Мехмедов | Бугарија |
| 3. Цезаир Љатифи | Македонија |
| 4. Игор Томов | Македонија |

| 125 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Мартин Лазаров | Бугарија |
| 2. Мите Јованов | Македонија |
| 3. Драган Митев | Македонија |
| 4. Трајан Ангелов | Македонија |

| 60 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Гордан Николов | Македонија |
| 2. Седат Бафтија | Македонија |
| 3. Иле Ѓоргиев | Македонија |
| 4. Октај Арифовски | Македонија |

| 74 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Иван Тодоров | Бугарија |
| 2. Љупче Тасевски | Македонија |
| 3. Стефан Бонев | Бугарија |
| 4. Спасе Тодоров | Македонија |

| 96 кг. 3 учесници | |
|---|---|
| 1. Димитар Кумчев | Бугарија |
| 2. Бобан Данов | Македонија |
| 3. Жарко Коцев | Македонија |

Трофеј „Македонски бисер“: *Љуљзим Врренези* (Македонија)
Најуспешен странски борач: *Иван Тодоров* (Бугарија)
Најдобар домашен борач: *Гордан Николов* (Македонија)



СУДИИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР *МАКЕДОНСКИ БИСЕР* 2002 ГОДИНА

Истата година во Охрид се одржаа и „Балканските игри“ за јуниори, каде Горан Атанасов беше убедливо најдобар во категоријата 69 кг. На Европското првенство за јуниори во Тирана - Албанија Александар Стојанов беше шести а Горан Атанасов беше деветти.

Во 2003 година, во клубот доаѓа нов генерален спонзор: „Јака Семпкорд“ што станува и име на клубот во следните три години.

За претседател на клубот е именуван Димче Атанасов, кој презеде иницијатива за спас на борачкиот клуб и враќање на старите патеки. Поради немање тренерски кадар, за тренер беше ангажиран Добре Маринков од Штип, кој работеше во клубот до 2004 година.




ГОРАН АТАНАСОВ, НАЈДОБАР ВО КАТЕГОРИЈАТА 69 КГ. НА *БАЛКАНСКИТЕ ИГРИ* ЗА ЈУНИОРИ ВО ОХРИД







ДОБРЕ МАРИНКОВ ОД ШТИП БЕШЕ АНГАЖИРАН КАКО ТРЕНЕР ЗА ВРАЌАЊЕ НА СТАРИТЕ ПАТЕКИ НА РАДОВИШКИОТ КЛУБ

Во 2004 година Борачкиот клуб „Бучим“ повторно е шампион на Македонија. По шест години апстинирање - повторно беше прв.Во мртва трка со борачкиот клуб „Лирија“, „Бучим“ беше поуспешен.

Истата година на Олимписките игри во Атина, повторно учествуваше Магомед Ибрагимов во категоријата 84 кг. Но беше далеку од посакуваната форма и од резултите од пред четири години. Во групната фаза во првото коло се сретна со Корeецот Мун Еу Јае и претрпе пораз од 4-0. Во второто коло изгуби од Мирослав Гочев од Бугарија со резултат 4-2 на поени, и со овој пораз Олимписките игри и сонот за нов медал веќе беа завршени. Ибрагимов се пласира на 19-то место од 22 натпреварувачи во неговата категорија.

## XXXI МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ – 2007

2007
2008
РАДОВИШ

Во 2007 година со реорганизацијата на рудникот „Бучим“, новиот тим кој го водеше рудникот реши да инвестира и да помогне клубот да се врати на старите патеки. Па така, 2007 година „Бучим“ е домаќин на XXXI „Македонски бисер“, а следната 2008 година повторно станува шампион на Македонија.



ЉУЉЗИМ ВРЕНЕЗИ, ПОБЕДНИК НА „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ ВО 2007 ГОДИНА ВО РАДОВИШ



ЃОРЃИ СРЕДКОВ ОД БУГАРИЈА, НАЈУСПЕШЕН СТРАНСКИ БОРАЧ НА ТУРНИРОТ „МАКЕДОНСКИ БИСЕР“ 2007 ГОДИНА





### Почесен комитет

Василиј Барутски – Директор
Николајчо Николов
Ѓерасим Конзулов
Томе Даневски
Шабан Сејди
Роберт Велков
Насе Насев
Ивица Ѓеоргиевски
Акик Ферати
Илија Филипов

### Организационен комитет

Љубомир Лазаревски
Бесник Ејупи
Кирил Тунцев
Маријан Јованов
Димитар Талевски
Ванчо Коцев
Коле Мијалов
Димитар јованов
Миле Коровин
Данчо Вучков
Горан Милковски
Димчо Ангелов
Андон Атанасов
Живко Андонов
Бранко Ѓеоргиев
Васе Спасов
Сашко Николов
Ристо Свирков
Нешрет Лиманов
Ванчо Монев
Милчо Петров
Ангел Спасов
Ванчо Ристов
Кочо Самаров
Ѓорги Видов
Бранко Атанасов
Блерим Ејупи
Назим Асанов
Драги Ѓеоргиев
Тони Танчев
Зоран Шоров
Илија Трајанов
Мите Коцев
Влатко Лозналиев
Станко Манчевски
Мите Баков
Ацо Трајчев
Коле Чаракчиев
Ангел Банов



ДЕЈАН МИТРОВ

| Земји учеснички | Судии |
|---|---|
| Македонија | Људмил Кандиларов – БУГАРИЈА |
| Србија | Љупчо Јанев |
| Бугарија | Стојан Колев |
| Косово | Нешрет Лиманов |
| Албанија | Игор Христов |
| Босна | Сане Арсов |
| | Илчо Марковски |
| | Маријан Лазаров |
| | Владо Ангелов – Табелар |

## Генерален пласман

| 55 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Мартин Петров | Бугарија |
| 2. Роберт Ококоров | Русија |
| 3. Иле Ѓеоргиев | Македонија |
| 4. Фатос Дурмиши | Косово |

| 60 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Радослав Великов | Бугарија |
| 2. Дејан Митров | Македонија |
| 3. Драган Цветковски | Македонија |
| 4. Мирјан Гецин | Србија |

| 66 кг. 7 учесници | |
|---|---|
| 1. Љуљзим Вренези | Македонија |
| 2. Мартин Емилов | Бугарија |
| 3. Мирко Микуда | Хрватска |
| 4. Димитриј Шадрин | Русија |

| 74 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Иван Деливерски | Бугарија |
| 2. Горан Атанасов | Македонија |
| 3. Мики Тодоров | Македонија |
| 4. Влатко Зајков | Македонија |

| 84 кг. 6 учесници | |
|---|---|
| 1. Дејан Богданов | Македонија |
| 2. Феликс Полијанидис | Албанија |
| 3. Алија Ѓентијан | Албанија |
| 4. Ѓорги Средков | Бугарија |

| 96 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Николај Штерев | Бугарија |
| 2. Виктор Богданов | Македонија |
| 3. Арсим Зејнулаху | Македонија |
| 4. Светислав Јаковлевиќ | Србија |

| 125 кг. 4 учесници | |
|---|---|
| 1. Бобан Данов | Македонија |
| 2. Баро Фатјон | Албанија |
| 3. Александар Ѓоргиев | Македонија |
| 4. Миро Јурковиќ | Србија |

Во 1994 година стана европски прввак на мали земји во Ла Валета - Малта. Во 1996 година го освои *Македонскиот бисер* и беше прогласен за најдобар домашен натпреварувач.

Васе Спасов настапуваше и во КЕШ во 1997 година против „Атлас“ од Атина и ЦСКА од Москва.

Кариерата ја заврши во 2000 година, за потоа да стане и републички судија, кој судеше на голем број домашни првенства. Денес Спасов живее и работи во Радовиш. Татко е на две ќерки и член е на Управниот одбор на БК „Бучим“.



## НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ

16 февруари 1974, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетиосмо 1995, петто 2018 (ветерани)*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *тринаесетто 1993*
**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *златен медал 1991*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1995*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1992, 1995*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995*
**СВЕТСКИ КУП** *златен медал 1996*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992, 1993, 1994, 1996, 1997, 1998*

Николчо Калајџиев е роден на 16.2.1974 година во Радовиш. Со освојувањето на златниот медал на Балканијадата во Радовиш во 1991 година, ја најавува својата успешна кариера.

Во 1992 година станува државен првак за сениори и стандарден репрезентативец на Македонија.



НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ ПРИМА ЧЕСТИТКИ И ПРИГОДНИ ПОЧЕСТИ ОД ЉУПЧО САМОНИКОВ







ПРОГЛАСУВАЊЕ ЗА НАЈДОБРИ БОРАЧИ НА ДРЖАВНОТО ПРВЕНСТВО: ВЛАТКО СОКОЛОВ И НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ




НИКОЛЧО КАЛАЈЏИЕВ, ВТОРИОТ ОДДЕСНО ВО ПОБЕДНИЧКИОТ ТИМ „БУЧИМ-ЈАКА“ ОД РАДОВИШ, СВЕТСКИОТ ШАМПИОН ЗА 1996 ГОДИНА

Победник е на турнирот *Македонски бисер* во 1995 година во Велес.

Калајџиев е дел од златниот тим кој настапуваше на Европскиот куп 1995 и на Светскиот куп 1996 година. Тој е дел од шампионскиот тим кој во 90-те години 7 пати беше државен екипен првак на Македонија. Борачката кариера ја заврши во 1999 година. Денес живее и работи во Радовиш.



## ТОНИ ТАНЧЕВ

12 јануари 1972, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *трето 1991, дваесетиосмо 1995, деветто 2018 (ветерани)*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *шесто 1987 (јуниори), четиринаесетто 1992 (сениори)*
**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *сребрен медал 1989, сребрен медал 1991*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1992*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1992, 1995*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995*
**СВЕТСКИ КУП** *златен медал 1996*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1992, 1993, 1994, 1996, 1997, 1998*



ТОНИ ТАНЧЕВ ВО АКЦИЈА

Тони Танчев е роден на 12.1.1972 година. Неговата борачка кариера започнува во 1984 година, а првите успеси ги постигнува на Европското првенство за јуниори во Катовице - Полска, каде го освојува 6-то место, додека на Балканијадата во 1989 година во Правец - Бугарија го освојува сребрениот медал. Истиот успех го повторува и на Балканијадата во Радовиш каде е повторно втор.

Во 1992 година е победник на турнирот *Македонски бисер* а државен првак станува во 1992 и 1995 година.

Тој е стандарден првотимец во клубот од 1991 до 1998 година, кога БК „Бучим-Јака“ беше седумпати шампион на Македонија.







ТОНИ ТАНЧЕВ ПРОГЛАСЕН ЗА ПОБЕДНИК ПРОТИВ ТЕБЕ ДОРГУ (НИГЕРИЈА)



ТОНИ ТАНЧЕВ ВО АКЦИЈА ПРОТИВ ДОН РЕЈЕС (САД), СВЕТСКИ КУП 1996 ГОДИНА

Тони Танчев е учесник на Европскиот куп во 1995 година и еден од најзаслужните за европската титула. Забележа 4 победи против „Фиаме Оро“ од Италија и „Чепел“ од Унгарија, а единствен пораз му беше во финалето со минимален резултат на поени. Беше и дел од тимот кој настапи на Светскиот куп во Радовиш во 1996 година, кога забележа 3 победи.

Тони Танчев ја заврши кариерата во 1998 година, за потоа да биде назначен за тренер на клубот, а од 2002 година и за прв тренер на клубот, сè до денес. Како тренер со клубот освојува 4 шампионски титули во годините: 2004, 2008, 2010 и 2013.

Како селектор на Македонија има освоено бронзен медал со Халил Зубаиров на Европското првенство до У23 во Валбрич - Полска во 2015 година.

Во неговата кариера има настапувано и за БК „Извор“ од Струмица и во Германската бундес лига.



## ТРАЈЧЕ ДИМКОВ

22 јули 1967, Штип

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *триесетто 1991*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *деветто 1991, дваесетто 1992*
**МЕДИТЕРАНСКИ ИГРИ** *четврто 1991*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1992*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992*



БОРАЧОТ ТРАЈЧЕ ДИМКОВ ОВЕНЧАН СО МЕДАЛ, НО ВО „СЕРИОЗЕН“ БОРАЧКИ ЗАФАТ НА ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ

Трајче Димков е роден 22.7.1967 година во Штип. Се приклучува на БК „Бучим-Јака“ во 1991 година и настапуваше до 1992 година. Претходно настапуваше во БК „Балканец“, БК „Извор“ од Струмица и во Мурска Собота во Словенија.







ШАБАН ТРСТЕНА И ТРАЈЧЕ ДИМКОВ НА ПРИГОДНА СРЕДБА ВО ШТИП

Најуспешни години во кариерата на Димков беа 1991 и 1992 година, кога двапати стана државен првак, победник на *Македонскиот бисер* во 1992, 4-ти на Медитеранските игри во Атина - Грција, и 9-ти на Европското првенство за сениори.

Во 1995 година повторно настапи за БК „Бучим-Јака“ во Купот на европските шампиони и таа година стана носител на двојна круна, во лигата со БК „Балканец“ а во купот со БК „Бучим-Јака“. Спортската кариера ја заврши во 1998 година, продолжувајќи како тренер во БК „Балканец“ од Штип, а подоцна како селектор на кадетска, јуниорска и сениорска конкуренција. Димков беше дел од македонскиот тим и како селектор на Олимписките игри во 2008 година во Пекинг.

Денес е пратеник во собранието на РС Македонија.



## ВЛАТКО СОКОЛОВ

5 ноември 1973, Кочани

**ОЛИМПИСКИ ИГРИ** *десетто 1996*
**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетитрето 1997, триесетивторо 1999*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *тринаесетто 1997, десетто 1999*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1999, 2000*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1996, 1999*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995, бронзен медал 1997*
**СВЕТСКИ КУП** *златен медал 1996*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1997, 1998*



ПОБЕДА СО ТУШ НА ВЛАТКО СОКОЛОВ ПРОТИВ ГОРАН ГОЦЕВ, 1992 ГОДИНА

Влатко Соколов е роден на 5.11.1973 година во Кочани. Негов прв и матичен клуб му е „Спартак“ од Кочани. За БК „Бучим-Јака“ почна со настапи од 1995 година, во Купот на европските шампиони, па продолжи во 1996 година во походот кон светската шампионска титула. Со „Бучим-Јака“ освои две титули во државното првенство, а двапати беше победник на турнирот *Македонски бисер,* во 1999 и 2000 година.

Влатко Соколов учествуваше во натпреварите во Купот на европски шампиони и во 1997 година, кога БК „Бучим-Јака“ беше трет. За екипата на БК „Бучим-Јака“ настапуваше до 2000 година, кога стави крај на репрезентативната кариера. Од 2001 година настапуваше неколку години во БК „Тигар“ од Скопје, но само повремено, без некои позначајни резултати.

Денес живее во Кочани и вработен е во Министерството за внатрешни работи.





ВЛАТКО СОКОЛОВ СО ОЛИМПИСКИОТ ТИМ НА МАКЕДОНИЈА ВО АТЛАНТА, САД, 1996 ГОДИНА



ДОЧЕК НА ВЛАТКО СОКОЛОВ



## ВЛАДО ЛАЗАРОВ

22 октомври 1978, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетшесто 1996 (јуниори), деветнаесетто 2002*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *сребрен медал 2000, бронзен медал 2004 (полициско), седмо 1995, осмо 1996, петнаесетто 1998 (јуниори)*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *бронзен медал 1996*

**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1998*

**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *бронзен медал 1997*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1993, 1994, 1996, 1997, 1998*



ВЛАДО ЛАЗАРОВ ПО ИЗВОЈУВАНАТА ПОБЕДА СО ВИСОКО ПОДИГНАТИ РАЦЕ

Владо Лазаров е роден на 22.10.1978 година во Радовиш. На 15-годишна возраст веќе е во првиот тим на клубот, во истата 1993 година кога БК „Бучим-Јака“ станува шампион на Македонија.

Во 1995 година на Европското првенство за јуниори во Витен-Германија го освојува 8-то место, а истиот успех го повторува и следната година во Софија-Бугарија.

На Балканското првенство за јуниори во Тирана-Албанија го освојува бронзениот медал.

Лазаров настапуваше во КЕШ во 1997 година, како 19-годишен младинец и успеа да извојува победа против ЦСКА Москва во Радовиш, против Мурат Рамазанов, кој подоцна ѝ се приклучи на македонската репрезентација.

Беше учесник и при освојувањето на шампионските титули во 1993, 1994, 1996, 1997 и 1998 година.

Кон крајот на кариерата Лазаров настапуваше за БК „Тигар“ од Скопје, каде и ја заврши натпреварувачката кариера. Денес е член на Управниот одбор на БК „Бучим“.







МОМЕНТИ ОД БОРБИТЕ ВО *МАЈСТОРКАТА*, ВЛАДО ЛАЗАРОВ (ДЕСНО) И НЕГОВИОТ ПРОТИВНИК КОЦЕ ЕФРЕМОВ



ВЛАДО ЛАЗАРОВ ОСВОЈУВА ПОЕН ПРОТИВ АФРИМ ЏЕЛИЛИ (ЛИРИЈА)



## САШО ЛАЗАРОВ

7 јуни 1979, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *шесто 1994 (кадети), дваесетипрво 1996 (јуниори)*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *седмо 1996 (јуниори), седмо 1998 (јуниори)*
**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *бронзен медал 1996, бронзен медал 1997*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *прво1998*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *петто 1995, 1996, 1997, 1998, 1999*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *бронзен медал 1997*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1994, 1996, 1997, 1998*

Сашо Лазаров е роден на 7.6.1979 година во Радовиш. Со борење почнува да се занимава на 11-годишна возраст.

Прв негов успех е на Светското првенство за кадети во 1994 година во Чикаго - САД, каде го освојува 6-то место.

Борачките натпревари ги продолжува и во наредните години. Во 1996 година на Европското првенство во Софија - Бугарија го освојува седмото место, а на Балканијадата во Тирана - Албанија третото.

На Европското првенство во Радовиш е седми, не успевајќи да освои медал.

ДЕЛ ОД ШАМПИОНСКИОТ ТИМ НА БК„БУЧИМ-ЈАКА“

СТОЈАТ ОДЛЕВО: ДИМЧО АНГЕЛОВ, ВАСЕ СПАСОВ, ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И ЗЛАТКО ДИМОВ

КЛЕЧАТ ОДЛЕВО: САШО И ВЛАДО ЛАЗАРОВИ



Заедно со Владо Лазаров настапуваат во КЕШ во 1997 година против „Атлас“ од Грција и „ЦСКА“ од Москва. Со БК „Бучим-Јака“ освојува 4 титули Државен екипен првак во годините: 1994, 1996, 1997 и 1998.

Борачката кариера ја завршува во 2001 година, и истата година станува претседател на БК „Бучим“, се до 2002 година. Денес живее и работи во Германија.







## ГОРАН КОСТАДИНОВ

15 јануари 1976, Радовиш

**ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП** *златен медал 1996*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетипрво 1994 (јуниори)*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995, бронзен медал 1997*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992, 1994, 1996, 1997, 1998, 2004*

Горан Костадинов е роден на 15.1.1976 година во Радовиш.Тој е вклучен од самиот почеток во шампионската екипа на клубот, почнувајќи од 1991 година - настапувајќи сѐ до 2009 година. Освои седум титули за клубот во домашното првенство, но настапуваше и на Европскиот и Светскиот куп каде БК „Бучим-Јака“ стана европски а подоцна и светски клупски шампион.

Учествуваше на Европското првенство за јуниори во 1994 година каде беше 21-ви.

Денес Костадинов е тренер во клубот и работи со помладите категории.



БРАЈАН ДОЛФ (САД) И ГОРАН КОСТАДНОВ (МАКЕДОНИЈА) ПРЕД ФИНАЛЕТО НА СВЕТСКИОТ КУП



## ГОРАН АТАНАСОВ

25 декември 1983, Радовиш

**ОЛИМПИСКИ ИГРИ ЗА МЛАДИ** *дваесетивторо 1998 (кадети)*

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетичетврто 1999 (кадети), дваесетичетврто 2001 (јуниори), тринаесетто 2003 (јуниори), седмо (армиско), деветто 2018 (ветерани)*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *десетто 2000 (кадети), деветто 2002 (јуниори), дванаесетто 2002 (јуниори), петнаесетто 2005, деветнаесетто 2006, дваесетитрето 2007, дванаесетто 2014*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *златен медал 2002*

**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *2012*

**ДРЖАВЕН ПРВАК** *2001, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2011, 2012, 2016, 2019*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *2008, 2010, 2013*

ГОРАН АТАНАСОВ СО ЕДЕН ОД МНОГУБРОЈНИТЕ ТРОФЕИ



Горан Атанасов е роден на 25.12.1983 година во Радовиш. Со борење почнува да се занимава од деветгодишна возраст. Негов прв тренер е Добрин Трајанов, а подоцна Славчо Илиев.

Прв голем настан му е учеството на Олимписки игри за млади во Москва во 1998 година каде настапи во грчко-римски стил. Потоа се редат настапи на големите натпреварувања. Во 2000 година настапуваше на Европското првенство за кадети каде беше 10-ти. Во 2002 година на Балканскиот шампионат беше 9-ти како и на Европското првенство за јуниори во Тирана - Албанија.

Горан Атанасов е 10-тиот шампион на Македонија почнувајќи од 2001 па се до 2019 година.







ГОРАН АТАНАСОВ ВО АКЦИЈА ПРОТИВ ЕГЗОН ШАЉА (АЛБАНИЈА)



ГОРАН АТАНАСОВ ПОБЕДНИК ПРОТИВ ЕРДАР РАИМОВ

На турнирот *Македонски бисер* во 2012 година беше победник и избран за најдобар домашен борач на турнирот.

Последен негов голем настан беше Светското воено првенство за кадети каде настапи во грчко-римски стил и беше 7-ми во генералниот пласман.

Горан Атанасов сè уште не го кажал последниот збор во кариерата, се надеваме на поголеми резултати во идно време.



## АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВ

19 ноември 1983, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетто 2003 (јуниори), сребрен медал 2018 (ветерани)*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *петнаесетто 2000 (кадети), шесто 2002 (јуниори), седумнаесетто 2012 (сениори)*

**МЕДИТЕРАНСКИ ИГРИ** *четврто 2013*

**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *2012*

**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1997 (пионери), 2001, 2002 и 2003 (јуниори), 2001, 2003, 2005, 2006, 2012, 2017, 2019 (сениори)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *2004, 2010, 2013*




АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВ ВО АКЦИЈА

Александар Стојанов е роден на 19.11.1983 година во Радовиш. Со борење почнува да се занимава на 11-годишна возраст.

Член е на репрезентацијата уште од учеството во кадетската конкуренција, кога настапуваше на кадетското првенство во 2000 година во Словачка, но без позначаен усех.

На Европското првенство за јуниори во 2002 година во Тирана-Албанија се пласира на 6-то место.







АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВ НА ПЕЛИВАНСКИ НАТПРЕВАР



АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВ ПРОТИВ АДРИЈАН РЕКОРЕАН (РОМАНИЈА) НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО БЕЛГРАД, СРБИЈА, 2012 ГОДИНА

На Медитеранските Игри во 2013 година во Мерсин беше 5-ти. На домашната сцена е шесткратен државен првак на Македонија, но таа бројка можеше да биде повисока да немаше отсуства во неговата кариера. Беше дел и од екипата која стана екипен шампион на Македонија во годините: 2004, 2010 и 2013.

Во 2015 година кариерата ја продолжи во Германија каде настапува за клубот „Кемингхаузен“ од Дортмунд.



## ГАРИ МОДОСЈАН

17 април 1973, Гори, Грузија

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *деветнаесетто 1997, дваесетипетто 1999*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1996*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *златен медал 1995, бронзен медал 1997*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1996*



ГАРИ МОДОСЈАН СО ОСВОЕНИОТ ПЕХАР КАКО ТРЕНЕР НА БОРАЧИТЕ ОД „БУЧИМ-ЈАКА“

Гари Модосјан е роден на 17.4.1973 година во Гори - Грузија. Најпрво настапува за Грузија, каде најдобар резултат му е второто место на Европското првенство за јуниори во 1992 година, во Зекешвар - Унгарија.

За Борачкиот клуб „Бучим-Јака“ дојде како едно од четирите засилувања за КЕШ во 1995 година. Со БК „Бучим-Јака“ ја освои европската титула и од 1996 година доби македонски пасош и







ГАРИ МОДОСЈАН НА ТРИУМФАЛНИОТ ТРОН СО НЕГОВИТЕ НАЈБЛИСКИ КЛУПСКИ СОРАБОТНИЦИ

требаше да настапи на Европското првенство кое беше филтер за Олимписките игри во Атланта, но не му беше дозволено од страна на Руската федерација.

Во 1997 година настапи за БК „Бучим-Јака“ во Купот на европските шампиони и на Светското првенство во Краснојарск - Русија но без позначаен резултат.

За БК „Бучим-Јака“ и македонската репрезентација настапуваше до 1999 година, каде по Светското првенство во Анкара - Турција се повлече од активното борење.

Во 2011 година е назначен за прв тренер на клубот, а во 2012 година беше и селектор на Македонската репрезентација. Неговиот ангажман траеше кратко, сè до почетокот на 2013 година, кога се врати во Грузија, каде што денес работи како тренер.



## КОЦЕ НИКОЛОВ

2 јули 1982, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *дваесетивторо 1999 (кадети), дваесетишесто 2001 (јуниори), четиринаесетто 2001 (сениори)*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *петнаесетто 2001*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *второ 2000 (јуниори)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК** *второ, 1995, 1996 (пионери), 1996 (кадети), 2001(јуниори), второ, 1999, 2001(сениори)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1998*



КОЦЕ НИКОЛОВ ВО УЛОГА НА ТРЕНЕР

Коце Николов е роден 2.7.1982 година во Радовиш. Со борење почнува да се занимава доста млад, на осумгодишна возраст, во 1990 година. Негов прв тренер е Добрин Трајанов.

Како еден од најголемите млади таленти во Македонија уште од најмала возраст е во репрезентацијата, учествувајќи на повеќе европски, светски и меѓународни првенства.








КОЦЕ НИКОЛОВ ЈА ПОТВРДУВА СВОЈАТА УСПЕШНА ТРЕНЕРСКА КАРИЕРА

Николов учествуваше на три светски првенства за кадети, јуниори и сениори, а најдобар настап имаше на Светското првенство за сениори во Софија - Бугарија каде беше 14-ти.

На Балканското првенство во 2000 година во Пиреја - Грција беше втор. Во 2002 година заминува за Салцбург - Австрија, каде прво настапуваше за АЦ „Валс“ до 2008 година, за подоцна да стане тренер.

Денес работи како тренер на помалите категории во клубот КГ „Вигаун Абтенау“ од Салцбург.



## РОБЕРТ ТАНЕВ

4 јануари 1976, Радовиш

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО** *четиринаесетто 1992 (кадети), шеснаесетто 1994 (јуниори)*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО** *сребрен медал 2000, шесто 2004 (полициско)*
**СВЕТСКИ КУП** *златен медал 1996*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *бронзен медал 1997*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992,1993, 1994, 1996, 1997*

Роберт Танев е роден на 4.1.1976 година во Радовиш. Првите успеси за клубот ги има постигнато уште на крајот на 80-те години. Веќе во почетокот на 90-те како младинец учествува во освојувањето на шампионските титули почнувајќи од 1991 сè до 1997 година.

Роберт Танев даде придонес и беше дел од тимот кој учествуваше во освојувањето на европската и на светската титула, иако настапи со по една борба на двата големи настани.

Танев беше учесник на две светски првенства за кадети и јуниори, каде беше 14-ти односно 16-ти. Во 2001 година, помина во Борачкиот клуб „Тигар“ од Скопје, каде во 2003 година ја заврши кариерата. Денес живее во Радовиш и е вработен во Министерство за внатрешни работи.



СРЕБРЕН МЕДАЛ НА ПОЛИЦИСКОТО ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО







## ЗОРАН РИСТОВ

28 март 1971, Радовиш

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *бронзен медал 1990, бронзен медал 1991 (јуниори)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1998 (сениори)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992, 1994, 1996, 1997*



ЗОРАН РИСТОВ ВО АКЦИЈА

Зоран Ристов е роден на 28.3.1971 година во Радовиш. Првите негови успеси почнуваат во 1990 година на Балканското првенство во Сакарија - Турција каде го освојува 3-то место. Истиот успех го повторува и во 1991 година на Балканското првенство во Радовиш.

За Борачкиот клуб настапуваше во годините кога „Бучим“ беше шампион, од 1991 до 1997 година, кога освои 5 шампионски титули.

Борачката кариера ја заврши во Радовиш во 1998 година, кога стана државен првак. Денес живее и работи во Радовиш.



## ВАНЧО СПАСОВ

24 март 1966, Радовиш

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *сребрен медал 1986, (јуниори)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1992 (сениори)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *1991, 1992, 1993, 1994*



ВАНЧО СПАСОВ СО ЕКИПАТА НА БК „ЈАКА-БУЧИМ", ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ВЕЛЕС, 1991 ГОДИНА

Ванчо Спасов е роден на 24.3.1966 година во Радовиш. За Борачкиот клуб „Бучим" настапува од почетокот на 80-те години во тогашниот „Рудар", сѐ до 1995 година.

Најдобар негов пласман му е второто место на Балканското првенство за јуниори во 1986 година во Сомбор - Југославија.

Тој е дел од шампионскиот тим во годините 1991, 1992, 1993 и 1994. Во 1992 година беше државен првак на Македонија.

По завршувањето на кариерата беше тренер на помладите категории во клубот. Денес живее и работи во Австрија.







## СПАСЕ ТОДОРОВ

6 декември 1981, Радовиш

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО** *сребрен медал 2000, (јуниори)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК** *1998 (јуниори), 1995 (пионери)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *второ 1996, 2004*



СПАСЕ ТОДОРОВ, ПОБЕДНИК НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР *КИРО РИСТОВ*, 2000 ГОДИНА

Спасе Тодоров е роден на 6.12.1981 година во Радовиш. Завршил Филозофски факултет во Скопје во 2011 година. Со борење почнува да се занимава во 1992 година, на десетгодишна возраст.

Со петнаесет години влегува во првиот тим на тогашниот европски шампион и се бори во лигата на натпреварувањата во 1996 година, кога БК „Бучим-Јака" станува шампион на Македонија.

Во 2000 година на Балканското првенство во Пиреја - Грција го освојува второто место во категоријата до 69 кг.

За БК „Бучим-Јака" настапуваше сѐ до 2007 година.

Денес живее и работи во Швајцарија.



## АСЛАН ХАГУРОВ
21 јануари 1973

**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *прво место 1995*
**МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *1996*

АСЛАН ХАГУРОВ НА ДВОМЕЧ СО МАРЧЕЛО ТРОМПКОНЕ



За „Бучим-Јака“ настапуваше во Купот на европските шампиони во 1995 година, и е еден од најзаслужните за европската титула. Со пет победи и без пораз беше неприкосновен за противниците.



АСЛАН ХАГУРОВ, КОНЦЕНТРАЦИЈА ПРЕД БОРБА







## ЈУРИ ГОЛУБОВСКИ
30 март 1970

**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *прво место 1995*



## ГЕНАДИЈ ЖИЛЦОВ
10 јануари 1964

**СВЕТСКИ ВИЦЕШАМПИОН** *1993*
**ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП** *прво место 1996*
**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *трето место1997*




ГЕНАДИЈ ЖИЛЦОВ ПОБЕДНИК ПРОТИВ КЕНЕТ НОТОРИ (НИГЕРИЈА)



## ЕЛДАР КУРТАНИДЗЕ
16 април 1972

**ИНТЕРКОНТИНЕНТАЛЕН КУП** *прво место 1996*

**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ** *трето место 1997*

**ОЛИМПИСКИ ИГРИ** (Атланта - САД, 1996) *трето место*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** (Будимпешта - Унгарија) *прво место*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** (Варшава - Полска) *прво место 1996*

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** (Краснојарск - Русија) *златен медал 1997*



ЕЛДАР КУРТАНИДЗЕ
ВО АКЦИЈА



ЕЛДАР КУРТАНИДЗЕ
ПРОГЛАСЕН
ЗА ПОБЕДНИК
ПРОТИВ
ДЕН ТРОУП (САД)







## САФЕТ КАСАМИ

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1963)*



## КОСТА ПОЦКОВ

**ПРВ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ДРЖАВЕН ПРВАК ОД БК „ПАРТИЗАН“, РАДОВИШ, МАКЕДОНИЈА** *(1963)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1963)*



## СТОЈАН АНГЕЛОВ

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1965)*

**ЕКИПЕН ПРВОТИМЕЦ** *(1964-1974)*



## ЏАФЕР ЏЕЛАДИНИ

**ЕКИПЕН ПРВОТИМЕЦ** *(1965-1975)*

## МАРИНКО КОСТАДИНОВ
29 јануари 1950 година

**ПОВЕКЕГОДИШЕН ПРВОТИМЕЦ НА БК „РУДАР“ И НА БК „БУЧИМ“ ОД РАДОВИШ**

## КОСТА БАНОВ
1 мај 1947 година

**ПОВЕКЕГОДИШЕН ПРВОТИМЕЦ НА БК „РУДАР“ И НА БК „БУЧИМ“ ОД РАДОВИШ**



## РИСТО АЛИФКИНОВ
28 јануари 1951 година

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Бургас - Бугарија, 1970) *четврто место*



## БЛАЖО РИСТОВ
29 јануари 1951

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1970)*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Бургас - Бугарија, 1970) *четврто место*

## ЈОРДАН ХРИСТОВ
11 јуни 1953

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1974)*







## НИКОЛА ИЛИЕВ
3 декември 1950

**ЕКИПЕН ПРВОТИМЕЦ** *(1969-1980)*



## ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
26 декември 1954, с. Раклиш, Радовиш

**ПИОНЕРСКИ ШАМПИОН** на Радовиш и **ВИЦЕ ШАМПИОН** на Македонија, во категорија до 42 кг., 1969

**ОСВОЕНО ПРВО МЕСТО** на Меѓународен турнир „Сафет Касами“ во Радовиш, Македонија, 1971

**МЛАДИНСКИ ШАМПИОН** на Република Македонија во категорија до 57 кг., 1972

**МЛАДИНСКИ ШАМПИОН** на Република Македонија и СФР Југославијаво категорија до 62 кг. (кога бил повикан да земе учество во младинската репрезентација), 1972

Ванчо Чифлиганец го прекинал метеорскиот успех во борење заради студискиот престој во Белград, но љубовта кон борењето тој ја потврдил на многу посилен начин!



ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ СО НИКОЛА АТАНАСОВ ВО ОДЛУЧУВАЧКИ БОРАЧКИ ЗАФАТ



## НЕШРЕТ ЛИМАНОВ

31.5.1954, Радовиш

Нешрет Лиманов се натпреварува како борач уште во првите редови на БК „Рудар“ од 1965 година. Тој како клупски борач и како репрезентативец настапува на многубројни меѓународни турнири се до 1975 година, а подоцна започнува неговата судиска кариера.



## КОСТАДИН РИСТОВ

11 мај 1962

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1976)*



## КОСТАДИН КОСТАДИНОВ

15 мај 1950

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1966)*
**ДОЛГОГОДИШЕН ДОМАЌИН НА КЛУБОТ**

## ВАСЕ СТЕФАНОВ

20 декември 1958

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1974)*







## ИБРАИМ АМЕДОВ

**ЕКИПЕН ПРВОТИМЕЦ** *(1964-1972)*



## ДРАГАН АТАНАСОВ

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1981)*



## ТРИФУН КРСТЕВ

21 јануари 1952

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(1976)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1992)*



## СТОЈАН АНГЕЛОВ

30 мај 1962

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1978)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1980)*



## КИРО СПАСОВ
3 јуни 1959

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1975)*

## СТОЛЕ ВИТАНОВ

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1980)*



## ИЛИЈА АНГЕЛОВ
9 јули 1960

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1980)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(1982)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1992,1993,1994)*



## ДИМЧО СТОЈАНОВ
31 август 1963

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1992, 1993)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1981)*



## ТРАЈЧЕ ЛАЗАРЕВ
15 јуни 1964

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1982, 1984)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1993)*







## ИЛЧО ЛАЗАРЕВСКИ
31 јули 1966

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Хасково - Бугарија 1984) *четврто место*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1991, 1994)*



## МИТЕ ГЛИГОРОВ
12 јуни 1968

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1987)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1991, 1992, 1993)*



## ПЕРО ГОЦЕВ
27 февруари 1970

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1986)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1984)*



## ЃОРГИ ТЕМОВ
30 ноември 1976

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1991,1992)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1990)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1991, 1992, 1993)*



**ФИЛКО ДЕЈАНОВ**, Бугарија
31 јули 1966, Бугарија

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1991, 1993)*

**СТРАХИЛ ДИМЧЕВ**, Бугарија
2 февруари 1963

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1991, 1993)*



**НЕВЗАТ ЈАШАРОВ**
5 април 1975

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1991, 1992)*

**АЛЕКСАНДАР КАЛАЈЏИЕВ**
11 јуни 1978

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1992, 1995)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1993, 1994, 1996, 1997)*



**КИРЕ ПЕЕВ**
9 ноември 1976, Бугарија

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994, 1996, 1997, 1998)*







**ЧЕДО НИКОЛОВСКИ**
14 ноември 1966

**КУП НА ЕВРОПСКИТЕ ШАМПИОНИ** *1995 – златен медал*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994)*



**ИГНАТ ДОЈЧИНОВ**
4 март 1976, Бугарија

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994)*



**ПЕРИЦА ТАСЕВ**
14 ноември 1976

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1994)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994, 1996, 1998)*



**ЃОРГЕ ТЕМЕЛКОВ**
17 јуни 1977

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1992, 1993)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994)*



## МИРКО ДИМЧЕВСКИ
15 февруари 1964

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994)*



## АНДРЕЈ ЛИКОВ
17 октомври 1962

**СВЕТСКИ КУП – 1996** *златен медал*



## МАГОМЕТ АГАЕВ
26 мај 1976

**СВЕТСКИ КУП – 1996** *златен медал*



## ПЛАМЕН ПЕНЕВ
24 јули 1975

**ОЛИМПИСКИ ИГРИ** (Атланта - САД, 1996) *дванаесетто место*

**СВЕТСКИ КУП – 1996** *златен медал*

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** (Будимпешта - Унгарија, 1996) *четвртто место*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1996)*







## СЕВИН МИЛЕНОВ
2 февруари 1974

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ 1994** *златен медал*

**СВЕТСКИ КУП – 1996** *златен медал*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1994, 1996)*



## МАРИЈАН ТАНЕВ
18 јануари 1977

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1992)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1993)*

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА ВЕТЕРАНИ** (Скопје - МКД, 2018) *петто место*



## ГОРАН РИСТОВ
14 февруари 1979

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Софија - Бугарија, 1996) *дваесетто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2001)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1991)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(1996, 1997, 1998)*



## ИВАН ЦОНОВ
31 јули 1966

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1998)*



## ЗЛАТКО ДИМОВ
9 мај 1978

**СВЕТСКИ КУП – 1996** *златен медал*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(1994, 1995)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1993)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1993, 1994, 1996, 1997)*



## ЉУБИША ПЕШКО
8 август 1968

**КУП НА ЕВРОПСКИ ШАМПИОНИ – 1995** *златен медал*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ,** (Фрибург - Швајцариија, 1995) *дванаесетто место*



## ИГОР ТОМОВ
9 септември 1981

**ПОБЕДНИК НА МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *(2008)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(2008, 2010, 2013)*



## ЕРЃУН АБДИОВ
16 август 1985

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2006, 2007, 2012)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2002)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕОДНИЈА** *(2004, 2008, 2010)*







## ЕРЃУЛ МЕМЕДОВ
10 февруари 1983

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2004)*



## ЉУПЧО ЈОВОВ
5 декември 1986

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2001, 2002)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1999, 2000, 2001)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2004)*



## СЛАВЧО ТОДОРОВ
1 јануари 1984

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО САМБО** (Казабланка - Мароко, 2015) *седмо место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1997, 1998, 1999)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2003)*
**ЕКИПЕН ШАМПИОН МАКЕДОНИЈА** *(2004, 2013)*

## ШУКРИ ИСМАИЛОВ
11 јуни 1987

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2009)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2005, 2007)*



## ДЕЈАН БОГДАНОВ
19 август 1986

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Вроцлав - Полска, 2005) *тринаесетто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2005)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2005)*



## ВЛАТКО ЗАЈКОВ
13 април 1988

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Тирана - Албанија, 2005) *десетто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Кошице - Словачка, 2008) *дваесет и прво место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2008, 2016)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2007, 2008)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2005)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2008, 2010)*



## АЛЕКСАНДАР ЃЕОРГИЕВ
1 септември 1989

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Истанбул Турција) *десетто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Кошице- Словачка, 2008) *единаесетто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ** (Белград- Србија, 2012) *дваесетто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2009)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2007, 2008, 2009)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2005, 2006)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(2008, 2010)*







## ГОРАН ШАМАТОВСКИ
16 септември 1991

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Анкара - Турција, 2009) *дваесет и четврто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Самоков - Бугарија, 2009) *деветнаесетто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2012)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2009, 2010)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2008)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2008, 2010, 2013)*



## ОЗЃАН БАЈРАМОВ
4 јануари 1990

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2008, 2009, 2010)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2006)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2005, 2006)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2008)*



## АЛЕКСАНДАР ЗДРАВЕВ
11 јуни 1992

**СЕТСКО ВОЕНО ПРВЕНСТВО** (Скопје-МКД, 2016) *деветто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2016)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2011)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2006, 2007)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2010, 2013)*



## ВЛАТКО ЈОВАНОВ

14 ноември 1991

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2010)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2006, 2007, 2008)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2005, 2006)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2008, 2010)*



## ЕРДАЛ РАИМОВ

18 август 1991

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2013)*



## ГЕРЧЕ БАТЕСКИ

12 април 1996

**СВЕТСКО ВОЕНО ПРВЕНСТВО** (Скопје - МКД, 2016) *десетто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Катовице - Полска, 2012) *дваесет и второ место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2014)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2012, 2013)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2010)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2013)*



## НИКОЛЧО ПЕТРОВ

4 април 1996

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Катовице - Полска, 2012) *дваесет и прво место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2016)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2012)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2010)*
**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА** *(2013)*







## ИВАН ЈАНЕВ

11 јуни 1994

**ПОБЕДНИК НА МАКЕДОНСКИ БИСЕР** *(2015)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ДО У23** *(2015)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2016, 2020)*

## ЃОРГИ АНГЕЛОВ

7 септември 1995

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Катовице - Полска, 2012) *дваесет и прво место*



## ЃОРГИ ЈОВАНОВ

11 јуни 1997

**СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Снина - Словачка, 2014) *дваесет и прво место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Самоков - Бугарија, 2014) *петто место*
**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Бар - Црна Гора, 2013) *четиринаесетто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2015,2017)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2013,2014)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2012)*



## МИТЕ ЗДРАВЕВ

13 септември 1993

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Скопје - МКД, 2013) *петто место*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2016)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ДО У23** *(2015, 2016)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2011, 2013)*
**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2007)*



## КРИСТИЈАН КРСТЕВ
5 април 1997

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Бурса - Турција, 2017) *четврто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2014, 2015, 2016, 2017)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2013)*



## МИТЕ ЈОВАНОВ
26 октомври 1981

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Софија - Бугарија, 2000) *дванаесетто место*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ЈУНИОРИ** (Пирго - Грција, 2000) *четврто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА СЕНИОРИ** *(2000, 2001)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ЈУНИОРИ** *(2000, 2001)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(1996, 1997)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1994, 1995)*

**ЕКИПЕН ДРЖАВЕН ПРВАК** *(1998, 2004, 2010)*



## ФИДАНЧО ЈОВАНОВ
12 август 1998

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2015)*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Бурса - Турција, 2015) *седмо место*

## СТАНОЈА РИСТОВ
6 декември 2004

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1983, 1984)*







## ЃОРГИ БОЖИНОВ
8 јануари 1999

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ ВО САМБО** (Нови Сад - Србија, 2015) *седмо место*

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Бурса - Турција, 2015) *шестто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2013)*



## СТЕФАН ДИМИТРОВ
15 септември 2003

**БАЛКАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА ПИОНЕРИ** (Бурса - Турција, 2016) *деветто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2018)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2020)*



## АРОН НИКОЛОВ
6 декември 2004

**ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ** (Самоков - Бугарија, 2021) *деветто место*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА КАДЕТИ** *(2021)*

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(2019)*

## СТАНОЈЧО ТОДОРОВ
10 октомври 1984

**ДРЖАВЕН ПРВАК ЗА ПИОНЕРИ** *(1999)*

## ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА КЛУБОВИТЕ

ПАРТИЗАН
РУДАР
ЈАКА
БУЧИМ

| | |
|---|---|
| 1962 – 1980 | Никола Ѓоргичков |
| 1980 – 1981 | Ацо Долудров |
| 1981 – 1982 | Коста Бојаџиев |
| 1982 – 1983 | Коста Ржев |
| 1983 – 1985 | Тимчо Дамбов |
| 1985 – 1987 | Ристо Ристов |
| 1987 – 1990 | Ѓорги Андреев |
| 1990 – 1992 | Никола Атанасов |
| 1992 – 1993 | Влатко Гаврилов |
| 1993 – 1994 | Ванчо Чифлиганец |
| 1994 – 1997 | Кирчо Сусинов |
| 1997 – 1999 | Слободан Стојанов |
| 1999 – 2001 | Данчо Вучков |
| 2001 – 2002 | Сашо Лазаров |
| 2002 – 2004 | Димитраќе Ѓоргиев |
| 2004 – 2008 | Димчо Атанасов |
| 2008 – 2011 | Ѓерасим Конзулов |
| 2011 – 2013 | Николајчо Николов |
| 2013 – 2014 | Игор Чапов |
| 2014 – 2017 | Аце Поцев |
| 2017 – 2021 | Владо Лазаров |







### НИКОЛА ЃОРГИЧКОВ
(1962-1980)

Со развојот на борачкиот спорт на територијата на нашата република и во Радовиш почнува да заживува оваа древна вештина, а особено со формирањето на Борачкиот клуб „Рудар“.

За негов претседател беше избран активниот спортист и афирмиран фудбалски судија Никола Ѓоргичков. Роден е во Радовиш во 1911 година а починал во 1976 година. Личноста на Никола Ѓоргичков или меѓу спортистите познат како чичко Никола и активностите што ги спроведувал за време на својот живот предизвикуваат респект.

По неговиот пример тргнале многу наши истакнати стручњаци и борачи. Се сеќаваат денес неговите следбеници на човекот кој ги удри темелите на борењето во нашиот град за да на нив се изградуваат успешни борачи, признати ширум нашата земја и светот. Неговото дело е поттик за нашите успеси, а со посебна почит и со респект тоа го потврдуваат неговите ученици и следбеници.



### КОСТА БОЈАЏИЕВ
(1981-1982)

Доаѓа на претседателската функција кога веќе клубот е стандарден член на првата Сојузна лига на Југославија.Своето педагошко искуство го користи да воспостави дисциплина во функционирањето на клубот.



### ТИМЧО ДАМБОВ
(1983-1985)

Роден на 17.11.1949 год. Поранешен голман на ФК Плачковица. Дамбов успешно го трасираше патот за новите успеси на радовишкиот спорт број еден во што не жалел ниту време ниту труд.



## РИСТО РИСТОВ
(1985-1987)

Со доаѓањето на тутунскиот гигант за генерален спонзор на клубот „Јака Табак“, за прв човек и претседател на клубот е избран Ристо Ристов, кој на таа функција е до 1986 година. Во негово време за прв пат во Радовиш е организиран и Меѓународниот турнир „Македонски Бисер“ во 1986 година.



## ЃОРГИ АНДРЕЕВ
(1987-1990)

Ѓорги Андреев е роден во 1948 година во Радовиш. Дипломирал на Машинскиот факултет во Скопје и повеќе години работи во рудникот Дамјан. Во Борачкиот клуб беше активен повеќе од 20 години, извршувајќи повеќе значајни функции. За претседател на клубот доаѓа во 1986 година и е претседател до 1989 година, но и потоа останува во Управниот одбор и го помага клубот. Тој е во Организациониот одбор на сите големи настани кои се одржуваа во Радовиш, почнувајќи од *Македонскиот Бисер* во 1986 година па сè до Европското првенство за јуниори во 1998 година. Тој, уште во време на студентските денови во Скопје ги следеше сите борачки настапи на „Бучим-Јака“ од Радовиш, како страствен и најприврзан навивач. Спортот и борењето му беа вродени во крвта!







## НИКОЛА АТАНАСОВ
(1990-1992)

Првиот претседател во чие време е освоена титулата екипен првак на Македонија за 1991 година. Истата година се одржува и Балканското првенство за јуниори во слободен и грчко-римски стил, каде нашите борачи освоија: две злата, едно сребро и една бронза. Успехот „шампион на Македонија“ се повторува и во 1992 година.



## ВЛАТКО ГАВРИЛОВ
(1992-1993)

Беше во улога на повеќе позиции на клубот од претседател, директор и член на Управен одбор, почнувајќи од почетокот на 90-те до 1999 година. Во негово време Радовиш организираше Два Меѓ. Турнира Македонски Бисер (1994 и 1996) како и Европскиот и Светскиот куп и Европското првенство за јуниори 1998.



## ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
26 декември 1954, с. Раклиш, Радовиш

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец, во два мандата бил претседател на Борачката федерација на Македонија, во сезоната 1995/96 година кога ги „запали“ цела Македонија, Европа и светот.

Под негово раководство, македонскиот град Радовиш беше европска и Светска престолнина, кога борачите на „Бучим-Јака“ 1995 година станаа европски, а 1996 година и светски клупски шампиони.



## КИРЧО СУСИНОВ
(1994-1997)

Кирчо Сусинов е роден во Радовиш во 1956 година. Под претседателската палка на Кирчо Сусинов, „Бучим-Јака“ беше повеќе пати шампион на Македонија. Довербата за претседател на борачкиот клуб му беше доверена од Стручниот колегиум на рудникот „Бучим“ на чело со проф. д-р Ванчо Чифлиганец. Заедно со менаџерскиот тим на „Бучим“, БК „Бучим-Јака“ ги освои клупската европска и светска шампионска титула.



## СЛОБОДАН СТОЈАНОВ
(1997-1999)

Стојанов доаѓа на местото претседател во 1997 година, по освојувањето на светската клупска титула. И тој продолжува со истото темпо на клубот: истата година „Бучим-Јака“ учествува во Купот на европските шампиони каде го освојува третото место, а наредната 1998 година Радовиш е организатор на Европското првенство за јуниори во слободен стил. На местото претседател е до 1999 година.



## ДИМЧО АТАНАСОВ
(2004-2008)

Како претседател доаѓа во 2004 година, кога борачкиот клуб е во лоша состојба. Истата година „Бучим-Јака“ успева да стане шампион на Македонија пред „Лирија“ од Скопје. Во 2007 година, успешно е организиран Меѓународниот турнир *Македонски бисер* во Радовиш, а во 2008 година клубот повторно ја освојува шампионската титула.







## ЃЕРАСИМ КОНЗУЛОВ
(2008-2011)

Роден на 6.7.1957 година во Радовиш. По образование е дипломиран рударски инженер. Ѓерасим Конзулов својот работен век го поминал во рудникот Бучим, повеќе од 30 години работел од најмлад сменски инженер до директор за производство.

За претседател на борачкиот клуб доаѓа во 2008 година и се задржува до 2011 година, кога се освојуваат две вицешампионски титули, во 2009 и 2011 година. Под негово раководство со клубот освоена е една шампионска титула во 2010 година, и тоа на гостински терен, победувајќи го БК „Балканец“ среде Штип со резултат 4-3 за „Бучим“. Господинот Ѓерасим Конзулов ја извршуваше функцијата градоначалник на општина Радовиш во периодот 2017-2021 г.



## НИКОЛАЈЧО НИКОЛОВ
(2011-2013)

Николајчо Николов е роден на 10.2.1947 година во с. Јарешник близу Босилеград - Р. Србија. Во рудникот „Бучим“повеќе од една деценија ја обавуваше функцијата извршен директор. На чело на клубот застанува во 2011 година. Во 2012 година, на чело со Николов, „Бучим“ е организатор на Меѓународниот турнир *Македонски бисер* и на прославата на клубот. На претседателското место е до 2013 година. Тој е еден од помагателите на спортскиот живот во Радовиш.



## ИГОР ЧАПОВ
(2013-2014)

Во клубот доаѓа во 2013 година и истата година екипата станува Шампион на Македонија. На функцијата се задржува доста кратко но со забележителен успех.



## АЦЕ ПОЦЕВ
(2014-2017)

Роден на 2.2.1983 година. Завршува Полициска академија во Скопје. Вработен е во Основниот суд во Радовиш. Освен тоа е и бизнисмен. Државен првак за пионери во 1994 и 1996 година. Во клубот како активен борач се задржува до 2003 година. Претседателската функција ја презема во 2014 година и на неа е сѐ до 2017 година. Во негово време во Радовиш е организиран Традиционалниот 39-ти Меѓународен турнир *Македонски бисер* во 2015 година.



## ВЛАДО ЛАЗАРОВ
(2017-2021)

Сегашен претседател на БК „Бучим". Функцијата ја извршува од 2017 година до денес, Најголема заслуга има за успесите на кадетската и јуниорскта екипа, освојувајќи голем број медали од меѓународни првенства.





# СЕКРЕТАРИ



## МИЛЕ КОРОВИН
(1993–2000)

Миле Коровин е роден на 6.11.1954 година во Радовиш. Со борење почнува да се занимава на 14-годишна возраст, почнувајќи од младите категории па сѐ до првиот тим на клубот. Во 1980 година завршува Правен факултет во Скопје.

Бил вработен во Здравствениот дом во Радовиш, сѐ до неговата смрт во 2013 година. Во Борачкиот клуб извршува повеќе функции, член на Управниот одбор, а најмногу години минува како секретар на клубот.



## ДИМИТАР ЈОВАНОВ
(1982–1992, 2004–2011, 2017–)

Роден на 3.9.1953 година. Со борење почнува да се занимава од 1965 година, кога на Државното првенство за пионери на Југославија го освојува златниот медал. За првата екипа на клубот настапува од 1968 па сѐ до 1974 година, претежно во грчко-римски стил. Секретар на клубот е од 1982 до 1992 година. Од 1997 до 2000 година е член на Управниот одбор на клубот, за од 2004 до 2011 година секретар на клубот. По третпат е избран за секретар на клубот во 2017 година, до денес.

Член на Управниот одбор на Федерацијата на борачки спортови на Македонија во период од 2004 до 2011 година. Исто така, бил претседател на комисијата за регистрација на ФБСМ 2005-2011 година. Добитник е на плакетата „Спортски работник" на град Радовиш.

## ЛЕКАРИ

### АНДОН КОЧЕВ

### НИКОЛА КАМЧЕВ

### КОЦЕ САМАРОВ

### АЛЕКСАНДАР БЕЛУШКОВ



### РОБЕРТ ВЕЛКОВ

(1992–1998)

Доктор Роберт Велков беше клупски лекар периодот од 1992 до 1998 година, периодот кога клубот ги постигна највисоките резултати. Во два мандата беше градоначалник на општина Радовиш и покровител на два меѓународни турнири *Македонски бисер*.

### ВАНЧО РИСТОВ

### ЈОВАН ЗДРАВЕВ

### МИЛЧО ПЕТРОВ

### АНГЕЛ СПАСОВ





## НОВИНАРИ

### ЃОРГИ ВИДОВ

### ТРАЈЧО АТАНАСОВ – КОСКАТА

### КИРО МАНЕВ

### МИОДРАГ МИЦКОВИЌ

### БОШКО ТРПЕСКИ

### ЗОРАН МИХАЈЛОВ

### ЛАВ НАУМОВСКИ

### ГОРАН МИЛКОВСКИ

### МИШЕЛ

### МИШКО МИХАЈЛОВСКИ

### ВЕНЦО ДОНЕВ

## ТРЕНЕРИ

- Ајдар Касами
- Илија Трајанов
- Ристо Ковачев
- Добре Маринков
- Димче Ангелов
- Блажо Ристов
- Живко Андонов
- Добрин Трајанов
- Славчо Илиев
- Владимир Мествиришвили
- Тони Анчев
- Илија Ангелов
- Гари Модосјан
- Тони Танчев
- Николчо Калаџиев
- Маријан Танев
- Симеон Џеков
- Маријан Христов
- Ристо Спасов
- Горан Атанасов







### РИСТО КОВАЧЕВ

26.10.1935, с. Смојмирово, Беровско

Завршил Факултет за ликовна уметност во Скопје, а својот работен стаж го поминува во Основното училиште во Радовиш како професор по ликовна уметност.

Во Борачкиот клуб „Рудар“ е присутен од самите почетоци и е еден од првите тренери на клубот. Како прв тренер на клубот е од 1964 година, со мали исклучоци (1969-1971) сè до 1975 година. Денес, пензионерските денови ги поминува во Радовиш.



### ДОБРЕ МАРИНКОВ

15.9.1945, Кривопаланечко

Првите борачки чекори ги прави во штипскиот клуб „Балканец“.

Во тогашниот клуб „Рудар“ доаѓа по Европското првенство за сениори кое се одржа 1968 година во Скопје. Прв тренер на клубот е од 1969 година.

Тој во еден краток период применува многу новини и создава услови за победнички дух во тимот. Бележи многу успеси како тренер.

Во 1970 год., на Европското првенство за јуниори во Хускварна - Шведска учествуваа тројца борачи на клубот, каде Павле Јованов беше втор, Јован Монев 4-ти, а Димче Ангелов беше 6-ти.

Истата година во Сојузната лига на Југославија во слободен стил, за првпат екипата „Рудар“ беше втора, затоа што загуби во последното коло од скопски „Вардар“, додека во грчко римски стил беше трета.

Во Борачкиот клуб „Бучим“ се враќа во два наврати: во 1980 година, кога е тренер една сезона, и во 2003 година кога се задржува до 2004 година, но без некој позначаен успех.

Денес е активно вклучен во работата на Стручниот совет на Федерацијата за борачки спортови на Македонија.



## ДИМЧЕ АНГЕЛОВ

24.05. 1949, Радовиш

